**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

**Филозофски факултет**

**Институт за Историја**

# ТАЈНОТО БУГАРСКО РЕВОЛУЦИОНЕРНО БРАТСТВО

(магистерска теза)

Ментор:

**Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев**

Кандидат:

**Ангелчо Ангелов**

**Скопје, 2014**

# ВОВЕД

Македонското револуционерно и националноослободително движење од крајот на XIX и почетокот на XX век со својата комплексност, побудува голем интерес за истражување во Македонија, но и надвор од нејзините граници. Како резултат на тоа до денес се создадени голем број научни дела кои го обработуваат македонското револуционерно движење во глобала. Меѓутоа, одредни сегменти кои се тесно поврзани со македонското револуционерно движење, особено оние со негативна конотација се само делумно засегнати, поради што до денес се уште не се сестрано и темелно обработени. Таков е случајот и со **Тајното бугарско револуционерно братство,** кое било формирано во 1897 година во Солун.

Братството било создадено во проегзархиските средини под менторство на Егзархијата и бугарската влада, при што одржувало тесни врски со Врховниот македонски комитет (ВМК) во Софија. Првично Братството било создадено да ја „корегира“ дејноста на Тајната македоноодринска револуционерна организација (ТМОРО) и да ја „одврати“ од „погрешниот пат“ по кој врвела. Но бидејќи неговите основачи биле родум Бугари и Македонци проегзархиски настроени, неговата дејност била насочена во прилог на бугарските цели и интереси во Македонија. Оттука дошло во судир со Македонската револуционерна организација. За остварување на своите вистински намери, Тајното братство претендирало да игра улога на втора револуционерна организација во Македонија. За време на две и пол годишно постоење (март 1897 – септември 1899 година), Братството настојувало да привлече што повеќе приврзаници во внатрешноста на Македонија, да и парира на дејноста на МРО, и да ги преземе нејзините позиции. Најмаркантна личност во Братството бил неговиот претседател Иван Гарванов, кој бил доста амбициозен и револуционерно настроен при што се обидувал да ги достигне височините на МРО.

Поради својата активност, Братството се нашло во непријателски односи со МРО, но подоцна било принудено да капитулира и да се слее со неа, што се покажало многу штетно за првата.

Тајното бугарско револуционерно братство во македонската историографија, повеќе, или помалку е само парцијално засегнато во трудовите кои се занимават со истријата на МРО во Предилинденскиот период. Прв кој што пројавил интерес за расветлување на дејноста на Братството е Крсте Битоски. Овој автор во 1975 година во списанието „Историја" ја објавил статијтата „Дејноста и улогата на Револуционерното братство во Македонската револуционерна организација". Значајно внимание на Тајното бугарско револуционерно братство, му посветил и професорот Ванчо Ѓорѓиев во своите монографии „Слобода или смрт. Македонското револуционерно ослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903)", и „Подземната република. Дамјан Груев и македонското револуционерно движење". Кај другите автори, кои се занимават со оваа проблематика дејноста на Братството се споменува само во фрагменти. Сличен (нецелосен) третман Тајното бугарско револуционерно братство има и во бугарската историографија која се занимава со македонското револуционерно движење. Во таа смисла неизбежно треба да се споменат авторите Христо Силјанов, Дојно Дојнов и Константин Пандев. Притоа се чини последниот е најтемелен. Одредени сознија за активноста на Братството се среќават во речиси сите статии во кои предмет на обработка е Иван Гарванов. Поаѓајќи од фактот, дека досега во историографијата не постои ниту еден научен труд кој сестрано го обработува Тајното бугарско револуционерно братство, во консултации со проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев се одлучив тоа да биде предмет на проучување во нашиот магистерски труд. Се надевам дека со тоа ќе дадам скромен придонес за збогатување на сознанијата во врска со оваа прашање.

Овде чувствувам потреба да изразам благодарност до професорот д-р Ванчо Ѓорѓиев, кој како ментор на овој труд со неговите сугестии и предлози ми помогна при разјаснувањето на одредени дилеми во врска со Братството и при конечното методолошко обликување на овој магистерски труд.

Глава I

# ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА ЕГЗАРХИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНИОТ ПОГЛЕД КОН МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

**1.** Во 1870 година Бугарите во Осмалиската империја добиваат своја самостојна црква во ликот на Бугарската Егзархија. Со тоа се чини дека било затворено прашањето за православното население во Македонија кое не успеало да добие своја автокефална црква во ликот на Охридската архиепископија. Со тоа поголемиот дел од македонското православно население ќе се најде пред алтернатива, дали да остане под јуриздикција на Цариградската патријаршија или да се приклучи кон Егзархијата.[1] Пред изборот на „двете зла", македонското православно население започнало да се определува за „помалото зло".[2] Пресудно влијание при тоа одиграл фактот што, Бугарската егзархија заради црковно – словенскиот јазик била поблиску до македонското население, отколку Цариградската патријаршија, во која се практикувал грчкиот јазик. Така една по една македонските епархии започнале да се приклучуват кон Егзархијата.[3]

Според членот 10 од ферманот за основање на Егзархијата, нејзина прва епархија во Македонија била Велешката, додека за прв егзархиски архиереј во Македонија бил назначен архимандритот Дамаскин во 1872 година.[4] Исто така членот 10 од споменатиот ферман допуштал можност кон Егзархијата да преминат и

[1] Славко Димевски, Просветната политика на Егзархијата и училишните Бунтови во Македонија, Скопје, „Култура", 1960, 8.

[2] Исто, 9.

[3] Исто.

[4]Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893 – 1903 година ), „Табернакул", Скопје, 2003, 98.

оние епархии каде 2/3 од населението ќе се изјасни за тоа.[5] Врз основа на тоа, нешто подоцна во 1874 година, Егзархијата успеала да издејствува султански берат за уште двајца егзархиски владици во Македонија, за Охридската и за Скопската епархија.[6] Натанаил Кучевишки бил назначен на Охридската епархија, додека Доротеј Скопски на Скопската епархија.[7] За време на Руско – турската војна споменативе егзархиски архиереи биле „компромитирани“ во очите на османските власти и затоа биле протерани од Македонија.[8] Па поради тоа условите за дејствување на бугарската пропаганда и ширењето на просветната политика на Егзархијата во Македонија биле редуцирани. Во периодот од 1878 до 1890 година, Егзархијата немала ниту еден митрополит во Македонија.

Во прилог на просветната политика на Егзархијата во Македонија било создавањето на Кнежеството Бугарија во 1878 година, и обединувањето на кнежеството со автономната провинција Источна Румелија во 1885 година.[9] Разнишаните позиции на Егзархијата во Македонија, а со тоа и на бугарската пропаганда ќе се обиде да ги консолидира младото кнежество, преку директна подршка на егзархиските црковно – училишни општини во Македонија.

Во периодот на Источната криза македонските градови и села биле зафатени со економска криза поради воените дејствија во регионот. Црковно – училишните општини во Македонија предводени од граѓанскиот елемент биле ослабнати. Затоа голем број на учители ја напуштиле работата и заминале надвор од Македонија. Поради тоа се јавила потреба од нов просветен кадар. Оваа поволна клима ја искористила Егзархијата, при што биле праќани учители во Македонија родум

[5] Лапе Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел , (трето дополнето и проширено издание), Скопје, 1975, 166 – 167

[6] Александар Трајановски, Бугарската егзархија и македонското национално – ослободително движење ( 1893 – 1908 ), „Култура“, Скопје, 1982, 35.

[7] Исто.

[8] Исто, 36.

[9] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 99.

Бугари, а истите биле прифаќани од месното население.[10] Набрзо Егзархијата со помош на бугарската влада успеала да отвори повеќе училишта во Македонија, во кои предимство се давало при изучувањето на бугарскиот јазик и историја. Така во учебната 1880/81 година била отворена Солунската машка гимназија, наредната учебна година се зародува и женското класно училиште во Солун, а после гимназија.[11] Во рамките на училиштата биле отворани и интернати од затворен тип, кои се покажале како погодни места за воспитување на учениците во бугарски национален дух.[12] На тој начин, Егзархијата за да ги врати изгубените позиции во Македонија се ориентирала кон просветната дејност.

Во 1881 година, бугарскиот министер за надворешни работи В'лкович, изготвил правилник за финансирање на црковно – просветната активност на Егзархијата во Европска Турција.[13] Кон крајот на истата година, Наум Спространов, поднел до министерот на надворешни работи и вероисповед на Бугарија – Константин Стоилов, проект – правилник за уредување и управување на црковно – училишните општини во Македонија.[14] Овие два документа ги искористил К. Стоилов при изработката на документот за пропагандно дејствување во Македонија, поднесен до кнезот Александар Батемберг во јануари 1883 година.[15]

Според овој документ Бугарија треба да претставува „Пиемонт" за бугарската народност во Македонија.[16] Всушност било потребно да се убеди сето население во Македонија, дека Кнежеството е единствениот природен и активен заштитник на Македонија. Според овој документ, секој Македонец треба да е вдахновен во мислата

---

[10] А. Трајановски, Бугарската Егзархија..., 37.

[11] Албумъ – алманахъ „ Македонија", Урежда редакциненъ комитетъ, Фондация ВМРО, София, 1931, 82.

[12] А. Трајановски, Бугарската Егзархија..., 37.

[13] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 99.

[14] А. Трајановски, Бугарската Егзархија..., 40.

[15] Македонија во билатералните и мултилатералните договори на Балканските држави 1861 – 1913 – документи (редакција и коментар Михајло Миноски ), Скопје, „Матица македонска", 2000, 285 – 292.

[16] Според овој документ Бугарија се сметала за „Пиемонт" на бугарите во Македонија, во смисла дека италијанската провинција Пиемонт силно влијаела во обединувањто на Италија. Исто, 288.

дека во Софија се грижат за неговата судбина, за неговата сегашност и за неговата иднина.[17] Со тоа целта на владата на Кнежеството била, кај населението во Македонија да побуди и развие чувство на бугарска самосвест.[18] А за да се оствари таа цел, треба да се постигне успех во училишното дело. Оваа задача бугарската влада и ја доверила на Егзархијата, која што ја сметала за најкомпетентна, да го раководи народното будење во Македонија и Одринскиот вилает.[19] Притоа Егзархијата имала одврзани раце во работата со училишното дело во Македонија, но требало да внимава на лицата кои ќе бидат испраќани за учители.[20] Нивната задача била да го воспитуваат младото поколение во бугарски патриотски дух. Кај своите воспитаници и кај целото население да ја вкоренат идејата дека неговото височество бугарскиот кнез е господар на целиот Бугарски народ, кој е способен да го оствари обединувањето на Бугарскиот народ.[21] А за да се постане целта, потребниот буџет за остварување на просветната политика на Егзархијата во Македонија требало да биде обезбеден од владата на Кнежеството.[22]

Документот за пропагандно дејствување во Македонија на К. Стоилов почнал да дава резултати. Во 1883/4 година при Егзархијата во Солун бил формиран училишен оддел кој требало да раковди со бугарското образование во Османлиска Турција.[23] Училишниот оддел требало да го контролира трошењето на средствата добиени од Бугарското кнежество за црковно – просветните потреби во Македонија, да ја унифицира образовната материја, да воспостави општ ред и т. н.[24] На тој начин Егзархијата воспоставила контрола врз црковно училишните – општини кои биле

---

[17] Исто.

[18] Исто, 290.

[19] Исто, 290 – 291.

[20] Исто, 291.

[21] Исто.

[22] Исто.

[23] А. Трајановски, Бугарската Егзархија..., 42.

[24] Албумъ – алманахъ „ Македонија"..., 82.

под нејзина јуриздикција, а со тоа се претворила во чисто бирократско одделение на бугарското министерство за надворешни работи.[25]

Иницијативата и макотрпната работа на бугарската влада во соработка со Егзархијата по однос на пропагандната дејност во Македонија, преку просветната дејност конечно била прецизирана во една програма. Советот на министри на Бугарија во 1890 година формирал комисија, која поднела специјална програма во 10 точки за просветната политика на Егзархијата во Македонија. Таа подоцна бил усвоена од страна на Народното собрание во Софија.[26] Според првата точка од програмата, бугарската влада наредува да се помагаат Македонците што живеат во Цариград, да се бдее над нив за да не потпаднат под влијание на разни агитатори и да се основаат еснафски кафеани чии што сопственици ќе бидат родени Бугари.[27] Во седмата точка е јасно наведен начинот како треба да се изведе просветната политика во Македонија. За учители во Македонија треба да бидат назначувани само родени Бугари, додека за учители по турски јазик да бидат назначувани лица влијателни кај османлиските власти. Учениците кои што ќе завршат гимназија во Македонија, доколку не сакаат да добијат повисоко образование, да им се даваат должности во Бугарија, но ако го прифатат учителскиот повик, по четиригодишна пракса во Бугарија, да се назанчуваат за учители во нивните родни места.[28] Во последната точка е наведено како треба да се однесува и која му е должноста на егзархиското духовенство во Македонија. Тоа било должно да ги уништува разните форми што постојат во Македонија, а не постојат во Бугарија. Повисоките власти биле должни да бдеат за точно исполнување на горенаведената програма.[29]

За да биде реализирана погоре споменатата пропагандна програма на бугарската влада и просветната политика на Егзархијата во Македонија, во текот на 80 – тите и 90 – тите години од XIX век биле отпуштани големи финансиски

---

[25] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 100.

[26] Исто; С. Димески, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија..., 12.

[27] С. Димески, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија..., 12.

[28] Исто.

[29] А. Трајановски, Бугарската Егзархија..., 43.

средства. Со текот на годините тие достигнале и до речиси еден милион левови. Во периодот од 1879 – 1881 година Кнежеството за пропагандна активност во Македонија одвојувало по триесетина илјади лева, веќе за во 1882 година буџетот бил зголемен на 100 000 лева.[30] Во 1883 година, за црковно – просветната активност на Егзархијата, Кнежеството Бугарија одвоило 200 000 лева, а според други податоци 248 000 лева.[31] Но, веќе во во 1896/97 година буџетот за потребите на просветната егзархиска политика во Македонија достигнал до 972 915 лева.[32]

Како што биле зголемувани финансиските средства, така се зголемувал и бројот на егзархиски училишта во Македонија. За годината 1885 како бугарски училишта биле третирани 250 основни училишта, кои биле посетувани од 14 824 ученици. Од овие училишта 187 со 10 127 ученици биле издржувани од општините.

---

[30] Исто, 44.

[31] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 101.

[32] Постојат податоци за суми кои што достигнуваат и до 5 500 000 лева за годините 1890/91, 1891/92, 1892/93 година. Тешко е за верување дека во тој период бугарската влада би можела да одвои вакви фантастични суми за пропагандно дејствување во Македонија, па дури тоа да е од витално значење за надворешната политика. На овие податоци не може да им се верува затоа што не се од релевантен извор кој што реално може да посведочи за релната финансиска моќ на Кнежеството. Кај Славко Димески, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија..., 13, е потенцирано дека ваквиот документ кој што ги содржи овие податоци се наоѓа во „Диполоматскиот архив на Српската влада" во Дубровник, но за документот нема дадено податоци за неговото постоење. Исто така С. Димески наведува дека за пропагандна активност во Македонија од буџетот на Кнежеството отпаднале рекордни 25%. Додека пак Александар Трајановски, Бугарската Егзархија..., 44, податоците ги превзема од непроверен српски извор кај Иван Иванић, Из црквене историје Срба у Турској у XVIII и XIX веку, Београд и Нови Сад, 1902, 126. Кај Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или Смрт..., 101, сумите за финансиите на бугарската влада за пропагандно дејствување во Македонија достигнуваат до нешто помалку од 1 000 000 лева што повеќе соодветствува на реалната состојба. Овие податоци тој ги извекува од микрофилмувани збирки во Архивот на Македонија, поточно од фондот на Бугарски Генерален Конзулат во Солун. Со оглед на фактот дека, податоците кај В. Ѓорѓиев, се од бугарска провениенција, истите ги сметаме за релевантни, наспроти сумите што се наведени кај С. Димески и А. Трајановски, кои се извлечени од српски документи, кои за оваа проблематика никако не може да бидат релевантни.

Најголем процент од овие ученици биле сместени во пансиони (интернати).[33] Во учебната 1891/92 година во Македонија имало 478 егзархиски училишта кои што биле посетувани од 21 070 ученици, а ним им предавале 743 учители.[34] Во 1896/97 година во Македонија имало 696 егзархиски училишта. Бројот на учители бил зголемен на 1 081, додека настава посетувале 25 787 ученици.[35] За учебната 1899/1900 година пак бројот на егзархиски училишта во Македонија бил зголемен на 781, а бројот на егзархиски учители на 1 221, при што настава посетувале 25 944 ученици.[36] Според тоа со текот на годините бројот на учениците значително се зголемувал, а со тоа се јавила потреба за отворање на нови училишта и притоа биле вработувани нови учители, некои од нив биле новодојденци од Бугарија а други поранешни ученици од споменативе училишта.

За да ја зајакне својата позиција во Македонија, Егзархијата не бирала средства како ќе го оствари тоа. Затоа не треба да зачудува ни фактот што токму во Македонија за учители и управувачи со егзархиските училишта биле испраќани видни личности од општествениот, политичкиот и културно – обрзаовниот живот на Бугарија. Во тој ред се нашол и некогашниот министер во бугарската влада Михаил Сарафов, кој што извесен период бил директор на Солунската машка гимназија, потоа Н. А. Начов поранешен околиски началник во Ихтиман, Васил К`нчов кој бил бугарски географ, етнограф и политичар и т. н. Васил К`нчов со изјавата дека „дошол за учител во Солун да ја бугаризира Македонија“,[37] неформално го изнел ставот и целта на бугарската влада и Егзархијата кон Македонија и македонското прашање. Тенденцијата за именување на проверени учителски кадри пред се дојденци од Бугарија продолжила, но имало и учители од Македонија кои што претходно веќе биле ученици во споменативе училишта. Тие најчесто предавале во училишта

[33] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 101.

[34] Александар Трајановски, Бугарската Егзархија..., 77.

[35] Исто.

[36] Исто.

[37] Основането на ВМРО (Изъ запискитѣ на Иванъ Х. Николовъ), сообщава Хр. Шалдевъ, Ил. Илинденъ VIII/1 (71), София, 1936, 4.

надвор од своите родни места. Бугарските дојденци постојано се подигрувале со чувствата на интелектуалците – Македонци, кои се спротивставувале на бугарската асимилаторска политика.[38] Тие постојано ги исмевале Македонците дека имаат слаб (бугарски) патриотизам со фразата – „ќе ми дадеш пари ќе се чинам Бугарин".[39] Од друга страна пак ги уценувале со зборовите – „ние ве храниме, храни куче да те лае и т. н.".[40] Истите тие учители од страна на В. К`нчов биле прогласени за „сепаратисти", поради што биле преместувани од Солун или биле отпуштани од работа, принудувајќи ги самите да си поднесат оставки.[41] Ваквиот однос на учителите Бугари кон учителите Македонци го засилил антиегзархиското и антибугарското движење во егзархиските училишта во Македонија. Сето тоа ќе претставува предуслов за појава на македонското националноослободително движење и појавата на Македонската револуционерна организација (МРО).

За време на режимот на Стефан Стамболов (1887 – 1894), Бугарија се нашла во меѓународна изолација, период кога во голема мера биле ограничени акциите на бугарската политика во Македонија.[42] Но туркофилската политика на Стамболов допринела бугарската пропаганда во 90 – тите години од XIX век да се стекне со нови бенефиции во корист на разгранувањето на егзархиската црковно-просветна мрежа во Македонија.[43] Така во 1890 година Егзархијата добила султански берати за митрополити во Скопската и Охридската епархија.[44] Во 1891 година, од великиот везир Ќамил – паша било издејствувано ираде со кое во Солунскиот и Битолскиот вилает на сите оние што сакаат да преминат од Патријаршијата кон Егзархијата, тоа

---

[38] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 100.

[39]Основането на ВМРО (изъ запискитѣ на Иванъ Х. Николовъ)..., 4.

[40] Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници, превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓорѓиев, „Табернакул", Скопје, 2006, 51 – 52.

[41] Исто, 51.

[42] Димитар Димески, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893 – 1903), второ издание, Скопје, НИО „Студентски збор" 1982, 19.

[43] Исто; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 102.

[44] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 102.

да го сторат без никакви пречки.[45] Додека пак во пролетта 1894 година Егзархијата добила султански берати за митрополити за уште две епархии, Велешката и Неврокопската.[46] Во 1897 година, Егзархијата добила уште три берати за свои митрополити во Битолската, Дебарската и Струмичката епархија.[47] Во меѓувреме постепено било издејствувано признавање на егзархиски наменсници и во останатите осум егзаргиски епархии во Македонија: Костурската, Леринската, Воденската, Солунската, Кукушката, Серската, Мелничката и во Драмската.[48] Според тоа Егзархијата имала свои епархии речиси во цела Македонија. Сите овие бенефиции доделени од страна на османлиските власти, на Егзархијата и овозможиле да ги зацврсти своите позиции и успешно да ја продолжи нејзината просветна политика во Македонија, а тоа значело голем  напредок за бугарската пропаганда при остварувањето на големобугарските идеи.

**2. 1.** Широката распространетост на Егзархиската црковно – просветна мрежа во Македонија и нејзините обиди за побугарување на македонското население предизвикало големо незадоволство и отпор, пред се во егзархиските училишни установи. Отпорот бил манифестиран неколку години пред појавата на МРО. Првиот посериозен отпор против егзархиската црковно – просветна политика во Македонија се случил во учебната 1882/83 година. Професорот Трајко Китанчев и дректорот на Солунската машка гимназија Божил Рајнов се залагале за децентрализација на училишното дело, посебно по прашањата за карактерот на образованието и методите на наставата.[49] Притоа тие двајца секоја недела или за време на празник оделе во новоизградената црква Св, Кирил и Методиј, каде што Т. Китанчев го толкувал евангелието и држел проповеди на чист македонски дијалект, завршувајќи

---

[45] Христо Шалдевъ, Екзархъ Иосифъ I за задачата на Екзархията следъ 1878 година, Ил. Илинденъ, VIII/2 (72), София, 1936, 4.

[46] Исто.

[47] Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878 – 1903, Издателство „Гутенберг", София, 2000, 27.

[48] Исто.

[49] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 116.

со зборовите „Браќа има крај на тешкотиите и неволјите. Амин".[50] Поради ваквата активност, Китанчев и Рајнов биле сменети од нивни должности. На местото директор на Солунската егзархиска гимназија за учебната 1883/4 година бил назначен Георги Кандиларов, егзархиски послушник и спроведувач на бугарската политика. Состојба што ќе предизвика ученички бунт во гимназијата против директорот.[51] Случајно или не во тој период, во Солун во егзархиската машка гимназија се школувале Ѓорче Петров и Пере Тошев. Ѓ Петров инспириран од активноста на Т. Китанчев и на директорот Б. Рајнов, како четворокласник пишувал анонимни писма за весникот Балкан, во вид на протест против егзархиската црковна политика во Макдонија.[52] Покрај дописките до весникот Балкан, Ѓорче се зафатил да пишува и една брошура против состојбите во гимназијата. Но дел од материјалите паднале во рацете на директорот Кандиларов, при што Ѓорче ја изгубил стипендијата.[53] Заедно со П. Тошев и Андреј Љапчев и со уште единаесет други соученици обвинети за настанатиот бунт, биле исклучени од гимназијата.[54]

Ескалација на настаните во Солунската гимназија против егзархиската црковно – просветна политика ќе настане во учебната 1887/88 година, кога повторно бил кренат ученички бунт. Политичко – партиските пресметки кои што се случиле во Бугарија помеѓу русофилите и русофобите се пренеле и во Солунската

---

[50] Исто.

[51] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 110.

[52] Ѓ. Петров во своите спомени наведува дека писмата за весникот Балкан започнал да ги пишува кога бил во петти клас. Спомени на Гьорчо Петровъ, Съобщава: Любомиръ Милетичъ, Материяли за историята на македонското освободително движение, Книга VIII, София, 1927. Според Гане Тодоровски, Ѓ. Петров писмата ги испраќал кога бил четврти клас. Тој дава хронолошки редослед на школувањето на Ѓ. Петров. „Во Битола учи втори клас. Во Прилеп го учи третиот клас, 1882/3 во ново основаната гимназија. Меѓутоа, четвртиот клас го учи во Солун, каде во 1883 година доаѓа. Таму ќе остане се до 1885 година, т. е. до половината на шестиот клас, кога бидува исключен заради ученичките бунтови. Петров Ѓорче, Македонското ослободително дело, (редакција: Гане Тодоровски), „Мисла", Скопје, 1971. Сличен став зазема и Д. Димески, Македонското националноослободително ..., 118, белешка 40.

[53] Спомени на Гьорчо Петровъ ..., 5.

[54] С. Димески, Просветната политика на Егзархијата и училичните бунтови во Македонија..., 24.

гимназија. Русофилите се држеле до Егзархијата, а русофобите до бугарската влада на премиерот С. Стамболов.[55] Главната цел на овие „партии" била на своја страна да ги поведат децата од гимназијата.[56] Пресметките помеѓу русофилите и русофобите, на учениците во Солунската гимназија ќе им дадат можност за остварување на нивните барања.[57] Главната причина за учеството на учениците во бунтот била „неможноста да ја следат наставата на бугарски јазик и истиот да биде заменет со македонски дијалект".[58] Но во суштина бунтот бил кренат против директорот Кандиларов и асимилаторската политика на бугарската влада во Македонија, која сакала од Македонците да направи Бугари. Подршка за бунтот и влијание врз учениците имале од економит во училиштето Темко Попов, кој бил тесно поврзан со српскиот конзул во Солун, Петар Карастојановиќ. По се изгледа Т. Попов дејствувал во корист на српската пропаганда во Македонија.

Епилогот од бунтот не бил поволен ниту за директорот Кандиларов, ниту за учениците. Под влијание на црковно – училишната општина во Солун, Кандиларов бил разрешен од функцијата, воспитувачит во пансионот Радивоев бил повикан во Цриград од страна на Егзархот, а тројцата учители Александар Кулев, Коста Шахинов и Георги Попов (поттикнувачите на бунтот) биле вратени на работа.[59] Иако навидум изгледало дека Егзархот ги задоволил барањата на побунетите, сепак тој презвемал репресивни мерки против нив. За нов директор на Солунската гимназија бил назначен Никола А. Начев, а воспитувачот Радивоев повторно бил вратен на работа.[60] Најпрво осуммина ученици биле исклучени од гимназијата, додека на повеќето им било намалено поведението или им биле одземени стипендиите за школување. Целиот пансион бил казнет со забрана за излегување во град во период

---

[55] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 111.

[56] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, „Матица Македонска", Скопје, 1997,17.

[57] Исто.

[58] Исто.

[59] Исто, 18.

[60] Н. А. Начов бил познат по својот непријателски став кон Македонија. Исто, 19; С. Димески, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија..., 26.

од една година.[61] Како резултат на овие казнени мерки изречени од Советот на Солунската гимназија поголем број на ученици во знак на протест го напуштиле школувањето. Па така вкупниот број на исклучени ученици достигнал 38, кои што биле принудени да бараат алтернатива за продолжување на своето образование.[62]

Со посредство на српскиот конзул Петар Карастојановиќ повеќето исклучени ученици од Солунската гимназија, своето образование го продолжиле во Белград. Во текот на 1888 година српската пропаганда од Македонија успеала да врбува 33 ученици.[63] Истите тие ученици по завршувањето на своето образование во Белград требало да се вратат во своите родни места и да работат во корист на српската пропаганда во Македонија.[64]

Училишните бунтови во Солунската гимназија пред формирањето на МРО претставуваат почеток на една активна борба против егзархиската асимилаторска политика на Бугарската егзархија и обидите на бугарската влада да создаде Бугари во Македонија.

**2. 2.** Пристапот на Егзархијата кон училишното дело во Македонија, Д. Груев го согледал уште за време на неговото учителствување во Прилеп во учебната 1892/93 година. Интересни информации за тоа добиваме од неговата преписка со прилепчанецот Никола Дејков, негов поранешен другар од Софија. Во писмото од 18. 11. 1892 година, Даме го известува Н. Дејков за неговото назначување за учител во Прилеп при што требало да помине низ разни митарствата преку владици и комисии за да дојде до место во Прилеп. „Тука се насладувам со едно прилично спокојство од виш надзор". Понатаму во писмото Д. Груев иронично пишува. „Но да видиме до кога тоа ќе трае, затоа што Прилеп е, како што сведочат каде мајмунот не играл.[65] Тој правел напори за отворање на неделно училиште, но за жал не располагал со средства што ќе ја покријат работата на учителите. Таму за кратко време сфатил

[61] С. Димевски, Просветната политика на Егзархијата и училичните бунтови во Македонија..., 26.

[62] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 19.

[63] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 111.

[64] Исто. В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 20.

[65] Даме Груев – Спомени. Кореспонденција, Предговор, съставителство и бележки: Цочо Билярски, Библиотека „Памет", София, 1999, 109.

дека во Прилеп простор за поширока револуционерна дејност не постои. Затоа во писмото пишува: „Токму сега се уверив, за полна среќа човек не треба да мечтае, бидејќи тоа е далеку од нашата планета".[66]

Д. Груев со големо внимание ја следел состојбата во Прилепската егзархиска црковно – училишна општина, но во принцип стоел настрана од случувањата внатре. Изборот на нов општински совет во Прилеп не донел ништо ново. Најавените промени во прилепската општина според Д. Груев претставуваат „замена на алвациите (Хаџи Здраве, Бомбол и Небреклија) со бозациите (Н. Крапчев, Аце Трпев, татко му на Дудев, Јован Фукара, Богдан и уште некои други.), кој од кол кој од ортома".[67] Затоа тој смета дека преку ваквиот избор на новиот општински Совет и превирањата што се случиле за време на изборите „злото не се лекува", туку преку побудените граѓани им дава надеж на просветителите.[68] Објавувајќи се како неутрален за време на изборите, Даме ја согледал движечката сила на народот. Затоа неслучајно по формирањето на МРО, Д. Груев со неговите приврзаници ќе превземат иницијатива за завладување на егзархиските црковно – училишни општини.[69] Затекнувајќи ја состојбата во Прилеп, во писмото од 20 мај 1892 година Д. Груев му пишува на Н. Дејков: „Без сомнение првенствено ќе му го оддадеме на Прилеп како на светилник како што го епитетизираат учените луѓе. Но, според мене не треба да се трудам да зборувам за него, затоа што ако има убиено место во нашиот вилает за да покрене иницијатива и за утеха на просветителите за полезноста на нивниот труд, тоа во прв ред ќе е Прилеп".[70] За ваквата сосотојба во Прилеп, Д. Груев понатаму во писмото пишува: „Никаде на друго место не сум забележал дека вискомерието, прикриената омраза и приклонението на парите нашле почва за виреење, како во нашата „Германија". Водени од нивната жед за лична благосостојба, не би направил грев, ако ги вбројам кон живите претставници на семитското колено.

[66] Исто, 110.

[67] Исто, 113.

[68] Исто, 114.

[69] Ѓорѓиев Ванчо, Подземната република – Дамјан Груев и Македонското револувионерно движење, Табернакул, Скопје, 2010, 75.

[70] Даме Груев – Спомени. Кореспонденција..., 116.

Нивната општествена дезорганизација најдобро се согледува во секоегодишното опаѓање на училишниот буџет. Ако има некој кој го претпочита општото добро пред своето, тоа е или по грешка, или од желбата за ознаменување на епохата на неговото управување во споредба со неговиот омразен претходник, а не зошто е трогнат од полезноста на добродетелството ... Ете тоа се резултатите на нашите пожртвуватели во дополнување на расположеноста на масата кон новите учења. Само немој да си составам исто мислење и за другите места, кои сепак се утешителни во споредба со очекувањата од Прилеп.".[71] На крајот на учебната 1892/93 година, Д. Груев ја напушта учителската работа во Прилеп и заминува во Солун, каде што се вработува како коректор во печатницата на К. Самарџиев.[72] Во писмото од 28 јули 1893 година адресирано до Н. Дејков, Д. Груев пишува: „Трудот, постојноста, умереноста, а најмногу верата во идеалот карпи разрушува. Се може да се приведе кон исполнување, но и малку да се награди на крајот. При таа преданост на парата, ропска потчинетост на модата и разнежнетост и при содејство на слични соработници, те уверувам, сосема слаб успех може да се постигне. Најпрвин на човекот му претстоело да ги привлече симпатиите на идните колеги, со чија што помош му престои да работи, но како ќе може тој да ги трогне, кога со предупредување го пресретнуваат... Останува да се пригграби таинственоста, но за жал во Прилеп такво нешто неможе да постои...".[73] Иако Даме со тага гледа во разнишаната состојба во Прилеп, сепак не губи надеж дека нештата можат да се поправат. Затоа понатаму во писмото пишува: „Надежта нека не се губи, само едно коренито преобразување во учителскиот состав би требало да проследи наскоро".[74]

Иако доста млад, Д. Груев сосема реално ја согледал состојбата во Прилеп. Ништо подобра не била ситуацијата и во останатите делови на Македонија. Затоа тргнува во мисија да бара начини сето тоа да биде корегирано. Престојот во Солун ќе

---

[71] Исто.

[72] Църнушанов Коста, Новооткрити писма на Дамян Груев, Известия на Института за военна история. Военно-историческо научно дружество, т. 47, София, 1989, 224.

[73] Исто.

[74] Исто, 225.

му овозможи поголеми можности за револуционерна активност, од која што наредната есен ќе се изроди МРО.

**3.** По обединувањето на Провинцијата Источна Румелија со Кнежеството Бугарија во 1885 година и неговото потврдување со Топханенскиот акт од 1886 година, бугарската политичка елита добила одврзани раце за конкретен пристап кон македонското прашање.[75] Поради леснината со која било извршено обединувањето, апетитите на бугарските кругови се зголемиле при што се јавиле надежи за слично обединување со Македонија.[76] Затоа на Егзархијата преку својата разгранета мрежа во Македонија и е оставен простор да подготви терен за повторување на ваквиот чин.[77] За таа цел на Егзархијата и биле дадени одврзани раце за нејзината пропагандно-просветна дејност во Македонија и полна морална, финансиска и дипломатска поткрепа од страна на бугарската влада.

Просветната политика на Егзархијата во Македонија и обидите за бугаризирање на македонското население претставувале главен мотив на бугарската пропаганда. Главна цел била на македонското население да му се вдахне бугарско национално чувство и смаосвест. Најдобар начин тоа да се стори е просветата и вероисповеста. Затоа Егзархијата праќала „Бугари за Македонците да ги прават Бугари"[78] и архиерејски намесници да придобијат што поголем број на верници „приврзаници". Притоа, основна преокупација на Егзархијата била развој на просветното дело во Македонија и создавање колку што може побројна бугарска интелиганција[79] задоена со пробугарски идеи, која што подоцна ќе послужи за нејзино „ослободување од прангите на вековното ропство". Исто така Егзархијата се залагала за создавање на услови за ширење на нејзините позиции во Македонија се додека целата територија не премине под нејзина јуриздикција.[80] Со текот на

[75] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 18.

[76] Исто, 18 –19.

[77] Исто, 19.

[78] Крсте Битоски, Македонија и Кнежеството бугарија (1893 – 1903), ИНИ, Скопје, 1977, 14

[79] К. Пандев, Националноосвободителното..., 36.

[80] Исто.

годините егзархиската просвета и образование во Македонија завземале сè поголем замав. Притоа македонската интелигенција и Македонците во Македонија од страна на бугарската влада и Егзархијата биле третирани како второстепени во однос на Бугарите дојденци.[81] Во таа насока дел од македонската интелигенција се освестила и започнува активна борба против дејноста на Егзархијата и бугарската пропаганда во Македонија. Резултат на сето тоа е појавата на македонските револуционерни дружини во Бугарија, како предвесници на револуционерно движење во Македонија. Брзиот развиток на МРО и нејзиното масовно прифаќање од страна на македонското население, кај бугарските кругови, бугарската влада и Егзархијата предизвикало чувство на загрозеност да не бидат изгубени тешко добиените позиции во Македонија. Затоа со сите сили се ангажирале да го превземат во свои раце македонското револуционерно движење и да го претстават како свое, всушност да го насочат во правец на борба за идно присоединување кон Бугарија.[82]

[81] К. Битоски, Македонија и кнежеството Бугарија ... 14.

[82] А. Трајановски, Бугарската Егзархија..., 53.

Глава II

# МАКЕДОНСКАТА РЕВЛОУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА (МРО) И НЕЈЗИНИОТ ОДНОС КОН ЕГЗАРХИСКАТА ЦРКОВНО – ПРОСВЕТНА ПОЛИТИКА ВО МАКЕДОНИЈА

## Појава и развој на Македонската революционерна организација (МРО)

**1.** Како резултат на неподносливата состојба на македонското население во Европска Турција, попагандите на соседените земји и пошироко и желбата за формирање на самостојна дажава, група македонски интелектуалци ја формирале Македонската революционерна организација ( МРО ).

Основачкиот состанок се одржал во Солун на 23. 10/4. 11. 1893 година во станот на Христо Батанџиев.[83] Покрај домаќинот Х. Батанџиев на состанокот учествивале: Даме Груев, Иван Хаџи Николов, Петар Поп Арсов, Христо Татарчев и Андон Димитров. На состанокот била разгледана општата ситуација во Македонија и притоа било констатирано дека положбата на населението била неподнослива.[84] Дискусијата добила широки размери: од борба за реализирање на членот 23 од Берлинскиот договор[85] по легален начин до идејата за формирање на тајна револуционерна организација.[86] Според Христо Татарчев, групата се конституирала како друштво без протокол, без да изберат раководител, како претседател и сл. Притоа на средбата не била востановена никаква формалност, како клетва или слично, за да бидат членовите лично обврзани да дејствуваат за делото.[87] Иако од

[83] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 128.

[84] Исто.

[85] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 139.

[86] Тие сметале дека би било безуспешно по легален пат да се бара од османлиските власти имплементација на реформи за подобрување на положбата на населението во Македонија, сметајќи дека тоа до тогаш требало да биде сторено. Затоа единствен начин преостанал тоа да се стори по револуционерен пат. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 130.

[87] Димитар Димески, Гоце Делчев, „Матица македонска“, Скопје, 1994, 42.

овој собир немало никакви протоколи или други пишувани документи, сепак во историската наука, истиот се смета за основачки состанок на МРО.

Вистинското конститирање на МРО станало во почетокот на јануари 1894 година.[88] На оваа втора средба, покрај другото, било разгледано прашањето околу црковно – просветната политика на Егзархијата во Македонија. Па според Иван Хаџи Николов „сите оние што ја подржувале централистичката егзархиска политика треба да се сметаат за непожелни, додека оние што биле за децентрализација на црковно – училишното дело во Македонија да се сметаат за погодни и да се посветат во револуционерната идеја".[89] Неговиот предлог бил прифатен, а на Петар Поп Арсов му било наложено да напише брошура под наслов „Стамболовштината во Македонија", со цел за разобличување на политиката на Егзархијата која се претворила во бирократско одделение на софиското надворешно министерство.[90]

На средбата било расправано врз основа на кои принципи ќе биде формирана револуционерната организација. Девизата била: примена на решенијата од Берлинскиот договор.[91] За да биде поедноставено тоа, бидејќи членот 23 од Берлинскиот конгрес бил доста апстрактен за народот, била прифатена „една попластична фигуративна формула – автономија на Македонија во нејзините географски и етнографски граници".[92] Преку автономија би се оцртале границите на Македонија во рамките на Османлиска Турција, за да не можат Србија, Бугарија и Грција да бараат дел од неа.[93]

Името на новосоздадената Организација било утврдено како „Македонска револуционерна организација" (МРО), на чело со „Централен македонски

---

[88] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов ..., 1997, 42.

[89] Мѣрки за засилване на Революционната организация (Из запискитѣ на Ив. х. Николовъ) – Съобщава Хр. Шалдевъ, Ил. Илинденъ VIII/2 (72), София, 1936, 6.

[90] Исто; В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 42.

[91] Спомени на Д. Груев, И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, Ј. Сандански, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, (Редакција: Иван Катарџиев), „Култура", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 1995, 98.

[92] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 131.

[93] Документи за борбата на македонєкиот народ за самостојна и национална држава, том 1, Скопје, 1981, 322.

револуционерен комитет" (ЦМРК).[94] За седиште на ЦМРК бил одреден градот Солун. Во ЦК влегле сите основоположници на МРО.[95] За претседател на ЦК на МРО бил избран д-р Христо Татарчев, а за секретар и благајник бил избран Даме Груев. Исто така била донесена едногласна одлука за изработка на Устав и Правилник на Организацијата, чија што задача му била доверена на Петар Поп Арсов.[96] Во тој момент при рака имале еден том од „Записките" на Захарија Стојанов и од таму го зеле за образац уставот на „Бугарскиот револуционерен комитет", за новиот нацрт – устав на МРО.[97]

Во прв момент за вклучување на Одринско во програмата на МРО не станувало збор. Таа идеја била прифатена подоцна.[98] Од причина што положбата на христијанското население таму била неподнослива, пред се на бугарското, која што не се разликувала во ништо во однос на македонскиот народ.[99] Воедно од друга страна, колку повеќе сојузници во борбата против Османлиската власт, толку поуспешна борба.

**2.** По контстуирањето на МРО, практичната работа понатаму тргнала побрзо. Главната цел била примање и покрстување на нови членови во Организацијата, а понатаму и ширење на разграноци во внатрешноста на Македонија. На почетокот тие дејствувале многу претпазливо. Се агитирало поединечно, а кога избраниот кандидат ќе созреел давал „заклетва" и бил покрстуван.[100] Се правел строг избор на луѓе од градовите кои што ќе бидат покрстени, а бил покрстуван и по некој селанец.[101] Главни жаришта на Организацијата во Солун биле: Солунската машка

[94]Първиятъ централенъ комитетъ на ВМРО, Спомени на д-р Х ристо Татарчев, съобщава Л. Милетичъ, Издава „Македонскиятъ Наученъ Институтъ", София, 1928, 103.

[95] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 134.

[96] Исто.

[97] Първиятъ централенъ комитетъ на-ВМРО..., 103.

[98] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 134.

[99] Исто.

[100] Христо Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, том I, Издателство на Илинденската Организация, София, 1933, 42.

[101] Исто.

гимназија, книжарницата на И. Х. Николов, Вардарската црква и Бошњак – ан на Васил Мончев.[102] Агитацијата и покрстувањето за влез на нови членови во Организацијата било на задоволително ниво. Но имало и случаеви кога некои личности манифестирале дволичност и воздржаност, плашејќи се за својата кариера пред егзархиските црковно – училишни власти. Таков е примерот со Димитар Мирчев кој што пред Д. Груев се кичел дека го движат „старите идеали", но најверојатно тоа го прави единствено од забава. Од друга страна со сите се претставувал дека е добар, но на сите би им подготвил бездна.[103] Подоцна тој ќе влезе во проегзархиските кругови и ќе постане активен член на „Тајното Бугарско револуционерно братство". Христо Матов од страна на Д. Груев и И. Х. Николов, бил сондиран уште во Сер додека бил директор на Серското педагошко училиште. Но Матов не се согласил да влезе во Организацијата за да остане верен на себе. Притоа неговиот одговор гласел: „ќе си помислам".[104] Но веќе следната 1895 година, Матов влегува во редовите на МРО.

Пред Велигден, основоположниците на Организацијата одржале заседание, на кое било решено секој од нив да направи обиколка во внатрешноста на Македонија. Целата била да можат да стапат во непосреден контакт со познати луѓе за да биде овозможен побрз раст на организациската мрежа. Притоа Х. Татарчев, требало да ги посети реоните по линијата Солун – Кукуш – Дојран, Д. Груев реоните по линијата Солун – Воден – Битола, а И. Х. Николов Солун – Криволак – Градско – Велес – Скопје.[105]

За време на распустот 1894 година, Д. Груев ја напуштил работата кај Коне Самарџиев во Солун.[106] Во согласност со ЦК на МРО тргнал во опширна обиколка на Македонија.[107] Целта на Груев била да помине низ повеќе места во Македонија и да

---

[102] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 146 – 147.

[103] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893 – 1903 (Поглед низ документи), Матица македонска, Скопје, 2013, 46 – 47.

[104] Мѣрки за засилване на Революционната организация..., 6.

[105] Исто, 7.

[106] Спомени на Д. Груев..., 99.

[107] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 118.

ги запознае тамошните луѓе, за да подготви терен за револуционерното движење. При обиколката, Груев посетил повеќе градови и села. Секаде каде што поминал бил пречекан со симпатии при што оставил револуционерен белег и притоа успеал да формира револуционерни комитети во повеќе градови и села (Кавадарци, Ваташа, Прилеп, Битола и т. н.)[108] во внатрешноста на Македонија. Со тоа успеал да го посее семето на Револуционерната организација.

Трендот на формирање месни комитети на територијата на Македонија продолжил. Есента 1894 година по иницијатива на Д. Груев бил формиран месен комитет во Штип, каде што за претседател бил избран Тодор Лазаров.[109] Струмичкиот месен комитет бил формиран во текот на 1895 година по иницијатива на Стојан Ѓорѓиев, кој што бил избран за претседател на комитетот.[110] Првиот месен комитет во Кукуш го сочинувале: Којо Бучков, Туше Гугушев, Христо Влахов и Христо Хаџи Дељов. А во комитетот во Воден членови биле: Димитар Хлебаров, Гацо Саракинчев, Христо Нејков, Христо Хлебаров и Насо ( Атанас ). Комитети на МРО биле формирани и во Серскиот санџак но нивниот развој се движел со побавно темпо. Додека пак за организациска поставеност на МРО во Драмскиот санџак во овој период не може да станува збор, заради малубројното македонско христијанско население.[111]

МРО иако била релативно млада организација, претендирала да прерасне во масовна Револуционерна организација која што ќе работи за ослободување на Македонија од Османлиската власт. Со тек на времето месни комитети биле формирани речиси на целата територија на Македонија. Во периодот од 1894 до 1896 година на територијата на Македонија се издигнале три револуционерни центри: Битола, Штип и Солун.[112] Поставеноста на комитетите барала една поголема и поконкретна организациска поставеност и консолидирање на редовите внатре во МРО. За таа цел во 1896 година бил одржан Солунскиот конгрес и притоа била

---

[108] Исто, 118 – 124.

[109] Исто, 135.

[110] Марија Пандевска, Струмички револуционерен округ (1893 – 1903), ИНИ, Скопје, 2002, 63.

[111] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 163 – 177.

[112] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 126.

направена нова административно–територијална поделба на организационата територија на револуционерните окрузи.[113] Момент што ќе даде нов правец во внатрешната организација на МРО.

## Борбата на МРО за превземање на контролата во егзархиските црковно – училишни општини

По формирањето на МРО, нејзиниот развој тргнал по нагорна линија. Во Солун агитацијата за покрстување на нови членови одела доста успешно. Веќе бил отворен патот кон дејствија за зајакнување на позициите и активно ширење на Организацијата.

На самиот почеток МРО се пројавила како неформална групација со претензија да се наметне во егзархиските црковно – училишни општини во Македонија, па затоа не случајно била титулирана како „сепаратистичка".[114] Во писмото од 07/19. 02 1894 година адресирано до Никола Дејков, Д. Груев јасно потенцира дека: *егзархиската управа на училиштата во Македонија штетно влијае за земјата и е способно да ја исцадува земјата од нашите млади сили и да го ослабува духот меѓу позадржаното население.*[115] Затоа потребно е активно да се работи меѓу населението во Македонија, за да се воздигне неговото чувство на самосвест. Па според Д. Груев се започнува од училиштата, бидејќи таа тема може да биде достапна за секого.[116] Понатаму тој продолжува: *Но, тоа не значи уште од сега со бајрак да се пороповеда. За некое време се стремиме тајно да пропагираме, додека се подзасилиме, но и за да не им дадеме можност на непријателите да се вардат и да ни пречат.*[117]

Според Д. Груев, прво дело на Организацијата е отварањето на „Неделното училиште" како продолжение на Вечерното. Притоа директорот на Солунската

[113] Исто.

[114] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893 – 1903..., 47.

[115] Исто.

[116] Исто.

[117] Исто.

гимназија М. Сарафов правел напори Вечерното да го стави под своја контрола, но безуспешно.[118] Факт е дека во почетокот на февруари 1894 година Неделното училиште функционирало иако датумот за неговото отворање не е познат.[119] Одлуката за отворање на Неделното училиште била донесена на едно од заседанијата на шестмината основачи на МРО. Целта била да се испита ставот и духот на кандидатите за членови на МРО, а потоа да се посветат во тајните на Организацијата. За раководители на Неделното училиште биле назначени Д. Груев и Лазар Димитров.[120] Предавањата во Неделното училиште биле водени од Л. Димитров и Иван Ачков, учител во централното основно училиште во Солун. Неделното училиште било сместено на најгорниот кат во објект прилепен до црквата Св. Димитрија.[121] Неделното училиште во Солун претставувало трн во око за директорот на Солунската гимназија, па преку забрана на учителите од основните училишта да држат предавања во училиштето се обидел да ја оспори неговата работа.[122] Програмата на Неделното училиште се состоела од основни курсеви по читање и сметање, кои што претставувале основа за опстојување на училиштето. Всушност таму во прв ред се држеле предавања за Француската револуција, за обединувањето на Италија, за Гарибалди, за востанија и ослободителни движења и т. н.[123] Во првите денови од работата на Неделното училиште имало повеќе од 60 слушатели. Откако било констатирано дека во Солун постојат солиди услови за агитација и успех на револуционерното дело, по двомесечна работа, МРО го затворила училиштето.[124]

---

[118] Исто.

[119] Со тоа паѓаат во вода тврдењата на Л. Димитров дека Неделното училиште било отворено по Велигден. ( Види: Лазаръ Димитровъ, Презъ време на учителствуването ми въ Солун, Ил. Илинденъ, XIV/10 (140), София, 1942, 5.)

[120] Мѣрки за засилване на Революционната организация..., 6.

[121] Л. Димитровъ, Презъ време на учителствуването ми въ Солун..., 5.

[122] Исто.

[123] Мѣрки за засилване на Революционната организация..., 6.

[124] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 115.

Пред Велигден 1894 година во Солун биле одржани избори за советници при бугарската црковно - училишна општина. Поради фактот што, Солунската егзархиска општина претставува важен центар во Македонија од каде што може да се дејствува и влијае врз учителите, свештениците и солунските првенци, творците на МРО одлучиле да предложат листа на кандидати на претстојните избори на чело со д-р Х. Татарчев. Иако МРО била млада организација, а нејзината револуционерна ориентација се држела во длабока тајност, листата што таа ја поддржала во Солун, освоила дури 90% од гласовите.[125] Меѓутоа, проегзархиските кругови, кои дотогаш ја имале контролата во Солунската црковно – училишна општина, со помош на Егзархијата не можејќи да се помират со поразот и издигањето на една нова млада група на луѓе, кои според нив дотогаш биле маргиналци по секоја цена настојувале да ги игнорираат резултатите и да го оспорат правото на новоизбраната општина. Поради тоа наместо да биде конституиран новиот црковно – училишен совет, по десет месечно чекање, Егзархијата изготвила нов правилник за избор на советници. Но и при повторените избори победила листата предводена од д-р Х. Татарчев.[126] Авторитетот на МРО дотолку пораснал пред граѓаните на Солун во однос на проегзархиските структури, што и предвидувал светла иднина на Организацијата при постигнувањето на зацртаните цели и предизвици.

Иако не бил потврден новоизбраниот совет во солунската црковно – училишна општина, сепак тој ги превзел ингеренциите по однос на црковно – училишното дело. Директорот на Солунската гимназија, М. Сарафов не ја признавал новоизбраната пансионска комисија. Затоа општината со писмо ја известила Егзархијата дека ќе ги прекине сите односи со училишниот оддел, па дури и со самата Егзархија, затоа што таа самата му била наклонета на директорот М. Сарафов.[127] Во меѓувреме архимандритот Козма Пречистенски заминал во Цариград со цел да ја претстави положбата во Солун пред Егзархот, но, најверојатно тој не ја прикажал вистинската слика на ситуацијата таму. Бидејќи неговата положба пред К.

[125] Мѣрки за засилване на Революционната организация..., 7.

[126] Исто.

[127] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 147.

Самарџиев била разнишана, тој морал да ѝ угодува на МРО со цел да ја задржи својата позиција во Солун. К. Пречистенски, незнаејќи ги вистинските намери на МРО, сметал дека поддршката преку општините ја добивал заради негова милост.[128]

Бидејќи, кај народот самодовербата и единството биле разнишани, МРО започнала активна борба за преземање на црковно – училишните општини во Македонија, а со тоа и контролата врз црковно – училишното дело. Целта била да се покрене свеста на македонското население и тоа да се поведе во револуционерна борба со сопствени сили, без да очекува тоа да го стори некој друг во негово име. Тоа бил единствениот начин затоа што народот бил плашлив и не прифаќал ништо доколку се работи против законот.[129] Според Д. Груев, прво во секој град и село требало да се преземе управувањето во егзархиските црковно-ушилишни општини, притоа да бидат искоренети неподобните (проегзархиски настроените) и наместо нив да бидат вовлечни луѓе на Организацијата. Очигледно според Д. Груев, контролата врз црковно – училишните општини во Македонија престставувало приоритет на Организацијата, нешто што подоцна било потврдено и на Ресенското советување.[130]

За време на празникот Успение на пресвета Богородица на 15/27 август 1894 година, кога било закажано осветувањето на новата црква во Ресен започнало Ресенското советување, кое што траело три дена. Советувањето било одржано во куќата на Татарчеви во Ресен.[131] На советувањето учество зеле: Христо Татарчев, Даме Груев, Анастас Лозанчев, Георги Пешков, Александар Чакаров, Григор Попев, Александар Хаџи Панов, Тодор Станков, Атанас Мурџев, Славејко Стрезов, и Трајко Доревски.[132] На средбата и се дава регионален карактер, затоа што на советувањето

---

128 Исто.

129 Исто, 148.

130Вардарски, Стамболовштината во Македонија..., 25.

131Во мемоарската литература оваа средба се именува и како конгрес, меѓутоа за историската наука, станува збор за советување од регонален карактер, а не за конгрес. Д. Димески, Македонското националноослободително..., 171, белешка 161, В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 123-124, белешка 81.

132 Д. Димески, Македонското националноослободително..., 172 – 173.

учесниците биле исклучиво од Битолскиот вилает. Но според расправата што била водена и одлуките што биле усвоени му се дава поширок размер и се однесува на МРО во целина. Притоа, самото присуство на Х. Татарчев и Д. Груев покажува каква релевантност му придавал ЦК на МРО на ова советување.[133]

По тридневната расправа биле донесени следнива одлуки: 1. Македонија да биде поделена на револуционерни реони, и во секој од нив да биде поставено авторитетно лице, 2. Материјални средства да бидат собирани не само од членовите на Организацијата, туку и од лица надвор од неа кои го симпатизираат делото, 3. Во егзархиските црковно – училишните институции да се провлечат што е можно повеќе свои луѓе или симпатизери на делото, 4. Пропагандата да биде засилена со месни весници и револуционерна литература.[134]

Според тоа на Ресенското советување бил даден важен сигнал за инфилтрирање на луѓе блиски до Организацијата и нејзини симпатизери во црковно – училишните општини, пред се оние што биле под раководство на Егзархијата, за да може да се искористи постојната егзархиска црковно-просветана инфраструктура за ширење на револуционерните идеи на македонското ослободително движење.

Борбата за превземање на црковно – училишните општини од Солун се проширила и во другите градови во Македонија. Бранот наречен МРО што го зафатило населението во Македонија ги принудило егзархиските владици и управители на црковно – училишните општини да превземат репресивни мерки, со цел зачувување на црковно – училишното дело во Македонија под капа на Егзархијата. Велешкиот митрополит Авксентиј сериозно ја сфатил опасноста од МРО по бугарската пропаганда во Македонија. За да не допушти сериозно навлегување во општината на членови на Организацијата и нејзини симпатизери, тој започнал да ги отпушта и гони сите прогресивни учители што сметал дека работеле против воздигнувањето на бугарската мисла во Македонија“.[135] Превентивно, на

---

[133] Исто, 172; В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 125.

[134] Първиятъ централенъ комитетъ на ВМРО..., 104; Д. Димески, Македонското националноослободително..., 173-174; В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 125-126.

[135] Славко Димевски, Историја на Македонската православна црква, Македонска книга, Скопје, 1989, 635.

новонзаначените учители во велешката црковно – училишна општина им барал да потпишат изјава дека не членуваат во МРО или некоја друга антибугарска организација. На крај, плашејки се од избори во општината, на своевиден начин ја суспендирал црковно – училишна општина и останал да управува апсолутистички со црковно – училишното дело во градот.[136] По овие постапки на велешкиот владика, борбата на МРО во Велес за превземање на црковно – училишната општина се одвивала со несмален интензитет, каде што најмногу се истакнале Андон Шулев и Јордан Шурков.[137]

Прилепската црковно – училишна општина имала црковно – просветна автономија и сама финасиски ги издржувала своите училишта, несакајќи во тој поглед да зависи од Егзархијата или некој друг надворешен фактор. Единствено директорот бил плаќан од Егзархијата.[138] Настојувањето на Егзархијата потполно да го контролира училишното дело во Прилеп, а воедно и во цела Македонија, ја довеле во ситуација да не бира средства за остварување на зацртаните цели.[139] Затоа, Егзархијата инсистирала на централизација за да може да ги назначува учителите. Од друга страна, Прилепската општина пак настојувала да ја зачува автономноста за да ја одбегне зависноста од Егзархијата при назначувањето на учителите.[140] За одбраната на овој принцип особено се залагал Петар Поп Арсов. Подршка добил од членовите на општината, а се судрил со училишното настојателство.[141] За да обезбеди непречени услови за работа по однос на делото, но и да не бидат оставени писмени документи што би и наштетиле на Организацијата, П. П. Арсов не доставувал извештаи за дејноста на прилепските училишта. Поради тоа училишното

---

[136] Исто.

[137] А. Трајановски, Бугарската Егзархија..., 114.

[138] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 69.

[139] Во прв ред овде спаѓаат грчката и српската пропаганда. Христо Шалдевъ, Градъ Прилѣп за своитѣ училища, Македонски преглед, I/2, София, 1924, 39.

[140] Исто 39 – 40.

[141] Петар Поп Арсов инсистирал на автономија на прилепската црковно – училишна општина со цел непречено да бидат привлечени што повеќе нови членови во редовите на МРО. В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 68.

настојателство и се пожалило на општината за ваквата постапка на П. П. Арсов.[142] Од тој временски период е зачувано едно негово писмо, од 22. V 1896 година во кое се жалел на прилепската општина за раздорите меѓу учителите предизвикани од В. Црвенков и притоа барал негово казнување.[143] Петар Поп Арсов, исто така, не му дозволил на главниот егзархиски училишен инспектор В. К'нчов да изврши инспекција на прилепските училишта со образложение дека „прилепските училишта се автономни", а финансискиот терет за нив го сносела општината. Притоа В. К'нчов побарал да влезе како приватно лице, при што му било дозволено.[144]

Дејноста на П. П. Арсов во Прилеп претставувала своевиден ризик по училишното дело на Егзархијата. Затоа следната година бил преместен од должноста во Прилеп. За учебната 1896/97 година на местото директор на прилепските егзархиски училишта бил назначен Благој Калејчев.[145]

Настојувањето на Егзархијата за гушење на автономијата на црковно – училишната општина и воспоставување на централизирана контрола не престанала тука. Со цел да го намали влијанието на МРО среде прилепското граѓанство и да го блокира делегирањето на учители на Организацијата во општината, во 1897 година распишала избори за членови во општинскиот совет. За избор на членови во советот набрзина била приложена само една листа и тоа од страна на Егзархијата.[146] Но прилепското граѓанство било упорно во своите напори за така лесно да не ја предаде автономноста на општината. За таа цел била подговена една граѓанска листа за советници во општината, која настапила со своја програма. На изборите победила граѓанската листа, при што за извесен период делумно била зачувана автономноста на црковно – училишното дело во Прилеп.[147] Борбите за зачувување на автономијата на прилепската црковно – училишна општина продолжиле со несмален интензитет и понатаму.

---

[142] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 194.

[143] Исто; В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 68.

[144] Исто, 69.

[145] Исто.

[146] А. Трајановски, Бугарската Егзархија..., 113.

[147] Исто, 113-114.

Во Битола главен проблем за дејствувањето на МРО претставувал новоназначениот пелагониски митрополит Григориј, поради неговиот апсолутистички начин на управување со Охридската епархија. Знаејќи со каков човек си има работа, битолското граѓанство поттикнато од МРО веднаш протестирало кај Егзархијата за ваквиот потег, заканувајќи се дека не гарантираат за неговиот живот. На ваквата акција на битолското граѓанство, а со цел да ја парализира работата на Организацијата во Битола, Григориј одговорил со отпуштање и преместување на учители блиски до Организацијата.[148] Како резултат на активностите што ги превзел Григориј против Организацијата, последната го организирала битолското граѓанство на бојкот против него. На адреса на митрополитот пристигнале и закани по неговиот живот, дури на едно заседание на ЦК на ТМОРО, тој бил осуден на смрт. Но по интервенција на П. Тошев казната била заменета со условна смртна казна, а отпуштените учители биле вратени на работа.[149] Со тоа, Организацијата во Битола успеала да воведе некаков баланс, но не и целосна контрола врз црковно – училишната општина.

Од црковно – општинската управа, борбата за контрола на црковно – училишното дело се префрлила директно во самите училишта изразена преку училишните бунтови.

Гимназиите во Македонија претставувале најголем расадник за посевање на семето на МРО. Од самото создавање на МРО Солун претставувал центар на Организацијата. Додека Солунската егзархиска гимназија била местото од каде што призлегле најголем број револуционери, дел како наставници, а дел како ученици кои што уште од самите почетоци биле непосредно сврзани со Организацијата. Во кругот на Солунската гимназија биле формирани ученички кружоци кои што биле тесно поврзани со МРО, а веќе формираните биле во тесна корелација со Организацијата. Индиректно со кружоците управувале учителите револуционери од Солунската гимназија.[150] Ваквите ученички кружоци имале за задача активно да ги

---

[148] С. Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 637.

[149] Исто.

[150] С. Димевски, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија..., 34.

бранат правата на учениците во училиштата и притоа при најмало отстапување од постојните правилници, тие биле спремни да покренат бунт против управата.[151] Зад таквите бунтови вообичаено стоела МРО, која практично ги „злоупотребувала" учениците за да ја исфрли на површина неподобноста на назначените и дојдените од надвор, бидејќи нивните интереси биле поинакви од оние на МРО и воопшто на македонското население.

Напнатата атмосфера во Солунската гимназија резултирала со бунт во учебната 1894/95 година. Главната причина за кревање на бунтот била суровата дисциплина во гимназијата и интернатот воведена од страна на директорот Михаил Сарафов.[152] Стравот предизвикан од револуционерно настроение кај учениците од гимназијата го навело директорот Сарафов да превземе ригорозни мерки менувајќи го училишниот правилник. Според тоа на учениците им било строго забрането да излегуваат од училиштето без придружба на воспитувачите, но и да се собираат меѓусебно во кругот на гимназијата.[153] Револтот кај учениците од ваквите мерки на директорот Сарафов станувал се поголем. Капак на се била постапката на Сарафов како акт на непослушност да го исклучи ученикот Гиновски од гимназијата во период од еден месец. Причина за тоа било што Гиновски побарал од воспитувачот Василев да оди во тоалет, но тој не го пуштал сметајќи дека има друга намера во молбата за излегување. По третиот обид да добие дозвола за излез, Гиновски ја напуштил училницата, а воспитувачот го пријавил кај Сарафов.[154] Овој момент всушност претставува и повод за кревање на бунтот.

На ваквата одлука на Сарафов, ученичкиот кружок веднаш остро протестирал но тој не попуштил. Затоа учениците од VII клас се мобилизирале и во знак на протест ги напуштиле гимназијата и интернатот и се распрснале по солунските анови. Поради ваквиот акт на учениците, директорот Сарафов веднаш реагирал и ја променил казната на Гиновски.[155] Бунтот во гимназијата веќе добивал на

[151] Исто.

[152] Исто.

[153] Исто, 35.

[154] Исто.

[155] Исто.

интензитет, а јасна била и подршката од учителите членови на МРО, па затоа тие ги прошириле своите барања за промена на новиот училишен правилник.[156] На Сарафов му станало јасно дека зад овој бунт стоел надворешен фактор, бидејќи учениците без никаква материјална подршка не би можеле да престојуваат во градот. Од друга страна, бунтот би добил широки размери доколку бунтаџиите добијат подршка и од солунското граѓанство. За да ги смири страстите Сарафов попуштил пред барањата на учениците.

Училишниот бунт од учебната 1894/95 гидина претставувал увертира пред наредниот голем бунт на учениците во Солунската гимназија што се случил во учебната 1896/97 година.

Паралелно со веќе постоечкот ученички кружок во Солунската гимназија подржан од МРО, бил формиран и ученички кружок подржуван од наставниците егзархисти. Притоа двата кружоци биле спротивставени. Кружокот подржан од МРО бил наречен „революционерен", додека членовите на кружокот подржани од проегзархиските структури биле наречени „еволуционисти". Истовремено така биле поделени и наставниците во гимназијата.[157] Водач на револуционерниот кружок бил Христо Узунов, кој што ќе биде предводник на учениците и на идниот ученички бунт.[158] Поради несогласувањата во ставовите на кружоците во гимназијата, периодот меѓу двата бунта бил доста тензичен и напнат. Учениците револуционери дури ги избегнувале учениците еволуционисти, а во некои наврати и физички се пресметувале.[159] Атмосферата станала толку напната што само се чекал моментот кога водата ќе ја прелее чашата.

Од друга страна пака страстите ги подгревала и Егзархијата поради фактот што голем дел од учениците во Солунската гимназија биле револуционерно

---

[156] Исто, 36.

[157]Револуционерниот кружок дејствувал под непосредно менторство на Даме Груев кој што во тој период бил училишен инспектор во Солун. Димитар Мирчев, Спомени, (предговор и редакција д-р Зорн Тодоровски), Издава: Државен архив на Македонија, Скопје, 2010, 78 – 79.

[158] Христо Андонов – Полјански, Христо Узунов – Драмата во Цер, Завод за заштита на спомениците на културата и народен музеј – Охрид, Охрид, 1985, 23.

[159] С. Димевски, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија..., 38.

настроени и активно се приклучувале кон револуционерниот кружок. Секако главен улога во тоа имале револуционерно настроените наставници. За да го спречи тоа, Егзархијата превзела ригорозни чекори со тоа шти ги бркала револуционерно настроените наставници, или пак ги преместувала во други градови.[160] Ваквиот потег на Егзархијата побудувал револт кај револуционерно настроените ученици. Во една конфликтна ситуација околу наставата помеѓу наставникот Благој Димитров – револуционер и наставникот по цртање Ангелов – еволуционист, Егзархијата застанала на страната на Ангелов, а Б. Димитров го преместила во Одрин. Преместувањето на Б. Димитров во Одрин било криено од учениците под изговор дека тој е болен за да не настане револт кај нив. Но по три недели тајната била откриена од страна на наставниците Ѓ. Петров и Д. Коцев.[161] Овој настан всушност претставувал повод за кревање на нов ученички бунт во Солунската гимназија.

Утредента на 7. II 1897 година на часот по минеролигија ученикот Нацев поради нетрпеливоста со наставниците од спротивниот табор, застанал и му рекол на наставникот Лука Димитров да си го собере каменот по минерологија, бидејќи: „Сега е време за револуција". Случајот веданаш бил пријавен кај директорот А. Наумов.[162] За кратко време учениците од I до VII клас се собрале во салонот на гимназијата го пречекале директорот А. Наумот со громогласни извици „Долу, долу".[163] Директорот А. Наумов за да ја смири ситуацијата дал образложение пред разбунтуваните ученици дека одлуката за префрлување на наставникот Б. Димитров во Одрин била сосема исправна. Но наместо да ја ублажи ситуацијата, учениците се обиделе физички да се пресметаат со него, па дури и да го убијат.[164] Плашејќи се за својот живот, директорот А. Наумов се затворил во гимназијата и во консултации со

[160] Исто, 40.

[161] Иван Гарванов – Спомени, документи, материали, Съставители: Валентин Китанов и Цочо Билярски, Македонски научен институт, София, 2005, 47.

[162] Спомени на Гьорчо Петровъ, Съобщава: Любомиръ Милетичъ, Материяли за историята на македонското освободително движение, Книга VIII, София, 1927, 31.

[163] Павел Шатев, В Македония под робство, Солунско съзаклятие (1903 г.), Издателство на Отечествения фронт, София, 1983, 33.

[164] Иван Гарванов – спомени, документи, материали..., 47.

наставникот Христо Ганов, побарал интервенција од полицијата. На гимназијата веднаш и се заканувал клуч на врата, но по интервенција на Ѓ. Петров до тоа не дошло, а на директорот А. Наумов му било овозможено да ја напушти гимназиската зграда.[165] Очигледно, Ѓ. Петров кој бил длабоко инволвиран во бунтот, одглумил улога на спасител на ситуацијата. По овој настан бунтаџиите ги зазеле гимназијата и пансионот без никаква интервенција на училишните воспитувачи и притоа правеле планови како да ги изнесат барањата пред егзархискиот пратеник.[166]

Во име на Егзархијата интервенирал управникот на училишниот оддел, Лазаров. Тој веднаш се јавил во општината и јасно предупредил дека бунтот е дело на МРО.[167] Но, општината во Солун во најголема мера се состоела од луѓе на самата Организација, па неговите закани и предупредувања не можеле така лесно да поминат.

Преку поодделно сослушување на учениците, Лазаров се обидел да направи раздор меѓу учениците, но нивните искази биле идентични. Сите нивни искази се сведувале против директорот А. Наумов за кого сметале дека бил интригант. Притоа на нивна страна застанеле и учителите приврзаници на МРО.[168] За да го стави бунтот пред свршен чин, Лазаров го задржал А. Наумов, за директор на гимназијата, наставникот Б. Димитров останал во Одрин, а наставникот Ангелов бил отпуштен од работа. Од учениците единствено бил исклучен ученикот од VI клас Лазар Поп Трајков, но за кратко време бил вратен во гимназијата но како стипендист.[169]

По тринеделен прекин на наставата, наставниот процес во Солунската гимназија се вратил во нормален колосек.[170] Навидум изгледало дека барање оставка на директорот А. Наумов не било остварено. Па според тоа ситуацијата во Солунската гимназија останала status quo.

---

[165] Д-р Христо Татарчев, Вътрешната македоно - одринска революционна организация, Торино 1934 – 1936, Съставители: Цочо Билярски, Валентин Китанов, Македония прес, София, 1995, 65.

[166] П. Шатев, В Македония под робство..., 33.

[167] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно – одринска революционна организация..., 65-66.

[168] П. Шатев, В Македония под робство..., 38.

[169] С. Димевски, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија..., 42-43.

[170] Иван Гарванов – спомени, документи, материали..., 47.

Од друга страна јасно било ставено до знаење дека егзархиското црковно – училишно дело во Македонија било ставено на тест. МРО на секој начин се обидувала преку активна борба со егзархиските структури во Македонија да воспостави контрола врз училишното дело, без разлика дали борбата се водела во општините, училиштата или надвор од нив.

## Судирот на МРО со проегзархиските средини

Со втемелување на своите корени во Македонија, Егзархијата започнала активна црковно – просветна пропаганда во самите училишта за всадување кај македонското христијанско население бугарска национална свест. Со тоа непосредно подготвувала терен за великобугарските идеи и припојување на Македонија кон Бугарија. Антиегзархиската борба во Македонија започнала уште во осумдесетите години на XIX век, а на интензитет добила во почетокот на деведесетите години од XIX век со појавата МРО. МРО како револуционерна организација се залагала за политичка слобода на Македонија во нејзините природни граници со кревање на едно сеопшто народно востание.[171]

Во текот на своето дејствување во Македонија, Егзархијата за да ги постигне зацртаните цели испраќала свои луѓе, кои што си поигрувале со интелектуалните чувства на Македонците, обвинувајќи ги дека се просјаци и дека се продаваат за пари како цигани, грубо навредувајќи ги со зборовите „ќе ми дадеш пари ќе се чинам Бугарин“.[172] Додека пак Васил К'нчов отворено и без влакна на јазикот изјавил дека дошол во Солун да ја „бугаризира Македонија“.[173] Сите оние кои што и се спротивставиле на Егзархијата поради ваквата политика или биле отпуштани од

[171] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 149.

[172] Основането на ВМРО ( изъ запискитѣ на Иванъ Х. Николовъ )...,4.

[173] Исто.

работа или биле преместувани во зафрлени места како „неблагонадежни или сепаратисти“.[174]

Во почетокот на 90 – години од XIX век се појавуваат две спротивставени групации во Солун и тоа „проегзархиската“ и „сепаратистичката“, кои што имале сосема спротивставени гледишта по однос на црковно – училишното дело во Македонија и македонското револуционерно движење.[175] Па затоа помеѓу нив дошло до отворен конфликт кој што ќе трае со години.

Проегзархиската групација ја сочинувале лица претежно дојденци од Бугарија, испратени од Егзархијата како емисари, но и месни првенци, кои поради кариера, или пак други бенефиции биле проегзархиски настроен. Во прв ред во таа група спаѓале: Васил К'нчов;[176] Михаил Сарафов;[177] Н. Начев;[178] Андреј Тошев;[179]

---

[174] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 149.

[175] Исто.

[176] Васил Иванов К`нчов (Враца, 1862 – Софија, 1902) е бугарски етнограф, географ, историчар и политичар. Во 1888 година заминува во Солун каде што во Солунската машка гимназија предава хемија до 1891 година. Од 1891 до 1892 година е директор на егзархиските училишта во Серско. Во периодот 1892 – 93 година е директор на Солунската гимназија, додека од 1894 до 1897 година е главен училишен егзархиски инспектор во Македонија. Подоцна министер за народна просвета во владата на Стојан Донев. Негово Најзначајно дело е „Македонија. Етнографија и статистика“.

[177] Михаил Константинов Сарафов (Трново, 1854 – Софија, 1924) е бугарски просветен деец, политичар и дипломат. Во периодот од 1880 – 81 година бил министер на народното просветителство во владата на Петко Каравелов, а во 1884 година министер за финансии во владата на Драган Цанков. Од 1893 до 1896 година бил назначен за Директо на Солунската машка, а од 1894 година и на женската гимназија. Поради своите погледи влегол во отворен конфликт со МРО. Под влијание на дејците на Организацијата неговиот авторитет опаднал меѓу солунското граѓанство, поради што го напуштил Солун. Подоцна во владите на Стојан Донев ќе биде министер за финансии, а во периодот од 1904 до 1913 година бил дипломатски претставник во Виена и Цариград.

[178] Никола (Начо) Анастасов Начов (Ески Заара, 1853 – Стара Загора, 1916) е бугарски книжевник, општественик и политичар. Во периодот од 1879 – 84 година е околиски началник во Источна Румалија за градовите: Ихтиман, Нова Загора и Сливен. Од 1884 до 1885 година е главен секретар за внатрешни работи на Источна Румелија. Студира на историско – филолошкиот факултет во Санкт – петербург. За од 1888 до 1891 година е директор на Солунската машка гимназија. Тој воедно е и попознат по својот негативен став кон Македонија. Во 1908 година е избран за пратеник во Народното собрание на Бугарија.

Анастас Наумов;[180] д-р Неделко Колушев;[181] Иван Гарванов;[182] Коне Самарџиев[183] и други. К. Самарџиев никако не можел да се помири со фактот оти еден коректор од неговата печатница би можал да ужива поголем углед од него.[184] Вниманието на егзархистите било свртено кон крепење на црковно – училишното дело во Македонија во рамките на Егзархијата и обединување на народните сили против туѓите пропаганди (во преден план српската и грчката), додека „за другото кога ќе дојде време ќе сврши Бугарија со своите 200 000 штика".[185] Тие сметале дека крупните работи не се за коректори и учители, кои што надвор немале никаква

---

[179] Андреј Славов Тошев (Ески Заара, 1867 – Софија, 1944) е бугарски дипломат, политичар и премиер. Завршува природни науки во Женева и Брисел и во 1891 гедина е вработен како наставник во Солунската машка гимназија. Од 1903 до 1905 е трговски агент во Битола. Како дипломат, подоцна бил назначен во повеќе европски земји, за во 1935 година да биде избран за премиер на Бугарија.

[180] Анастас Наумов Високополски (Битола, 1861 – Софија, 1920) бил учител, публицист и општествен и революционерен деец. Завршува Богословско училиште во Самоков, а школувањето го продолшува во во Загреб на педагогија и во Виена на филозофија. Попознат е како директор на егзархиското училиште во Прилеп, Солунската егзархиска гимназија и на педагошкото училиште во Сер. Исто така тој е еден од основачите на Тајното бугарско революционерно братство во Солун.

[181] Неделко (Неделчо, Делчо) Николов Колушев (Бунархисар, 1870 – Софија, 1925), бил бугарски лекар, политичар, дипломат и деец на Тајното бугарско революционерно братство. Во 1898 година учествува во издавањето на хектографираниот весник на Братството „Борба". Подоцна бил бугарски дипломатски претставник во Солун, Битола, Цетиње и Цариград. Од 1910 до 1914 година бил бугарски полномоштен министер.

[182] Иван Георгиев Гарванов (Стара Загора, 1869 – Софија, 1907) бил егзархиски учител и дел од Егзархиската групација во Македонија, бугарски револуционер, основач и претседател на Тајното бугарско револуционерно братство, член и претседател на ТМОРО.

[183] Константин Георгиев Самарџиев (Прилеп, 1854 – Солун, 1912) бил македонски просветен деец, книшар, печатар и издавач во Солун. Член на Егзархиската групација во Македонија и член на Тајното бугарско революционерно братство. По саморастурањето на Братството влегува во редовите на ТМОРО.

[184] Тој коректор од книжарницата на К. Самарџиев бил Даме Груев. Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на на Македония..., 124.

[185] Исто, 123.

општествена положба.[186] Освен тоа во револуционерното дело не гледаат ништо друго освен преувеличување на млади „учителчиња".[187]

Втората спротивставена страна или т. н. „сепаратисти" од страна на Егзархијата и проегзархиските структури во Македонија, ја сочинувале членовите на ЦК на МРО и нивните приврзаници. Уште на самиот старт поради својата активност тие знаеле дека ќе се соочат со сериозни пречки од страна на Егзархијата, па затоа И. Х. Николов уште на почетокот барал сомисленици кои што ќе го подржат во нивните ставови.[188] Во принцип тие се залагале за децентрализација на црковно – училишното дело во Македонија. Овој предлог бил поднесен од страна на И. Х. Николов на јануарското заседание на МРО во 1894 година и истиот бил прифатен од членовите на Организацијата.[189] Па според тоа било евидентно дека помеѓу нив ќе избие конфликт. Исто така било решено, сите оние кои што ќе се изјаснат за егзархиската централистичка политика да се сметаат за непогодни, додека оние што ќе се изјаснат за децентрализација на црковно – училишното дело во Македонија за подобни, при што и ќе се посветат во револуционерното дело.[190]

Судирот на МРО со проегзархиските структури во Македонија поради спротивставените гледишта и интререси по однос на црковно – училошното дело бил на повидок. Затоа членовите на ЦК на МРО сметале дека егзархиската црковно – просветна политика во Македонија е опасна и претставува голем проблем по училишното дело. Притоа на јануарското заседание, на П. П. Арсов му било наложено да напише брошура под наслов „Стамболовштината во Македонија",[191] со цел да биде откриено вистинското лице на Егзархијата и нејзините намери и политики во Македонија.[192]

---

[186] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно – одринска революционна организация..., 32.

[187] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на на Македония..., 123.

[188] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 47.

[189] Мѣрки за засилване на Революционната организация..., 6.

[190] Исто.

[191] Исто.

[192] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 151.

Поради фактот што книшката „Стамболовштината во Македонија“ е пишувана по нарачка на ЦК на МРО, а нејзиниот автор П. П. Арсов, е еден од основоположниците на Организацијата и автор на првиот нацрт – Устав, таа претставува првостепен документ, во кој што јасно се отсликани ставовите на МРО кон бугарската црковно – просветна политика во Македонија.[193] Авторот книгата ја пишувал во време кога судирот помеѓу МРО и проегзархиската групација во Солун достигнал кулминација. Во тој период поларизацијата на наставниот кадар во Солунската гимназија била изразена до највисок степен. Од едната страна биле „наставниците од слободна Бугарија“ и некои благонадежни учители од Македонија што се држеле до Егзархијата, а од другата страна биле „неблагонадежните и сепаратистите“. Во прв момент Егзархијата сметала дека т. н. „сепаратисти“ имале за цел не со скриена намера да кренат револуција, туку да ги турнат егзархистите, за да се издигнат тие создавајќи си популарност и соборувајќи ги своите противници.[194] Односите помеѓу двете спротивставени групации уште повеќе биле заострени со доаѓањето на М. Сарафов на местото директор на Солунската гимназија, со претензии да биде еден вид губернатор на Македонија.[195] Притоа авторот знаејќи го односот на Егзархијата кон „неблагонадежните“ и „сепаратистите“ се потпишал со псевдонимот „Вардарски“, а како место на издавање била означена Виена, 1894 година, печатнца на „Браќа Попеви“.[196] Всушност брошурата била отпечатена во Софија од страна на И. Х. Николов.[197] По проучувањето на брошурата, голем дел од интелигенцијата во Македонија застанал на страната на МРО станувајќи нејзини членови, при што брошурата го постигнала посакуваниот ефект.[198]

Брошурата „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници“ го добила насловот според името на тогашниот бугарски премиер Стефан Стамболов. Авторот на книгата П. П. Арсов укажува на тоа дека се работи за безобѕирен начин на

---

[193] Вардарски, Стамболовштината во Македонија..., 26.

[194] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 48.

[195] Првиятъ централенъ комитетъ на ВМРО..., 105.

[196] Вардарски, Стамболовштината во Македонија..., 27.

[197] Мѣрки за засилване на Революционната организация..., 6.

[198] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 48.

владеење, само за постигнување на зацртаните цели. Преку распространетиот егзархиски апарат, Стамболовштината имала безброј претставници во Македонија. Тие преку црковно – училишните институции дејствувале во корист на бугарските политички интереси.

Авторот на книгата за ликот и суетата на Стамболов дава соодветен приказ. Тој вели: *импровизираниот „бугарски Бизмарк“ – дивиот Стамболов на прв план посака да го постави обединувањето на Бугарите... Тој тиранин, кој не остави ништо свето... неизвалкано, за задоволување на својата жед за власт посака да се послужи и со училишното дело во Македонија. Тој блудник, кој се поигра со честа, животот и имотот на своите сотатковци во кнежеството, посака да го направи истото и со нас Македонците во сопствената наша татковина – Македонија. И се најдоа ниски луѓе, од него изгонети од Бугарија, кои што ќе му услужат.*[199] П. П. Арсов за ваквата политика на Стамболов кон Македонија изразена преку своите сателити внатре, јасно става до знаење за неговите цели и намери. Во прв ред да го зграби црковно – училишното дело во Македонија, па дури и од рацете на Егзархијата, за тоа да постане под негова контрола. Момент што ќе предизвика конфлик и натпревар помеѓу началникот на училишниот оддел во Цариград, Лазаров и Егзархот за прибирање на што повеќе сопартизони во Македонија помеѓу општините.[200] Затоа во продолжение П. П. Арсов ќе каже: *Ете каде е клучот на лутата борба на тие разнобојни бугарски елементи во Македонија... Рибата од главата смрди. И додека таа глава не претрпи коренити операции, работите кај нас се ќе смрдат....*[201]

Заради тоа Македонците неможеле да гледаат *како довчерашните браќа си поигруваат со нивната татковина... тие јавно зборуваа дека... училишното дело во Македонија... го турка(ат) во пропаст, - дека тоа е претворено во поле, каде се случуваат големи неправди.* Затоа П. П. Арсов истакнува оти општините треба сами лека – полека да ги подржат училиштата и да и се дава предност на месната интелигенција, од чија средина да се избираат и учители, и директори, и

[199] Вардарски, Стамболовштината во Македонија..., 39.

[200] Исто, 47.

[201] Исто.

архимандрити, и владици и сл., и сл.[202] Поради таа причина учителите – Македонци кои го осудувале Одделот биле прогласени за *сепаратисти* и по таков начин биле преместувани од Солун, при што тие требало да си поднесат оставки како и што направиле.[203] Во замена на преместените или отпуштените учители – Македонци како замена биле доведувани двојно повеќе учители од Бугарија. За таквата збирштина од севозможни доктори и кандидати на науки требало да се најде соодветен авторитетен човек, за да држи респект над својата дружина. Тој човек бил во ликот на М. Сарафов, *кој што безмилосно го беше обземала финансиската болест.*[204] Нечекајќи долго време тој влегол во конфликт со Општината во врска со пансионската комисија и непријатностите во женската гимназија. Тој од чист инает не ја признавал ново назначената општинска комисија и наместо со 4 – члена продолжила со 2 – члена комисија да ги води пансионските работи. За него П. П. Арсов вели: *Сарафов е едно чудовиште... Тој окајан бивш министер дури си дозволил да бара луѓе по продавниците во Солун за да ја дополни својата осакатена комисија...*[205] Без разлика на се, Стамболовиот училишен оддел го прифатил начелото на езуитското движење, кое гласи: *целта ги оправдува средствата.* Така да: *ние немаме Училишен оддел во Цариград, кој ќе се грижи за добриот врвеж на училиштата во Македонија, туку чисто еден северенбугарски Езуитски одред со познатата задача... која во себе ја содржи тенденцијата да се создадат во Македонија Бугари!*[206]

За да биде парализирана работата на МРО во Солунската гимназија од страна на егзархистите било „одржано едно заседание" на кое присуствувале: Сарафов, К'нчев, Наследников и двете кутриња Ганов и Тошев. Но тоа што се зборувало на заседанието си останало меѓу нив. од тоа заседание се позмти само зборовите на К'нчов: *силни се, господа, треба да се превземат мерки. Но за делата и фактите не*

[202] Исто, 50 – 51.

[203] Исто, 51.

[204]Исто, 52.

[205] Исто, 53.

[206] Исто, 67.

*терба да зборуваме,* вели П. П. Арсов, тие се евидентни.[207] За таа цел во 1894 година К'нчов превзел една широка турнеја низ Македонија за да ги зацврсти своите позиции и да внесе страв чисто по Стамболовски. За превземените мерки против т. н. сепаратисти П. П. Арсов ќе каже: *Држи бај К'нчов! Сепаратистите се бунтуваат во твојата болна глава. Удрете по тие Проклети сепаратисти, бај Лазаров!*[208] Тежината на тој исклучителен, Стамболовски режим се чувствувал на секаде, каде имало егзархиски училишта и луѓе; во Одрин, Битола, во сиромашниот со Бугари Сер, во вечното зовриено Скопје каде благодарение на глупакот Максим, К'нчов слободно си го разигрува коњчето, а тој разрушувачки варварски режим тежи особено во Солун.[209] П. П. Арсов учителите во Солунската гимназија го дели во три категории, класификација поттикната уште од времето на Начев: привилегирани Северњаци, благоразумни Македонци и сепаратисти.[210] Одделот на љубезни чеда на Стамболовиот режим, раководени во Солун од Сарафов, на чиј режим привилигираните Северњаци се директни двигатели или индиректни служители... – тие се господари на Солунската гимназија и се слободни да фрлат по некој навреда на адреса на Македонците: *ние ве храниме, храни куче да те лае и т. н.,* навреди кои што можат да излезат само од устата на К'нчов, ограничениот со големи претензии Накович, глупакот Сарафов и т. н. и т. н.[211]

П. П. Арсов предупредува во однос на борбата за завладување на црковно – училишните општини: *борба меѓу граѓаните, борба меѓу општините и училишните управи, взаемно гонење меѓу учителите, од кои едни ја држат оваа, а други онаа страна и сл. и сл.,* таа борба К'нчовци се обидувале да ја однесат и во второ степените градови, како Велес, Штип, Прилеп и други., но таму, таа нема почва бидејќи општините во тие градови од година в година сѐ повеќе се свестуваа и полека – лека почнуваат да ги разбираат своите права спрема училиштата кои наполно треба да

[207] Исто, 67.

[208] Исто, 72 – 73.

[209] Исто, 73.

[210] Исто, 77

[211] Исто, 80.

зависат од нив.[212] Затоа под влијание на МРО угледот и авторитетот на Сарафов почнале пополека да опѓаат. Како што вели П. П. Арсов: граѓаните веќе започнуваат да си играат со „бившиот министер": *тешко е бај Сарафов, кога човек еднаш ќе падне морално пред очите на народот – нели? И ве уваруваме, дека така ќе продолжи да биде положбата на сите твои сонародници, кои што доаѓаат во Македонија со претензија „да создаваат Бугари....*[213]

Кон крајот на учебната 1894 година Стамболовиот режим паднал во Бугарија, но не и Стамболовштината во Македонија. Затоа Лазаров се наоѓа пред дилема: *да се прилепи до Егзархот или да продплжи по старо.* Всушност тој ги одбрал и двате, се прилепил до Егзархот и си продолжил по старо, но сега продолжил во крајност.[214] Активностите што ги правел Лазаров по однос на црковно – училишното дело во Македонија, по се изгледа биле со знаење и согласност на Егзархот. Затоа П. П. Арсов заклучува дека: *разликата помеѓу Егзархот Јосиф и Стамболов се состои само во расото и калимавката, додека помеѓу Егзархот и Лазаров не постои никаква разлика.*[215]

Констатацијата на П. П. Арсов оти Егзархијата со пари настојувала да создаде Бугари во Македонија е сосема точна. *Егзархијата дава пари и купува ветер, зошто народност со пари не се купува. Тоа е такво деликатно нешто, кое, штом почувствува дека го пазарат, се изветерува.*[216] Затоа понатаму авторот вели: *поѓаволите со тие пари...,* што всушност претставува единствениот мотив на бугарската пропаганда.[217] Од друга страна сосема е точно тврдењето на П. П. Арсов дека, Егзархијата претопувајќи го Македонецот во Бугарин потполно го прави зависен од неа, оградувајќи го како пиле во кафез и да располага со него како што ќе

---

212 Исто, 74.

213 Исто, 76 – 77.

214 Исто, 82.

215 Исто, 83.

216Исто, 102,

217 Исто, 94 – 95.

и биде удобно.[218] И притоа постигнува контраефекти втурнувајќи го директно во рацете на Србите и другите пропаганди.[219]

Затоа П. П. Арсов нуди решение преку формирање на Мирскиот совет, преку кој се решава прашањето за општинското самоуправување, како и востановување и дополнување на Егзархиските правилници, кои ги определуваат правата и должностите на сите и секого.[220] Затоа авторот на брошурата ги поканува сите Македонци, чесни граѓани и општините да влезат во овој проект, доколку не сакаат да бидат одговорни пред потомството и историјата, а на интелегенцијата и порачува внимание и трескава дејност...[221] на сите дојденци кои што не работат во интерес на црковно – училишното дело и немаат природни врски со Македонија, П. П. Арсов им порачува да си одат. Затоа што тие дошле во Македонија привремено, или пак за скапи плати, поради што и не се трудат да се запознаат одблизу со месните услови, па работат како некои донкихоти.[222]

Со овој концеп на книгата, авторот дал огромен придонес кон осамознавањето на Македонецот и дефинирањето на неговите посебни интереси, кои врз себе ги превзела штотуку формираната МРО.[223] Според тоа јасно е искажано во книгата зошто уште на самиот старт од своето постоење МРО својот акцент го става на борбата за превземање на црковно – училишните општини и воспоставување на контрола врз црковно – училишното дело во Македонија. Самиот Македонец да го спознае чувството на самосвест. Бидејќи тоа е единствениот начин да се продолжи во понатамошната борба за формирање на сопствена држава.

---

[218] Исто, 101.

[219] Исто, 102.

[220] Исто, 108.

[221] Исто, 108 – 109.

[222] Исто, 109.

[223] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 56.

Глава III

# ФОРМИРАЊЕ НА ТАЈНОТО БУГАРСКО РЕВОЛУЦИОНЕРНО БРАТСТВО (ТБРБ) И НЕГОВАТА ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ

## Претпоставки за појавата на Братството

Затегнатите односи помеѓу двете спротивставени групации егзархиската и сепаратистичката со тек на времето се изостриле. Егзархијата во прв момент не сметала на МРО како сериозна Организација, дури не ги знаела нејзините вистински намери, но со текот на времето сфатила дека нејзиното влијание меѓу народот е се поголемо. За таа цел во внатрешноста на Македонија го испратила К. Самарџиев да ја испита состојбата на терен, но и да направи контраагитација. Во обиколката К. Самарџиев ги опфатил градовите: Солун, Битола, Скопје, Охрид, Лерин, Костур, Ресен, Крушево, Прилеп, Велес, Штип, Струмица, Гевгелија, Воден и други места. За време на престојот во Костурско, К. Самарџиев јавно зборувал: „Овие убави села ќе бидат упропастени, крепете ги црквите и училиштата, Бугарија има 200.000 штика и со нив ќе ја ослободи Македонија".[224] Но извештајот на Самарџиев од обиколката низ Македонија за Егзархијата бил поразителен, бидејќи МРО со својата активност веќе навлегла и во внатрешноста во Македонија. Егзархистите се помириле со фактот дека МРО постои и е сериозна во своите намери, но затоа пак преку своите кругови почнале да којат планови да предизвикаат расцеп во Организацијата, или пак да воспостават контрола и над неа.[225] Откако се помириле со фактот дека МРО е реалност, егзархиските средини започнале да размислуват дека Организацијата треба да се прочисти од „несериозните" луѓе и воопшто да се отстранат од неа и наместо нив на површина да избијат поумерените елементи.

Во периодот пред почетокот на Солунскиот конгрес од 1896 година и за време на Конгресот, П. Тошев водел преговори со проегзархистите за помирување со МРО.

---

[224] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 154.

[225] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 27 – 28.

Преговорите биле водени со К. Самарџиев и некои учители од проегзархиската групација.[226] На Солунскиот конгрес П. Тошев ги информирал за текот на преговорите со проегзархиската групација околу К. Самарџиев. Притоа, Конгресот ги задолжил Пере и Х. Матов да го реализираат зближувањето со проегзархистите на начин најпогоден за делото. По однос на тоа прашање П. Тошев како голем ентузијаст, вложил големи напори и ги употребил сите можности околу зближувањето, но на крајот остро се раздели со нив. На последното заседание на Конгресот П. Тошев информирал дека со нив нема никакво разбирање. Поради тоа било решено преговорите да прекинат, но сепак да им се стави на знаење дека вратите на Организацијата за нив биле подотворени доколку сакаат да влезат во неа според општите начела како за секој.[227] Всушност, изгледа дека ваквата идеја била лансирана од ВМК во Софија.

Летото 1896 година од страна на ВМК било побарано ЦК да испрати свој човек по „важна мисија", да организира прием на 3 000 англиски пушки. Притоа било нагласено дека откако Англичаните ќе се уверат дека во Македонија постои сериозна Револуционерна организација која е способна да покрене востание ќе ја засили помошта. ВМК со таквата мамка всушност сакал да покаже дека внатре во Македонија располага со свои сили кои се готови по негова наредба да стапат во акција. Ѓорче Петров кој заминал за Софија во врска со овој понуда, со задоволство го прифатил предлогот за прием на пушките, но категорично го отфрлил барањето за кревање на востание во Македонија.[228] Додека престојувал со Софија Ѓ. Петров се сретнал со Д. Ризов и А. Љапчев,[229] кои се обиделе да му ласкаат дека ним во Македонија им биле потребни сериозни, умни и умерени луѓе, за каков што наводно го сметале него, Пере Тошев и Христо Матов,[230] а не како тврдокорниот Даме Груев.

[226] Според Х. Татарчев иницијатор за помирување меѓу проегзархистите и членовите на Организацијата бил токму П. Тошев. Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно – одринска революционна организация..., 43.

[227] Исто, 44.

[228] К. Битоски, Македонија и кнежеството Бугарија ..., 82.

[229] Во тој период А. Љапчев и Д. Ризов биле членови на ВМК на генералот Данаил Николаев. Исто, 74.

[230] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 27.

Ѓорче сфатил дека станува збор за стапица, која има за цел да се отстрани Д. Груев од ЦК во Солун, а место него да дојде Пере Тошев од Битола, кого го сметале за поумерен, поради што полесно ќе го ставаат под своја контрола. Со отстранувањето на Груев од Солун и предизвикувањето на расцеп помеѓу членовите на ЦК, требало да се создаде можност во ЦК да се вгнездат луѓе од противничкиот (проегзархиски) табор.[231] Во исто време, во Царигард бил повикан Пере Тошев, каде се обиделе да го обликуват и инстрираат на сличен начин. Меѓутоа, по меѓусебните консултации Пере и Ѓорче сфатиле дека се жртва на иста мистификација која била пласирана преку ВМК, за да се отстранат од Солун некои непријатни лица за нив, а таму да се вовлечат луѓе од проегзархискиска ориентација. Во меѓувреме Ѓ. Петров, намерно дружел со И. Гарванов и Колушев за да извлече повеќе информации од нив. Иван Гарванов кој привидно одржувал коректни односи со луѓето на Организацијата, од друга страна, всушност бил еден од најагилните членови на проегзархиската групација. Така, откако Ѓ. Петорв му предложил да влезе во редовите на Организацијата, Гарванов му одговорил дека за тоа веќе било доцна.[232] Гарванов како емисар на Егзархијата во Македонија, веќе фатил длабоки корени меѓу проегзархиските средини. На последната средба на Ѓорче со егзархистите најмногу зборувал со Сарафов, Самрџиев, Наумов и Ганов при што јасно им го пренел ставот на членовите на ЦК на МРО, дека тие може да влезат во Организацијата, како и сите нивни луѓе, но само според основните принципи на Уставот што важат за сите новопримени членови, а не како што сакаат тие без заклетва.[233] Всушност тие како луѓе од „повисока“ средина не сакале да се подредуват на формалности кои им ги налагале нивните идејни противници, кои според нив биле од понизок ранг, ниту пак да станат обични членови, туку веднаш да ги заземат раководните позиции.

По неуспешните преговори за помирување помеѓу двете спротивставени групации, основната цел на проегзархистите била да ги прочистат училиштата во Солун од учителите сепаратисти. Во прв план тука се нашол Д. Груев инспектор на

---

231 Исто, 35.

232 Исто.

233 Исто, 36.

солунските селски училишта окарактеризаиран како сепаратист, безбожник, социјалист како и други видни членови на Организацијата во Солун.[234] Набрзо главните двигатели на МРО биле отстранети од Солун. Но Егзархијата направила грешка, бидејќи во градовите каде што биле преместени овие дејци, активноста на Организацијата одела по нагорна линија како и борбата со проегзархиските средини.

И покрај неуспехот на проегзархистите да го превземат ЦК на МРО, сепак тие вршеле контраагитација со цел да привлечат што повеќе приврзаници на нивна страна. Нивен центар на агитација била Солунската гимназија. К'нчов како училишен инспектор често бил во контакт со учителите, па дури агитирал и помеѓу учители приврзаници на Организацијата, со заборовите: „делото отфрлете го во целост... Бугарија ќе не ослободи и од Бугарија да чекаме за се, ние треба само да се подготвуваме". Во таа насока се движела и контраагитацијата на Наумов, како и на целата проегзархиска машинерија.[235] Поради тоа помеѓу учителите во гимназијата тоа ќе дојде до поделба на „егзархисти" и сепаратисти". Исто така во Солунската гимназија се агитирало и помеѓу учениците. Ученицате без да ја знаат суштината на проблемот за судирот на двете групации, сепак ги симаптизирале револуционерно ориентираните наставници. За тоа Пандо Кљашев ќе каже: „ ... во Солун имаше две партии: централистите на чело со Х. Матов, Х. Татарчев, Хаџи Николов, Пере Тошев и врховистите[236] со Гарванов, Колушев, Хаџи Мишев. Со нив беше и Наумов. Јас и моите другари не знаевме дека постојат разлики помеѓу двете групи, а ги симпатизиравме

---

[234] Егзархијата сметала доколку ги распрсне членовите на ЦК на МРО од Солун во внатрешноста на Македонија, ќе успее да го преземе центарот на Организацијата, после ќе може да се справи со комитетите во внатрешноста. Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно – одринска революционна организация..., 64.

[235] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 37.

[236] Во своите спомени П. Кљашев проегзархистите ги нарекува „врховисти". Всушност тие не се врховисти, бидејќи овој термин се однесува на членовите на ВМК од Софија (Организацијата на македонската емиграција во Бугарија). Од друга страна проегзархиската групација во Македонија ја сочинуваат учители, родум Бугари и Македонци, проегзархиски настроени, но во никој случај тие не се врховисти. Спомени на П. Кљашев, Спомени на: С. Арсов, П. Кљашев, Л, Џеров, Г. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров, (стручна редакција: Д-р Иван Катарџиев), „Култура", Скопје, 1997, 155.

Хр. Матов и Пере Тошев. Во револуционерното дело бевме упатени од Гарванов и Колушев, но не директно, туку посредно".[237] Сличен став дели и Георги Баждаров. Тој вели: „Нашата ученичка организација добиваше инструкции и бунтовна литература претежно од весниците од Иван Гарванов и Никола Колушев... ние не бевме помалку способни и помалку смели во однос на членовите на другиот кружок, но од кај да знаеме оти помеѓу големите постоеле поделби..."[238]

Губењето на влијанието врз Солунското граѓанство од страна на проегзархиската групација, потоа, нивниот неуспех да ја превземат контролата над МРО, како и засилената контрагитација во Солун и во внатрешноста на Македонија од страна на МРО, ги натерало овие кругови да пристапат кон формирање на нова Организација, како пандан на МРО. Затоа К'нчов во согласност со Егзархот и Селџобалиев ја дал идејата за формирање на Братството.[239] Друг настан што тесно се поврзува како претпоставка за формирањето на Братството е престојот на полковник Атанас Јанков во Солун кон крајот на 1896 година. Во тој период односите меѓу ВМК и ТМОРО биле затегнати. Со цел да бидат подобрени односите меѓу двете организации, ВМК во Солун го испратил полковник А. Јанков со нова програма од десетина точки за договор.[240] Притоа на Јанков му било сугерирано да не се среќава со Ѓ. Петров, со Д. Груев да биде претпазлив, а П. Тошев да го убедува.[241] На средбата со Д. Груев и Х. Татарчев, Јанков ги убедувал дека ВМК и ТМОРО треба да бидат сплотени во една организација, а воедно им ветувал и оружје и пари.[242] Предлогот на Јанков не бил прифатен. Од друга страна тој се дрзнал да побара од Д. Груев увид во сметки за дотогашната работа на ЦК. Но Д. Груев му одговорил: „Јас имам место каде да давам такви сметки. Вие не сте ополномоштен од Организацијата да ви ги

---

[237] Исто.

[238] Георги Баждаров, Моите Спомени, Ангел Джонев - предговор, съставителство и бележки, Институт „България – Македонија", София, 2001, 20.

[239] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 38.

[240] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 180.

[241] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 76.

[242] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 180.

разоткривам сметките на комитетот".[243] Полковник Јанков исфрустриран од одговорот на Д. Груев заминува во проегзархиските средини каде што се сретнува со Колушев. На средбата било разговарано за односите со МРО и за продолжување на контраагитацијата. Од Солун Јанков заминал за Костурско од каде што кореспондирал со Колушев. Но писмото паднало во рацете на револуционерниот кружок кај ученикот Стефан Кузманов. Писмото било прочитано на глас пред учениците во Солунската гимназија. Според Х. Куслев од содржината на писмото може да се разбере дека полковник Јанков и проегзархиската групација договориле формирање на нешто како контра комитет во Солун".[244]

**Формирање на Тајното бугарско револуционерно братство.**

Проегзархиската групација во Солун имала големобугарски политички сфаќања,[245] и сосема различни погледи кон револуционерното движење во Македонија во однос на ТМОРО. За таа цел бил формирана организација, која настојувала да биде пандан на веќе постоечката ТМОРО во Македонија. Всушност, намерата била под маската на втора револуционерна организација, да се влијае во прилог на бугарските политички интереси во Македонија. Исто така формирањето на Братството било иницирано и поради падот на угледот и влијанието на проегзархиската групација во Македонија и се помалите можности за опстанок на нивната еволуционистичка политика, но и поради се позасилената активност на српската и грчката пропаганда.[246] Затоа Христо Силјанов со право ќе каже: „Како

[243] Спомени на Хр. Куслевъ, Движението отсамъ Вардара и борбата съ врховиститѣ, По спомени на: Яне Сандански, Чернъо Пѣеевъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Тетъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, Сообщава: Л. Милетич, Издава: Македонскияиъ наученъ институтъ София, София, 1927, 107.

[244] Ваквиот став на Хр. Куслев наведува на фактот што набрзо по овој настан во март 1897 година било формирано Братството. Исто, 108.

[245] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 256.

[246] Исто.

умни луѓе... слично на Мухамед – сами отидоа кон планината: се објавија за револуционери“.[247]

Според И. Гарванов решението за формирање на Братството било донесено на наколкуте заседаниа на учители и граѓани на Солун кои што биле противници на ТМОРО. Собирањето на пари по насилен пат и нивната злоупотреба од страна на членовите на ЦК, како и можноста под превезот на ослободителното дело да се групираат повеќе луѓе кои што ќе ја одвратат Организацијата од лошиот пат по кој врвела, било пресудно да биде донесена одлуката за формирање на Братството.[248] Но зад овие зборови на Гарванов се наѕирал една задскриена намера која што имала тенденции за инфилтрирање на членството на новоформираната Организација во редовите на ТМОРО и превземање на контролата во неа од внатре.[249] А потоа враќање на позициите на Егзархијата и бугарската влада на старите патеки за остварување на големобугарските идеи во Македонија.

Формирањето на Братството се случило во март 1897 година во Солун.[250] Идејата за формирање на Братството, типично бугарска, била дадена од страна на В. К’нчов во согласност со Егзархот и Селџобалиев.[251] Според своите идеи и заложби Братството претставува типично егзархиска творевина која требало да прерасне во иструмент за остварување големобугарските политики во Македонија. Неговите основачи и членството доаѓале од проегзархиските средини во Солун. Тие биле Бугари родум од Бугарија и Македонци прегзархиски настроени. Тие всушност биле

---

[247] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония..., 125.

[248] Спомени на: Иван Гарванов..., 200.

[249] Д. Димески, Гоце Делчев, Матица Македонска, Скопје 2003, 145.

[250] Во своите спомени Иван Гарванов погрешно наведува дека Братството било формирано во 1898 година. Ваквиот став го дели и Ѓорче Петров, што е сосема спротивно на хронологијата на постоењето на Братството. Спомени на: Иван Гарванов, Борбите в Македония и Одринско 1878 – 1912, Спомени, Български писател, София, 1981, 200, Спомени на Гьорчо Петровъ..., 37.

[251] Константин Селџобалиев бил касиер во Егзархијата. За него се смета дека неговата моќ дотолку пораснала што тој ја води Егзархијата, додека Егзархот претставува марионета во неговите раце. Спомени на Гьорчо Петровъ ..., 38.

луѓе кои доаѓаат од бугарските општествени, политички и културни кругови. Кога ќе се погледне профилот на тие луѓе, всушност тоа се поранешни и идни министри во бугарската влада, бугарски дипломати, писатели, учители и т. н. Проверен кадар кој треба вешто да раководи со револуционерниот, општествениот и образовен живот во Македонија, во прилог за остварување на бугарските идеи и политики во Македонија. Тие добивале активна подршка внатре во Македонија од луѓе тесно поврзани со Егзархијата, школувани во пробугарски дух, желни за доаѓање до полесен профит и создавање на лична кариера.

На конститутивното собрание учество зеле вкупно 14 членови: Иван Гарванов, Христо Тенчев, Јосиф Кондов, Димитар Мирчев, Делчо Колушев, Атанас Наумов, Христо Ганов, А. Стоилов, Д. Апостолов, А. Весов и други.[252] За претседател на Братството бил избран Иван Гарванов, а бил формиран и Управен совет во чиј состав влегле вкупно седуммина: И. Гарванов, Х. Тенчев, Јосиф Кондов, Димитар Мирчев, Делчо Колушев, Атанас Наумов и Христо Ганов.[253] Исто така била донесена одлука да биде изработен Устав на новоформираното Братство. Оваа задача му била доверена на Д. Колушев.[254] На основачкото собрание било решено новоформираниот комитет да се вика „Тајно бугарско револуционерно братство".

Поради недостигот на архивска документација како пишани документи, протоколи и извештани од основачкото собрание на Братството, не можеме да потврдиме за што всушност било разговарано и во која насока се движела расправата. Од тој период е Уставот на Братството на кој што стои само месец и

---

[252] К. Пандев, Националноосвободителното..., 159.

[253] Во тврдењата на Гарванов дека Централниот управен совет се состои од седуммина членови се јавува контрадикторност, бидејќи во членот 10 глава 4 од Уставот на Братството јасно е потенцирано дека Управниот совет го сочинуваат петмина членови од кои се бира претседателот, благајникот и секретарот. Поголема контрадикторност е тоа што тој ги наведува и имињата на членовите на Советот и освен неговата функција претседател на Братството за која споменува дека тој ја врши, имињата на благајникот и секретарот не се потенцирани. Спомени на: Иван Гарванов..., 200, Величко Георгиев, Стайко Трифунов, История на българите 1878 – 1944 в документи, том I 1878 – 1912, част втора, Просвета, София, 1996, 340.

[254] Исто, 201.

година март 1897 година, без конкретен датум. Исто така од тој период на увид имаме неколку писма од Х. Тенчев разменети со Х. Станишев од каде може јасно да се види дека веќе е воспоставена врската меѓу двата комитета.

Набрзо по формирањето Револуционерното братство започнало да кореспондира со ВМК во Софија. Во тој период на чело на ВМК бил Јосиф Ковачев.[255] Ковачев сфаќајќи ја ползата и значењето од целите кои што Братството ги гонело веднаш се обидел да воспостави врски со неговите раководители.[256] За регулирање на односите меѓу Братството и ВМК, во Софија бил испратен Н. Колушев.[257] На враќање од Софија, Колушев го донел печатот на Братството.[258]

Во овој период односите помеѓу ВМК и ТМОРО биле доста затегнати, поради дијаметрално различните погледи на двата комитетат кон револуционерното движење во Македонија и застапувањето на различните интереси. ВМК поаѓал од големобугарски интереси и на секаков начин настојувал да ја потчини ТМОРО под своја контрола. Притоа самиот ВМК се претставувал како единствена легитимна организација која што управува со македонското револуционерно движење. Додека ТМОРО се залагала преку вооружено востание да извојува автономија на Македонија во рамките на Османлиската империја, како етапа кон целосна независна држава. ВМК гледал одличен партнер во Братството, пред сè поради заедничките ставови и интереси во борбата со ТМОРО за контрола на револуцонерното движење во Македонија и негово насочување во бугарски колосек. Но, на почетокот при воспоставувањето на меѓусебните односи сето тоа не изгледало така едноставно. ВМК на Христо Станишев кон Братството гледал со скептицизам дека може да опстои и дејствува како паралелна револуционерна организација во Македонија. Тој бил свесен дека поради различните ставови на Братството и ТМОРО може да дојде до судири погубни за делото и воопшто за Македонија.

[255] На чело на ВМК Јосиф Ковачев бил во периодот од март до јуни 1897 година. К. Пандев, Националноосвободителното..., 162.

[256] К. Битоски, Македонија..., 138.

[257] Спомени на: Иван Гарванов..., 201.

[258] Исто.

Од кореспонденцијата меѓу Братството и ВМК на Јосив Ковачев, а подоцна и на Христо Станишев јасно може да се види ставот на Врховниот комитет кон Револуционерното братство, кое претендирало да има улога на втора револуционерна организација во Македонија. Сепак воспоставувањето на контакт со ВМК како Организација надвор од Македонија, претствува можност за легализирање на неговата дејност внатре. Сето тоа јасно е отлсликано во писмото на Хр. Тенчев до членот на ВМК - Хр. Станишев, испратено некаде пред 5 мај 1897 година, а најверојатно уште во текот на месец април. „Нашите работи со вашиот голремец таму веќе се наредени од наша страна...".[259] Со тоа Хр. Тенчев потврдува дека контактите на Братството со ВМК биле воспоставени порано и само се чекала официјална потврда од Софија за конкретизирање на соработката помеѓу двете организации. Во прилог на писмото Тенчев испраќа молба од сите браќа во која се бара Уставот на Братството да биде отпечатен во 100 примерока во мал формат. А, потоа по Австриската пошта на 2 – 3 пати да го испрати во Солун. Во повратното писмо, Тенчев го замолува Станишев да му пише колку разноски се направени за да му плати.[260]

Во писмото од 30. 04. 1897 година, Х. Станишев го изнесува својот став и ставот на ВМК во однос на новоформираното Револуционерно братство. Во него меѓу другото се вели: „Постојат причини кои што ми вдахнуваат страв од создавањето на една нова Органозација во моментот кога веќе опстојува друга ... ние сме решени да влеземе во борба и со тамошните дејци и да им ја одземеме постоечката Организација преку поставување во ЦК луѓе, што ќе дејствуваат во согласност со ВМК. Но да создаваме нова Организација не сме размислувале, затоа тоа прашање бара пошироко размислување".[261] Самиот Станишев со скептицизам гледа кон постоењето на втора Револуционерна организација, и вели дека по однос на ваквото прашање во раководството на ВМК никогаш не било размислувано. Тој доаѓа до заклучок дека со постоењето на две паралелни Револуционерни

---

[259] Иван Гарванов – спомени, документи, материјали..., 140.

[260] Исто.

[261] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893 – 1903..., 124.

организации во Македонија може да дојде до меѓусебно гонење и до истрабување.[262] Сето тоа Станишев го образложува со зборовите: „Го претпоставувам двоумењето на секој Македонец, кога од една страна некој му заповеда да се колне пред револвер и кама, за да работи за добивање на човекови права за Македонија, а од друга страна, ќе се јави друг, некој си „Зихни" или „Калигула" и го кани да стапи во Братството за да се бори за истото нешто".[263] На тој начин кај Македонецот може лесно да се внесе во заблуда, затоа што идејата дека треба да постои революционерно движење во Македонија е слична, но целите и принципите во однос на иднината на Македонија и нејзиното население и начинот на кој тоа треба да се спроведе се сосема различни. Затоа на крајот од писмото Станишев го советува Тенчев дека уште од поодамна требало веќе постоечките членови на Братството да влезат во ТМОРО и да и дадат безрезервна подршка при нејзиното дејствување. Доколку не можат да го сторат тоа, би било подобро да не преземаат никакви дејствија, а уште помалку да создаваат нова Револуционерна организација во Македонија. Станишев смета дека: „подобро е да нема никаква Организација и да се остави тркалото да се тркала рамно по грбот на Македонија отколку со взаемни гонења да претставува пречка – подлошка, која што и дава на таквите тркалања и потскокнувања, чувствителни за несреќниот грб на нашата татковина".[264] Со овие зборови на Станишев, јасно става до занење дека тој од името на ВМК е против постоењето на Братството, како втора Револуционерна Организација во Македонија, бидејќи таа би предизвикала само расцеп во револуционерното движење. Затоа му го вратил и Уставот на Братството неотпечатен како доказ дека не го подржува постоењето на Братството.[265]

Зборовите во писмото на Станишев дека ВМК не го признава Братството како Револуционерна организација во Македонија претставуват своевидна контрадикторност, или можеби повеќе треба да се третираат како лични ставови, бидејќи на 23. 04. 1897 година ВМК испратил окружно до Братството наменето

---

[262] Исто. 125.

[263] Исто.

[264] Исто, 126.

[265] Исто.

против српската пропаганда во Македонија. На 01. 05. 1897 година Братството добило 100 примероци од окружното и почнало да ги растура во внатрешноста на Македонија.[266] Во врска со тоа, Гарванов во своите спомени вели: „Кога го распрснавме окружното меѓу населението, тоа не подигна во очите на луѓето, затоа што сите луѓе копнееа попрво да работиме со Бугарија, но незнаеа како, додека пак раководството на ТМОРО таму ги тиранизираше".[267] Со овие зборови Гарванов со гордост потврдува дека неговите луѓе биле во постојана врска со ВМК, но и го потврдува судирот со ТМОРО. Тоа пред се сѐ однесува на врските со комитетот на Јосиф Ковачев.

Во врска со судирот на Братството со ТМОРО Х. Станишев добил писмо од секретарот на Бугарското трговско агентство во Битола, Тома Карајовов.[268] Во писмото од 12. 06. 1897 година, Т. Карајовов на некој начин го разубедува Станишев за соработка со Братството. Затоа тој бара да биде преземена конкретна акција од страна на ВМК за помирување на двете спротивставени Организации. „Знаете дека многу се очекува од вас, а една спротивна работа на тие очекувања ќе го убие делото".[269] Целта била да се успее во напорите за зачувување на револуционерното дело во Македонија. Карајовов тврди дека судирот бил предизвикан токму од раководителите на Братството подржани од Трговскиот агент во Солун А. Шопов и всушност нивната активност треба да биде земена во предвид „не заради нивната сила, туку заради нивниот мизерлк".[270] Писмо со слична содржина Станишев добил и од Преспански. Во писмото од 04. 08. 1897 година тој го информира Станишев за затегнатите односи помеѓу Братството и ТМОРО, поради што најмногу трпеле учениците. Егзархијата како најголем подржувач на Братството се уште немала назначено нови учители на местото на веќе отпуштените или преместените на друго

---

[266] К. Пандев, Националноосвободителното..., 162.

[267] Спомени на: Иван Гарванов..., 202.

[268] Иван Гарванов – спомени, документи, материали..., 145.

[269] Исто, 144.

[270] Исто.

место.[271] На тој начин Егзархијата превземала конкретни мерки за парализирање на работата на ТМОРО. Затоа Преспански од Станишав бара вмешување на ВМК за стабилизирање на односите помеѓу двете Организации. Според него, „една потесна дружба е пожелна, па дури е и возможна".[272]

Ваквите поплаки на сметка на односите на Братството со ТМОРО нема да може да ја интензивират соработката со ВМК на Х. Станишев. Контактите на ВМК на Х. Станишев со Братството останале само на ниво на кореспонденција во која што неговите раководители упорно ја бараат подршката на комитетот во Софија, како и жалбата за меѓусебно помирување. На тоа наведува и фактот што се појавиле гласини дека постоело движење за формирање на повеќе Братства во Македонија по принципот на Благодетелното братство во Солун. Тие Братства би имале за цел „да собираат пари за борба против србизмот во Македонија".[273] Х. Станишев се изјаснил против тоа, бидејќи таквата дејност ја сметал за „деморализаторска и како таква за крајно опасна".[274] Од друга страна, ВМК се залагал за засилување на бугарските чувства на населението во Македонија преку дејноста на Егзархијата во црковно – училишните општини и на тој начин да се извојува автономија.[275] Спротивно на ваквиот став на ВМК е тоа што Револуционерното братство во Солун претставува творевина на самата Егзархијата.

Од друга страна, ВМК на Х. Станишев не ни можел да преземе посериозна акција во Македонија, без разлика на тоа дали ќе му даде подршка и легитимитет на Братството. Причина за тоа биле преземените мерки од страна на владата на премиерот К. Стоилов, кој што во тоа време успеал да ја неутрализира дејноста на ВМК.[276]

---

[271] Исто, 145.

[272] Исто.

[273] К. Пандев, Националноосвободителното...,177.

[274] Исто.

[275] Исто.

[276] К. Битоски, Македонија..., 122.

И. Х. Николов, член на ЦК на ТМОРО, гледа со сомнеж во целите и намерите на Братството и смета дека тоа всушност е формирано за да ги собере околу себе повоздржаните елементи кои што ќе работат за ослободувањето на Македонија по легален пат.[277] Според него вистинските мотиви на основачите на Братството и неговите членови биле: 1. Членовите на Братството, прикриени зад маската на леглна дејност да не се изложуваат на ризици и лични жртви; 2. Организираната маса да биде потчинета на наредбите на Егзархијата и ВМК. Притоа тие сметале дека, доколку успеат да ги отстранат Татарчев и Хаџи Николов од Солун, кои што биле луѓе со слободни професии (едниот лекар, а другиот книжар ) и бидат заменети со свои луѓе, понатаму врз останатите членови на централниот комитет ќе може полесно да се влијае и всушност тогаш ќе можат да ја имаат целосната контрола врз Организацијата.[278]

Според Ѓ. Петров формирањето на Тајното бугарско револуционерно братство претставува последен обид на егзархистите да го превземат ЦК на ТМОРО. Затоа тој потенцира дека В. К'нчов во согласност со Егзархот и К. Селџобалиев ја дале идејата за неговото формирање.[279] Поради револуционерните идеи што преовладувале кај И. Гарванов, тој претставувал одлична личност што ќе раководи со Братството и ќе им се спротивстави на луѓето од Организацијата. За да го придобијат Гарванов на своја страна се согласиле да го постават Братството на револуционерна база, со цел полесно заради блискоста на целите и идеите да го превземат ЦК.[280] Затоа Ѓ. Петров во своите спомени ќе каже: „Братството немаше друга идеја, а надежите му беа на Бугарија и затоа центарот на дејноста на Братството беше агентството во Солун".[281]

Х. Татарчев семета дека проегзархистите го формирале Револуционерното братство надевајќи се дека под таа маска би можело да се води полесна агитација врз базата на револуционерната идеја, но под други директиви: „Народот да се

---

[277] Пречки и опасности ( Из записките на Ив. Х. Николов ), Ил. Илинден, 2 (82 ), София, 1937, 6.

[278] Исто.

[279] Спомени на Гьорчо Петровъ ..., 38.

[280] Исто.

[281] Исто.

подготвува морално и да не се купуваат пушки, затоа што, кога ќе дојде вистинскиот момент, Бугарија ќе даде пушки".[282] Новата насока при агитацијата на членовите на Братството довела до нивна дискридитација, бидејќи тие биле многу далеку од революционерната идеја, затоа што во себе барале начин како да ја разрушат Организацијата.[283] Според тоа и самиот Татарчев предвреме го предвидел крајот на Братството.

Од друга страна Д. Мирчев, инаку член на Братството има сосема спротивни ставови во врска со Формирањето на Братството. Според него формирањето на Револуционерното братство претствува крајна точка на вриење меѓу „двете струи" – егзархиската и револуционерната. Тој смета дека тие не се разликуваат според идејата туку според тактиката на дејствување.[284] Стравот кај луѓето од Организацијата дека ќе ја изгубат почвата зад себе ќе предизвика конфликт меѓу двете организации, затоа што Братството имало разбирање со Егзархијата, „доверба кај јавноста" и подршка од Бугарија. Исто така Д. Мирчев смета дека Братството располага со голем број на интелигентни сили што му дава голема предност во однос на ТМОРО дека ќе успее во реализирањето на своите цели и идеи.[285]

---

[282] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно – одринска революционна организация..., 69.

[283] Исто.

[284] Д. Мирчев, Спомени..., 89.

[285] Димитар Мирчев Тошев ( Прилеп, 1895 – Вршец, 1938). Од 1889 до 1891 студира право во Белград, а во 1892 година дипломира Славјанска филологија на Софискиот универзитет. Бил учител во Солунската машка гимназија, публицист и еден од основачите на Тајното бугарско револуционерно братство во Солун и член на ТМОРО. Исто.

## Организациска струкрура

Тајното бугарско револуционерно братство претставува тајна организација која дејствувала во илегала формирана од страна на бугарската интелигенција увезена од Бугарија во Македонија, како и од проегзархиски ориентирани Македонци. На чело на Братството стоел претседател во случајот тоа бил Иван Гарванов, благајник, секретар и Централен управен совет од пет члена кој што одлучувал за сите важни прашања поврзани со дејноста на Братството како Организација. Тоа имало и свој печат со кој што биле официјализирани и потврдувани сите пишувани одлуки. Во средината на печатот имало коски и череп, а под нив вкрстени сабја и пушка. Околу печатот стоел натпис: „Българско Революционно Братство в Турција“.[286] Секој член на Братството плаќал годишна членарина од ¼ до 5 турски лири во зависност од имотната положба.[287]

Братството имало свој Устав во кој била точно утврдена организациската структура, но и неговите определби и заложби. Задачата да го изработи уставот на Братството му била доверена на Делчо Колушев.[288] Полното име на Уставот гласи: „Устав на Българското Тайно Ревоюционно Братство въ Турция“.[289] Уставот на Братството содржи 24 членови поделени во пет глави во кои детално се претставени целите, средствата, устројството, управувањето и должностите на неговите членови.[290] Во првите две глави од Уставот се претставени целите и средствата на Братството според кои тоа треба да дејствува. Според член 1. Целта на Братството е да го подготви бугарскиот народ за борба со кој ќе може да се пресмета со народните мачители (османлиските власти) за да може сам да си извојува слободен политички живот и да се заштити од „странските пропаганди“. Во членот 2 се претставени средствата со кои Братството ќе се служи за постигнување на зацртаните цели. А тоа се засилена агитација усна и преку печатот, теророт, смртта и револуцијата.

---

[286] В. Георгиев, С. Трифунов, История на българите..., 340 – 341.

[287] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 257.

[288] Спомени на: Иван Гарванов..., 201.

[289] А. Аврамовъ, Неизнесени материяли..., 9.

[290] В. Георгиев, С. Трифунов, История на българите..., 399 – 341.

Начинот на финансирање е претсавен во членот 3 од Уставот. Според него, Братството ќе се финансира од редовните вноски на браќата во организационата каса, од донациите на имотните Бугари и од налозите кои што ги определува Управниот одбор. [291]

Во третата глава е разработенио Устројството (чл. 4 до 9 ). Овде станува забор за поделбата на членството и начинот на врбување на нови членови. Членовите на Братството меѓусебоно се нарекувале „браќа“. Во 4, 5 и 6 член од Уставот е дадена хиерархиската поделеност на членовите на Братството и начинот на врбување на нови членови. Браќата се делеле на стари и млади. Стари браќа биле оние што според својата активност се истакнале пред Централниот управен одбор на Братството и притоа врбувале нови членови. Нововрбуваните членови биле наречени млади браќа. Секој брат имал свој псевдоним. Секој нов член на Братството пред да биде примен, најпрво бил сондиран и се проучувал неговиот карактер, а потоа Управниот совет одлучува за неговиот прием. По приемот, секој нов член дава клетва. Од член 7 до 9 се дадени начинот на однесување и дејствување на младите членови. Секој млад член го познава само оној постар брат кој што го врбувал и покрстил во Братството. Тој само со негова дозвола може да дејствува и да врбува нови членови. Но доколку се случи стариот брат да исчезне, младиот брат му се потчинува на друг постар брат, а ваквата одлука ја потврдува Управниот совет при што го известува младиот брат со анонимно писмо. Во случај на востание или друга вооружена активност, младиот брат кој што не е потчинет на постар брат, во период од 24 часа треба да се потчине на друг постар брат или во спротивно е должен да дејствува самостојно согласно целта на Братството. Во овие членови јасно се гледа тајноста на дејствувањето и агитацијата на постарите браќа, при што младите симпатизери на македонското ослободително дело биле внесувани во целосна заблуда. [292]

---

[291] Исто, 339 – 340.

[292] Исто, 340.

Начинот на управување и функционирање на Братството е регулирано во четвртата глава. Во членот 10, 11 и 12 се дадени институциите на Братството и начинот на функционурање и донесување на одлуки на Управниот совет. Братството го управува петочлен Централен совет чие што седиште не е постојано. Од советниците се избираат претседател, касиер и секретар. Управниот совет ги поседува сите средства и донесува решенија согласно целите на Братството. Сите решенија на Управниот совет се донесуваат со надгласување со исклучок на: решенијата за смртна казна (за кои треба да гласаат најмалку четворица членови на советот или двотретинско мнозинство) и објавувањето на востание, за кое што на заседание на Управниот совет расправаат уште и основните членови на Братството и членовите на месните братства. Во членот 13 и 14 се прикажни начинот на избор на членовите на Управниот совет и обврските кои им претстојат по завршувањето на мандатот. Мандатот на членовите на Управниот совет е во трајност од една година. За членови на советот може да се кандидира секој основен член. Нив ги бира основното членство и членовите на месните комитети. Доколку се случи местото на некој од членовите на Советот од било кој причина да биде испразнето, тогаш се свикува заседание на основните членови и на испразнетото место се бира друг член. Пред истекот на мандатот на членовите на Управниот совет, тие имаат обврска на заседание на основните членови да дадат отчет за сработеното. Во членот 15 е предвидено формирање на организациона мрежа на Братството во секој град. Сите новоформирани месни комитети имаат обврска да дејствуваат според принципите на Уставот на Братството и да си помагаат морално и материјално. Правото на Управниот совет да влегува во односи со други друштва и револуционерни комитети за остварување на зацртаните цели е регулирано во членот 16.[293] Врската на Братството со Егзархијата, ВМК и Бугарската влада за остварување на големобугарските интереси е регулирана токму со последниот член од четвртата глава од Уставот. Неслучајно е тоа, затоа што веднаш по формирањето на Братството тоа кореспондира со ВМК, додека за регулирањето на односите меѓу двата комитети

[293] Исто, 340 – 341.

бил испратен Н. Колушев.[294] Од друга страна токму Егзархијата претставува идеен основач на Брастсвото, а неговите членови доаѓаат токму од проегзархиските средини. Врската на Братството со бугарската влада е изразана преку трговското агентство во Солун. Затоа што сета коресеспонденција на Братството се врши токму преку агентството.

Петтата глава е резервирана за должностите што им следуваат на новопримените млади членови во Братството, но и на преостанатото членство. Во 17, 18 и 19 член од Уставот се претставени должностите и обврските на младите членови на Братството. Секој новопримен млад член на Братството е обврзан да даде клетва пред неговиот постар ментор. Притоа, безусловно треба да и се покори на заповедта на својот старешина. Секој млад брат е должен да поднесува извештај за се што има дознаено во интерес на Братсвото.[295] Во Уставот е предвидена и заклетва при стапување во редовите на Братството. Во 20 член се регулирани казните за членовите кои што ќе издадат некоја важна тајна што е во интерес на Братството. Единствена казна за тоа е смрт. Секој член што ќе се почувствува дека повеќе не ќе може да му служи на Братството, може да биде ослободен со клетва, под услов „да не ги открие тајните на Братството". Сето тоа е регулирано со членот 21. Според членот 22, секој член на Братството е должен да внесува годишна членарина во износ од ¼ до 5 турски лири согласно социјалниот статус. Најсиромашните членови се ослободуваат од членарина. За секоја внесена членарина со решение на Управниот совет се издава расписка. Собраните суми од месните комитети си остануваат во нивните каси. Доколку некој член настрада како резултат на дејност поврзана со интересите на Братството, тогаш тоа е обврзано материјало да го помогне секој член од семејството на настраданиот, се потврдува со членот 23. За крај во членот 24 е истакнато дека Братството има и свој печат.[296]

---

[294] Спомени на: Иван Гарванов..., 201.

[295] Исто, 341.

[296] Исто.

На крајот на Уставот стојат месецот и годината (март 1897) на неговото донесување. Уставот со своите потписи го потврдиле дванаесет основни членови потпишани со своите псевдоними: Дедо Либен, Кромвел, Рибарец, Нансен, Зихни, Фазла, Делијан, Макенлеј Силизбури, Атила (И. Гарванов) и Страхил.[297]

## Првите чекори на Братството и обидите за воспоставување на мрежа во внатрешност на Македонија

1. Агитацијата на основачите на Братството за прибирање на што поголем број на членови била во полн ек уште пред тоа да биде формирано. Тоа пред се сè должи на затегнатиоте односи со „сепаратистичката" групација на ТМОРО. Агитацијата на Братството се движела во насока по принципот на контраагитација во однос на идеите и целите на ТМОРО. Најголеми жаришта во Солун за ширење на идеите и целите на Братството како и за врбување на нови членови биле Солунската егзархиска гимназија и делот од солунското граѓанство што го претставувале македонските конзервативни чорбации.[298]

Во Солунската гимназија на страната на Братството биле свртени учителите кои биле дојдени од Бугарија и дел од македонските, пробугарски настроени. Тие задскриени зад маската на пропагирање на револуционерна идеја настојувале да ги протежираат бугарските интереси во Македонија. За таа цел тие пропагирале со зборовите: „ништо да не се превзема против Турците туку да се засилат позициите на Егзархијата и борбата против унијатите".[299] Меѓу младината во гимназијата бил формиран ученички кружок. Со ученичкиот кружок индиректно работеле Гарванов,

---

[297] Напомена дека псевдонимот на единаесетиот основен член на Братството отсуствува. А. Аврамовъ, Неизнесени материяли..., 12.

[298] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 256.

[299] Д. Късев, История на Македонското национално..., 202.

Колушев, Хаџи Мишев, Наумов и други.[300] Тие, настојувале да ги повлечат на своја страна учениците симпатизери на револуционерни идеи кои биле под влијание на ТМОРО. За таа цел ги снабдувале со револуционерна литература, како што се делата на Вазов, Ботев и други весници и списанија поврзани со бунтовна содржина.[301] Учениците од кружокот кој бил подржуван од Братството биле групирани во петорки при што биле лишени од комуникација и често одбегнивани од учениците од кружокот што бил подржуван од луѓето на ТМОРО. Во ученичкиот кружок под влијание на Братството, активно учество зеле: Георги Баждаров, Пандо Кљашев, Стојо Хаџиев, Борис Мончев, Александар Станоев, Асен Тодев, Павел Поцев, Павел Шатев и други.[302] Односот на учениците од револуционерниот кружок кон учениците од кружокот подржан од Братството бил доста ладен, а меѓу нив често доѓало и до меѓусебни физички пресметки. Сето тоа се должело на активноста на учителите од ТМОРО и учителите од Братството заради спротивставените гледишта кон револуционерното дело во Македонија. Добар дел од учениците приврзаници на кружокот подржан од Братството, всушност и не знаеле дека постои суштинска разлика помеѓу двете Организации. Затоа П. Кљашев ќе каже: „Мојот другар Лазо Москов ми кажа дека имало расцеп меѓу Гарванов и Матов. Дури тогаш сфатив што значеле објаснувањата на некои другари, дека сме припаѓале на друга група“.[303] Самите ученици не биле запознаени ниту со начинот на ширење на револуционерната идеја. Од друга страна тие биле ставани во заблуда. Така П. Кљашев вели: „Од Москов дознав дека Гарванов, Колушев и компанија пропагираат дека не треба да се дејствува на револуционерен, туку на еволутивен начин, односно преку училиштата, преку културно издигнување и сл., додека другите се залагале за револуција“.[304]

---

[300] Спомени на Пандо Кљашев..., 155.

[301] Исто.

[302] Г. Баждаров, Моите Спомени..., 20.

[303] Спомени на Пандо Кљашев..., 155 – 156.

[304] Исто, 156.

Контраагитацијата на Братството продолжила и преку печатените медиуми. За таа цел Христо Тенчев, Атанас Наумов, Никола Колушев и Иван Гарванов започнале да изадваат хектографиран весник под името „Борба".[305] За ширење на својата агитација, Братството дури планирало да основа тајна печатница во Солун, за што дури биле набавени и печатарски букви, но идејата никогаш не била реализирана. Во врска со тоа И. Гарванов во своите спомени вели: „Тоа не се случи и буквите останаа во мојот кабинет, а повеќето од половина ги стопив. Од весникот излегоа само 7 – 8 броја. Во весникот не се агитираше против Централниот комитет, туку се агитираше самостојно и тоа во духот, дека луѓето треба да се подготвуваат за борба".[306] Како контрадикторност на погоре кажаното, Гарванов се демантира со следните зборови: „Јас не помнам во каков дух се подготвуваше весникот".[307] Со тоа остава сомнеж во вистинските цели и намери на Братството и дека всушност не работеле против ЦК на ТМОРО. На тоа наведува и активноста на секретарот на Трговкото агентство во Солун, Н. Колушев. Честопати се случувало тој да собира информации и материјали за положбата во Македонија. Паралелно со тоа и вршел пропаганда против Организацијата. Во селото Тушим, Гевгелиско, распрашувајќи се, од селаните дознал дека таму биле складирани 250 пушки кримки на ЦК, при што лажно ги информирал селаните, дека всушност пушките биле испратени за селото. Поради неговите лажни информации настанале вооружени престрелки помеѓу селаните од околните села кои сметале дека пушките им припаѓале токму ним.[308] Подоцна и во Софија бил издаван весник им „Автономија". Негов редактор бил Александар Чакров.[309]

**2.** Воспоставените врски на Братството во Солун и активноста на неговото членство ги зголемило нивните апетити за формирање на месни комитети и во

---

[305] Български периодичен печат 1844 - 1944. Анотиран библиографски указател, том 3, Български библиографски институт „Елин Пелин", Наука и изкуство, София, 1962, 155.

[306] Спомени на: Иван Гарванов..., 201.

[307] Исто.

[308] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно – одринска революционна организация..., 70.

[309] К. Пандев, Националноосвободителното..., 161.

внарешноста на Македонија. За таа цел, Братството во јуни 1897 година испратило окружно до своите приврзаници во внатрешноста на Македонија. Всушност, преку тоа раководството на Братството сакало да ја провери наклонетоста на населението кон нив и нивните идеи.[310] Притоа, околу неколкуте симпатизери на Братството, биле формирани мали групи на приврзаници во неколку градови во Македонија, со тенденција, истите да прераснат во основни јадра, околу кои ќе се организираат граѓаните, налик на комитетите на МРО.

Првиот месен комитет на Братството во внатрешноста на Македонија бил отворен во Прилеп.[311] Зошто баш токму Прилеп? По се изгледа дека врската за формирање на првиот комитет во Прилеп е Коне Самарџиев, негов член и активен соработник. Тој е роден прилепчанец, угледен граѓанин, економски моќен трговец, книжар, издавач и печатар. Користејќи ја својата моќ и врските што ги имал во проегзархиските кругови во родниот град би можел да собере повеќе приврзаници и да влијае врз нив за отворање на комитет на Братството во Прилеп. Комитет што активно ќе работи за остварување на идеите на Братството. На чело на комитетот стоел проегзархиски ориентираниот учител Јордан Тренков со уште неколкумина учители кои што за кратко време станале фанатични приврзаници на Братсвото.[312] Комитетот на Братството во Прилеп за кратко време прилично се засилил, при што неговите членови влегле во отворен конфликт со месниот комитет на ТМОРО. Конфликтот меѓу двата комитета бил толку голем што продуцирал неколку жртви. Во судирот меѓу спротивставените комитети бил убиен проегзархиски настроениот учител Гагалев. Како одмазда за убиството на Гагалев, раководството на Братството во Прилеп убиле еден од членовите од месниот комитет на ТМОРО.[313] За смирување на страстите помеѓу двата комитета интервенирале Даме Груев, Анастас Лозанчев и

---

[310] Спомени на: Иван Гарванов..., 201.

[311] Исто.

[312] Прилеп и прилепско низ историјата ( Од праисторијата до крајот на Првата светска војна ), Книга прва, Издание на општинското собрание и на сојузот на здруженијата на борците од НОВ, Прилеп, 1971, 253.

[313] Исто.

Пере Тошев, но безуспешно.[314] Ваквата активност на членовите на комитетот на Братството донело доста непријатности и ја отежнувало работата на ТМОРО во Прилеп.

Исто така и во Тиквешијата бил направен обид за воспоставување на организациона мрежа на Братството. Во Кавадарци како центар на Тиквешката каза, Гарванов сметал дека постојат одлични услови за проширување на дејноста на Братството. Тој во своите спомени ќе каже: „Во Кавадарци имаше посебни услови каде што имавме двајца – тројца приврзаници“.[315] Таквото самопризнание на Гарванов, укажува колку биле прифатливи идеите на Братството во внатрешноста на Македонија. Всушнот во централата во Солун сметале дека преку активноста на тие неколкумина ќе успеат да ги опфатат населените места во Тиквешијата и пошироко. Но членовите на месниот комитет на ТМОРО во Кавадарци сериозно ја сфатиле опасноста од приврзаниците на Братството и успешно одолеале на сите нивни провокации и притисоци.[316] Поради незаинтресираност на граѓаните на Кавадарци и околината, клонот во Кавадарци набрзо престанал да постои. Слично, како во Кавадарци, така и во Велес, клонот на Братството не успел да привлече никакво членство, околу себе.[317]

Комитет на Братството бил формиран и во Серско, на чие чело застанал А. Наумов поранешен директор на Солунската гимназија.[318] Во Солун Наумов како директор на гимназијата доживеал повеќе непријатности поврзани со кревањето на училишните бунтови под покровителство на Организацијата. Кратко по формирањето на Братството во Солун, во 1897 година Наумов бил префрлен во Сер и назначен за директор на Педагошкото училиште. Како директор на Педагошкото училиште во Сер, А. Наумов честопати вршел инспекција на училиштата во Серско и

---

[314] Исто.

[315] Исто 202.

[316] Петре Камчевски, Револуционерното движење во Тиквешијата до Балканските војни, Издава: „Музеј – галерија“ – Кавадарци, Кавадарци, 1995, 58.

[317] Спомени на: Иван Гарванов..., 202.

[318] Иван Гарванов – спомени, документи, материјали..., 159 – 163.

Мелничко.[319] Обиколувајќи ги селата од тој регион на Македонија, Наумов агитирал меѓу селаните против Организацијата и притоа го испитувал теренот за формирање на месни комитети на Братството. Но резултатите од обиколката на Наумов биле помалку разочарувачки за Братството, бидејки во тие краишта на Македонија, Организацијата веќе длабоко ги вкоренила своите позиции.[320] Затоа дејноста на Наумов во Серско не дала некои значајни резултати, освен што привлекол околу себе мала група на приврзаници.[321]

Обиди за формирање на некаков клон бил направен и во Дојранско. За таа цел летото 1899 година од страна на Братството таму била испратена чета од петмина членови под водство на Минчо Стојков, да го испита теренот, но и да стапи во врска со некои семејства.[322] Според И. Гарванов, четата била испратена да го киднапира дојранскиот бег, кој што владеел со селото Патрас и уште две други села, за да се земе откуп од него.[323] Оваа е мошне интересно, бидејќи Братството речиси цело време ги осудувало насилните методи за собирање на средства од страна на Орагнизацијата, а од друга страна настојува да го прави истото. Очигледно Братството, влегло во пресметан ризик, бидејќи еветуалните гревови и последиците од активноста на четата би отишле по адреса ТМОРО, која веќе била профилирана во тој поглед.

Месниот комитет на ТМОРО од Дојран во консултации со ЦК од Солун проценеил дека четата на Братството била испратена за да ликвидира некој од членството на Организацијата. Затоа бил извршен атентат врз водачот М. Стојков, а четата по месец иполовина талкање во Дојранско била растурена.[324]

---

[319] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно – одринска революционна организация..., 70.

[320] Спомени на: Иван Гарванов..., 203.

[321] Иван Гарванов – спомени, документи, материали..., 159-163.

[322] Спомени на: Иван Гарванов..., 206.

[323] Со овој настан се косат директивите на Братството за собирање на финансиски средства по насилен пат. За ваквиот однос и начин на финансирање ја обвинуваат ТМОРО, но всушност беспарицата и нив ги натерала да потпаднат на искушението. Исто, 207.

[324] Исто.

По примерот на ТМОРО и Братството правело напори својата мрежа да ја прошири до Одринско. Комитет бил формитан во Ахчелебиско. Тоа е област во Тракија која опфаќала повеќе населени места. На чело на комитетот стоел Тошев, главен учител во село Устово, инаку по потекло прилепчанец.[325] Во текот на мај и јуни 1899 година во Чепеларе биле правени обиди за префрлање на оружје од Софија. Но од целиот арсенал што требало да пристигне во Чепеларе добиле само два револвера, а за третиот требало да почекаат.

Свое претставништво Братството имало и во Софија. Негов претставник таму бил Константин Аврамов.

Очигледно, Братството не успело да воспостави здрава и масовна организациона мрежа во Македонија, преку која ќе се шираат неговите идеи. Токму тоа се одразило на неговите натамошни активности. Според тоа, освен централата во Солун, каде Братството претежно се потпирало на импортираните Бугари од надвор, во внатрешноста каде нивното присуство било минимално, а некаде воопшто ги немало, Братството не успеало да фати корени.

Се разбира, неговата активност била ограничена од МРО, која во овој период го мобилизирала најголемиот дел од револуционерно ориентираното население во Македонија. Од друга страна во Братството биле свесни дека со агитацијата во стилот „ништо да не се презема против Турците", всушност не можат да се доближат до населнието, кое очекувало политичка слобода. Затоа засекогаш останале една мала група без значење и перспектива.[326]

---

[325] Исто, 201.

[326] Д. Късев, История на Македонското национално..., 202.

Глава IV

# ОДНОСИТЕ ПОМЕЃУ ТАЈНОТО БУГАРСКО РЕВОЛУЦИОНЕРНО БРАТСТВО И ТАЈНАТА МАКЕДОНО – ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

## Ставот на Братството кон македонското револуционерно движење и македонското прашање

Затегнатите односи на ТМОРО со проегзархиските структури во Македонија со текот на времето се повеќе се заострувале. Проегзархиската групација, била доведена во ситуација да се најде како опозиција во солунската – црковно училишна општина но и пошироко во Македонија. При таква состојба, Егзархијата веќе започнала да ги губи примарното влијание и контролата во сосптвените црковно – училишни институции за сметка на ТМОРО. Но, од друга страна, тоа индиретно се косело со бугарските интереси во Македонија. Оттука, всушност произлегувале наводните желби на луѓето околу проегзархиската групација да се вклучат во македонското револуционерно движење, но всушност нивната цел била подлабока, да се влезе во ЦК и да се преземе раководство на Организацијата, а потоа нејзината активност да се канализира согласно интересите на бугарската политика. Меѓутоа, на отворените покани од луѓето на ЦК во Солун да влезат во движењето, тие од друга страна, не сакале да ги почитуваат формалностите на Организацијата, како полагање заклетва и слично, што отвара сомнеж за нивните искрени намери кон македонското револуционерно движење. Во такви околности борбата на ТМОРО за преземање на контролата во егзархиските црковно-ушилишни институции во Македонија добила на интензитет и острина, при што ТМОРО бележела значителен подем. Поради тоа, по иницијатива на Егзархијата, а секако во дослух со бугарската влада, дошло до промена во тактиката и до прегрупирање во проегзархиските средини поради што било формирано Тајното бугарско револуционерно братство.

Тоа всушност требало да претставува филијала на Егзархијата, но и на бугарската влада, која ќе ги брани и спроведува бугарските интереси и политики во Македонија.

По формирањето на Братството тоа претендирало да постане втора революционерна организација која ќе ги брани интересите на „Бугарите" во Македонија. За таа цел, И. Гарванов во своите спомени ќе каже: „идејата за формирање на Братството беше да се одбие ЦК од патот по кој врвеше".[327] Патот по кој врвела ТМОРО, всушност имал основна цел да се подготви населението во Македонија и преку вооружено востание да се добие автономија, а потоа и независна и самостојна држава.[328] Сето тоа претставувало трн во око на бугарската влада во Софија, бидејќи меѓу другото било насочено и против бугарската пропаганда и нејзините интереси во Македонија. За таа цел основачите на Братството и неговите раководители задскриени зад маската на револуционерното дело тргнале во активна контраагитација против ТМОРО со зборовите: „Бугарија ќе не ослободи и од Бугарија да чекеме за се, ние треба само да се подготвуваме. Пушки да не се купуваат, затоа што кога ќе ни бидат потребни Бугарија има 200 000 штика и таа ќе не ослободи. Револуционерни дејствија да не се превземаат, бидејќи е доволна само моралната подршка".[329] Според тоа раководителите на Братството јасно ставиле до знаење дека Македонија не може да биде ослободена од Организација чиишто раководители се обични учители без никакво воено знаење и искуство. Тие ослободувањето на Македонија го гледале преку Бугарија.[330] Се разбира таквиот концепт се коси дијаметрално со онаа што го пропагирала ТМОРО, или како што најдобро ќе рече Петар Поп Арсов „Секој што однадвор ќе ни ја подари слободата ќе ни ја земе земјата."[331]

На ваквата контраагитација на раководителите на Братството, одзивот на македонското население бил незначителен, затоа што Организацијата пуштила

---

[327] Спомени на: Иван Гарванов..., 200.

[328] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 132.

[329] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 37.

[330] Исто, 38.

[331] В. Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов...,159.

длабоки корени меѓу македонското граѓанство и селаните. Братството наишло на поддршка, единствено помеѓу мал дел од македонските конзервативни чорбаџии, кои што ги уживале плодовите на соработката со Егзархијата. Поради тоа Дино Ќосев пишува: Луѓето околу Гарванов речиси биле уверени дека на базата „ништо да не се превзема против Турците" неможат да се приближат до македонскиот народ и затоа засекогаш ќе си останат една малечка интелктуална групичка без значење и перспективи.[332]

Во принцип Братството никогаш не се изјаснило против револуционерното движење во Македонија, туку против методите на дејствување на неговите раководители и начинот на кој што ја воделе Организацијата.[333] Но очигледен е фактот дека со активностите превземени на терен ставот и погледите кон револуционерното движење биле сосема спротивни.

Братството брзо сфатило дека својот апетит за преземање на раководството во ЦК на ТМОРО, може да го задоволи со посредство и помош на официјална Бугарија и Егзархијата како и со подршка на ВМК. Во тој период односите на ВМК и ЦК на ТМОРО биле заладени, поради дијаметрално спротивставените гледишта кон иднината на Македонија. Но и покрај обидите ВМК да се претстави како единствена Организација која што ќе раководи со македонското револуционерно движење, во тоа не успеал.[334]

[332] Д. Късев, История на Македонското национално..., 202.

[333] Спомени на: Иван Гарванов..., 200.

[334] К. Битоски, Дејноста и улогата на „Револуционерното" братство во Македонската револуционерна организација, Историја, XI/2, Скопје, 1975, 64.

**Ставот на Братството кон српската пропаганда и судирот со неа**

Во средината на 90 – тите години од XIX век, српската пропаганда во Македонија земала се поголем замав. Покрај активната борба на ТМОРО за сузбивање на нејзините позиции, пред нејзе се испречила и бугарската пропаганда којашто го држела приматот во Македонија. Кон напредувањето на српската пропаганда во Македонија влијаела и подршката на руската надворешна политика на чело со рускиот амбасадор во Цариград, Нелидов. Во писмото од 09. 08. 1897 година бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов, адресирано до бугарскиот премиер К. Стоилов, пишува дека за напредокот на српската пропаганда во Македонија најзаслужен бил Нелидов. Затоа, според него, требало поодблизу да се фати новоназначениот руски амбасадор во Цариград, Зиновјев, за да не падне во мрежите на Владан Ѓорѓевиќ.[335] Од друга страна, рускиот конзул во Солун, Иларионов бил во добри односи со бугарското трговско агентство и отворено кажувал дека инструкциите што ги добива биле за подршка на спрската пропаганда во Македонија.[336]

Ваквиот став на руската надворешна политика предизвикал страв и паника во бугарското трговското агентство во Солун. За таа цел во Солун била формирана уште една филијала на бугарската пропаганда во Македонија. Во текот на ноември 1897 година во Солун било формирано Бугарското благодетелно братство „Милосрдие“.[337] Зад Благодетелното братство стоел Атанас Шопов – трговски агент во Солун. Притоа сета пошта на Милосрдие се праќала и била примана преку трговското агентство во Солун. Милосрдие било подржано од бугарскиот премиер Константин Стоилов, кој што од страна на членството на Милосрдие бил прогласен за почесен член.[338] Претседател на Милосрдие бил Д. Х. Иванов,[339] а секретар бил Димитар Мирчев.[340] Во управното тело покрај претседателот влегле и Г. Пенев, А. Д. Ченгелев, Д. Шавкулев,

---

[335] А. Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма, Съставител: Илия Пасков, София, 1995, 70.

[336] Исто.

[337] К. Пандев, Националноосвободителното..., 157.

[338] Исто, 158.

[339]А. Шопов, Дневник..., 72.

[340] Д. Мирчев, Спомени..., 81.

С. Х. К. Сурџиев, а како претставник на Револуционерното братство се нашол Јосиф Кондов.[341] Така, членовите на Револуционерното братство, истовремено членувале и во Милосрдие, не само поради тоа што ги споделувале нивните погледи, туку и порди тоа што имале заеднички покровител. Преку хуманитарното друштво Милосрдие, членовите на Братството, всушност под маската на легална „благотворителна" дејност, настојувале да создадат простор за борба, како против српската пропаганда, така и против активноста на ТМОРО, а сето тоа под покровителство на бугарското трговско агентството во Солун, а индиректно под покровителство и на бугарската влада.[342]

Очигледно, благодетелното друштво Милосрдие било формирано по иницијатива од Бугарија, а истото требало да послужи како алатка за борба против странските пропаганди во Македонија и зачувување на позициите на бугарската пропаганда. Во прв ред тука спаѓале српската и грчката. Членови на Милосрдие можеле да бидат сите бугарски граѓани кои што плаќале членарина од 2 до 5 лири.[343] Главна цел на Милосрдие било извлекување на македонските децата од српските училишта и нивно враќање во егзархиските ушилишта. Во извештајот од 28. 01. 1898 година до К. Стоилов, А. Шопов го информира за дејноста на Милосрдие против српската пропаганда со зборовите: „... од септември па наваму од српските училишта во Воден и Солун се извлечени повеќе од двесте деца". На крајот од извештајот Шопов го изнесува својот став за можностите на Милосрдие: „во однос на тукашното Братство сметам дека треба да му се дадат сите можни содејства ... Тоа може многу да направи при сегашните услови. Треба да се одвлече вниманието на општеството на други места, кон општа и неуморна легална работа, преку која може да направи многу, додека не дојде време за подруги дејствија".[344]

За да ги опфати сите македонски деца, Милосрдие се залагало за отварање на егзархиски училишта во Македонија онаму каде што ги немало. Тоа требало да претставува своевидна превентивна мерка од наездата на српската и грчката

[341] К. Пандев, Националноосвободителното..., 157.

[342] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 258.

[343] К. Пандев, Националноосвободителното..., 156-157.

[344] А. Шопов, Дневник..., 73.

пропаганда. За таа цел, Шопов добивал пари од Благотворителните братства во Бугарија.[345] Но, ова не дало кој знае какви резултати.

Ставовите на Братството кон српската пропаганда биле идентични со погледите на бугарската пропаганда во Македонија која била следена од будното око на Егзархијата и бугарската влада. Со текот на времето српската пропаганда се повеќе се засилувала, додека проегзархиските групации во Македонија биле во отворен судир со ТМОРО. Опасноста од српската пропаганда по бугарското дело во Македонија станувала се поголема. Ваквиот развој на настаните ќе доведе до отворен судир помеѓу протагонистите на двете пропаганди во Македонија. Кај бугарската пропаганда, улогата на бранител на бугарските позиции во Македонија, како легална организација ја презело наводно хуманитарното друштво Милосрдие, во кое истовремено влегувале и членовите на Тајното револуционерно братство. Според тоа испаѓа, дека друштвото Милосрдие и Тајното револуционо братство, биле продолжена рака на бугарската пропагандна машинерија кои биле контролирани и насочувани од владата во Софија и Егзархијата во Цариград. Разликата е во тоа што едната Организација имал улога на легална хуманитарна институција (Милосрдие), а другата на илегална и револуционерна (Братството). На тој начин, илегалната организација (Братството), преку Милосрдие добивала можност и за легална активност.

По извесно натегања и заострени односи со српската пропаганда во првата година од формирањето Братството ја дало и првата жртва. При ваквиот сплет на околности, вечерта на 3 јуни 1897 година околу 12 и 30 часот во хотелот Коломбо во Солун, бил убиен Христо Ганов, а Иван Гарванов бил ранет.[346] Извршител на убиството бил српскиот ренегат Илија Пејчиновски, родум од Царев Двор – Ресенско, поранешен учител во Солунската гимназија.[347] Ноќта пред убиството, во истиот хотел имало жестока расправија проследена со пцости и закани помеѓу Христо Ганов и Иван Гарванов од една страна со Илија Пејчиновски од другата страна.[348] За време

[345] Д. Мирчев, Спомени..., 81.

[346] Иван Гарванов – спомени, документи, материали..., 142.

[347] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 259.

[348] Иван Гарванов – спомени, документи, материали..., 142.

на расправијата во хотелот се нашол и бугарскиот трговски агент А. Шопов. Пејчиновски во Коломбо дошол со уште тројца придружници. Притоа се поздравил со А. Шопов и му кажал дека сака да разговара со него, но му било страв дали ќе го примаат во агентството. На тоа Шопов одговорил дека агентството е отворено за секого и во секое време.[349] По кратко време Пејчиновски започнал разговор со бугарските учители. Тие го задевале со зборовите: „Како може некој што станал Србин да му пркоси на бугарското дело". На тоа Пејчиновски одговорил со зборовите: „За да и се осветам на Егзархијата и да покажам дека и Пејчиновски може да направи нешто".[350] Откако разговорот се заострил, А. Шопов го напуштил хотелот. На заминување, Пејчиновски ги поканил егзархиските учители разговорот да го продолжат следната вечер на истото место. Тој им подал рака да се поздрават но тие арогантно го одбиле.[351]

Вечерта на 3 јуни 1897 година во кафенето на хотелот Коломбо се наоѓале: И. Гарванов, Н. Колушев, Д. Мирчев, Х. Ганов А. Битраков, Д. Хлебаров, К. Самарџиев, Ј. Кондов, Апостолов,[352] со еден збор целиот Управен совет на Братството на чело со претседателот. По кратко време во кафенето на хотелот влегле И. Пејчиновски со уште тројца негови придружници (еден Влав - Ташко, Црногорецот – Никола Бабаковиќ и еден Србин ковач - Александар). Тие седнале спроти масата на која седел Х. Ганов.[353] Меѓутоа по кратко време, откако Пејчиновски го заобиколил кафенето на хотелот заминал.[354] Расправијата започнала веднаш во стилот на претходната вечер. Навреди летале од сите страни. Еден од членовите на Братството дофрлил: „Да не памтите во која година беше Сливница?".[355] Додека од другата страна се слушале зборовите „Бугарите се Татари".[356] Во текот на расправијата,

---

[349] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 259.

[350] Исто.

[351] Исто.

[352] Иван Гарванов – спомени, документи, материјали..., 142.

[353] Исто. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 260.

[354]Иван Гарванов – спомени, документи, материјали..., 142.

[355] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 259.

[356] Иван Гарванов – спомени, документи, материјали..., 142.

Ганов побарал од содржателот на хотелот да ги предупреди Србите да престанат со навредити, предупредувајќи дека во спротивно тие, (бугарските учители) ќе си заминат. Во тој момент, Ганов бил удрен со железен бастун, а потоа бил застрелан со револвер.[357] Во обидите да го заштити Ганов, И. Гарванов скокнал врз Србинот Александар, му ја одзел камата и ја фрлил. Потоа му се нафрлил на Влавот Ташко, но тој стрелал со револвер и го ранил Гарванов во главата.[358] За ваквиот херојски акт на Гарванов, А. Шопов сметал дека заслужува орден од „Н. Царско височество".[359] Подоцна тоа и се случило, И. Гарванов бил награден со „Народен орден за граѓанска заслуга" лично од кнезот Фердинанд.[360] Со тоа всушност се потврдува врската на Гарванов со бугарската влада уште од времето кога бил претседател на Братството, а воедно и на Братството со неа.

Двајца од убијците на Ганов истата вечер биле уапсени од страна на полицијата. Во сплетот на околности Д. Мирчев излегол од хотелот и почнал да бега, при што побудил сомнеж кај полицијата и бил уапсен. .[361] Следниот ден бил уапсен и третиот член од убијците на Ганов, црногорецот Н. Бабаковиќ.[362] Д. Мирчев бил единстевениот уапсен од членовите на Братството. Но по четири дена престој во затвор бил ослободен.[363]

За првпат помош за ранетиот Гарванов пристигнала од раководството на ТМОРО. И. Х. Николов вечерта го придружувал Гарванов до италијанската болница „Милосрдие" во Солун, во која што бил сместен. Додека Х. Татарчев му се понудил да го лекува бесплатно. Д. Груев пак без знаење на членовите на Братството испратил атентатор да го елиминира Пејчиновски. Паралелно со тоа и во редовите на Братството се подготвувале за елиминација на Пејчиновски. Па така, два месеци по

---

357 Исто.

358 Исто. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 259.

359 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 259.

360 Борис Николов, Марио Цветков, Васил Станчев, Иван Гарванов – Венча се за Македония, Пантеон на българската държавност и култура, Стара Загора, 1995, 14.

361Д. Мирчев, Спомени..., 84.

362 Исто, 85.

363 Исто, 87.

убиството на Х. Ганов, бил убиен и Пејчиновски.[364] Добронамерните услуги направени од раководството на ТМОРО за раководителите на Братството набрзо биле заборавени од „бугарските браќа" во Солун. Затоа што тие со својата активност ќе влезат во отворен судир со ТМОРО.

## Заострување на односите меѓу Братството и ТМОРО

Веднаш по формирањето на Револуционерното братство неговите раководители стапиле во акција за прибирање на што поголемо членство, кое што ќе работи за остварување на зацртаните цели. За кратко време тоа влегло и во врска со ВМК под претседателство на Јосиф Ковачев. За таа цел во Софија бил испратен Колушев кој што требало да ги официјализира врските со ВМК.[365] На 23. 04. 1897 година ВМК испратил окружно до Братството во Македонија, кое било насочено против српската пропаганда.[366] На 1. 05. 1897 година Братството добило 100 примерока од окружното, при што почнало да ги растура.[367] Против таквата постапка на раководителите на Братството, ЦК на ТМОРО категорично се објавил против. Во меѓусебни консултации Христо Татарчев и Иван Хаџи Николив сметале дека новоформираното Братство може да предизвика раздор меѓу учителството и граѓанството. Но било оддлучено да не се испраќа контра окружно, бидејќи сакале да видат дали окружното на Братството ќе го постигне посакуваниот ефект. Во врска со тоа И. Х. Николов кажува: „Запревме од наша страна да не се испраќа окружно, а да следиме, како ќе гледаат нашите истомисленици на таа иницијатива и ако учителството и граѓанството бидат со нас, Братството ќе капитулира".[368] Исто така биле направени повеќе средби со луѓе блиски на Организацијата и притоа било утврдено дека формирањето на Братството може да биде штетно за

[364] Спомени на: Иван Гарванов..., 202.

[365] Исто, 201.

[366] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 260.

[367] Спомени на: Иван Гарванов..., 202.

[368] Пречки и опасности..., 6.

револуционерното движење во Македонија. Резултатите од одзивот на македонското население кон окружното на Братството биле поразителни. Се на се сѐ одзвале малкумина приврзаници во Прилеп, Кавадарци и Серес.[369] Окружното од мај месец преставува само еден од мотивите за судир помеѓу двете Организации, пред сѐ поради различните гледишта во однос на пропагандите. Се разбира Братството во борбата против српската пропаганда тргнувало од позициите на бугарската политика, додека ТМОРО имала јасен став и приод кон сите пропаганди во Македонија, вклучително и кон бугарската.[370]

Братството на се откажувало од намерите да ја дискредитира и омаловажи Организацијата пред солунското граѓанство со цел да го превземе приматот на прва Организација во Македонија. Летото 1897 година во ЦК на ТМОРО влегол Григор Попев. Тој бил шура на Коне Самарџиев и како блиски роднини честопати се среќавале и разговарале. Од него Григор Попев дознал за плановите на Братството.[371] Намерата на В. К'нчов била да бидат убиени 2 – 3 видни граѓани на Солун при што убиството требало да и се препише на Организцијата. Преку таквото компромитирање на Организацијата пред солунското граѓанство, истото требало да се одврати од неа и да се привлече кон Братството.[372] Поради ваквите постапки на Братството, И. Х. Николов заминал во Цариград на средба со Егзархот. Хаџи Николов од името на ЦК ги изнел неговите барања пред Егзархот. Тој побарал да не се прибегнува кон крвопролевање, додека В. К'нчов да биде отстранет од служба и во рок од 10 дена да замине во Бугарија. Егзархот позитивно одговорил на барањата на Хаџи Николов, а К'нчов заминал во Бугарија во предвидениот рок.[373]

Во октомври истата година од раководството на Братството повторно било испратено окружно во внатрешноста на Македонија. Со окружното на истомислениците им се препорачува да отворат пансиони (интернати) во градовите

---

[369] Исто.

[370] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 260.

[371] Исто, 261.

[372] Пречки и опасности..., 7.

[373] Исто, 7-8.

во кои ќе се прибираат децата на повлијателните граѓани и селани. Целта била привлекување на влијателните граѓани и селани во редовите на Братството, кои што ќе работат против Организацијата.[374] За време на агитацијата, дејците на Револуционерното братство ги изнеле своите мислења и ставои. Тие агитирале и во организираните и во неорганизираните села од ТМОРО. Притоа тие не агитирале од името на своето Братство, туку од името на револуционерното дело воопшто. Со тоа, всушност го присвојувале она што е туѓо и создавале забуна кај обичното членство на ТМОРО.[375] Во тој контекс оди и активноста на Колушев. Тој од страна на раководството на Братството бил испратен да собира материјали за положбата во внатрешноста на Македонија, а воедно и да пропагира против Организацијата. Па така ги излагал селаните на село Тушим дека 250 пушки кои биле скалдирани таму, се за нивното село. Овој момент предизвикал престрелка помеѓу селаните од околните села.[376] Идентична била и постапката на директорот на Педагошкото училиште во Сер, Атанас Наумов. Тој како директор честопати ги посетувал училиштата во околните села и притоа агитирал, подбуцнувајќи ги селаните против Организацијата.[377] Од друга страна, Бугарскиот трговски агент А. Шопов се обидел да ја компромитира ТМОРО пред бугарската влада, клеветејќи ја за насилното собирање на пари.[378] Акцијата за деморализирање на македонското население против ТМОРО продолжила преку контраагитацијата на највидните личности на Егзархијата: Васил К'нчов, Атанас Наумов, Христо Тенчев и други. Тие го повикувале македонското население да не дава пари за купување на оружје, затоа што Бугарија ќе им го даде кога ќе дојде време за тоа. Парите што биле собирани од народот за оружје според нив завршувале во џебовите на „самопрогласените револуционери", кои биле луѓе од „кол и јаже".[379]

---

[374] Пречки и опасности..., 6.

[375] К. Пандев, Националноосвободителното..., 163.

[376] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно – одринска революционна организация..., 70.

[377] Исто.

[378] Исто.

[379] Исто, 71.

Ваквиот однос на раководителите на Братството предизвикал револт кај членовите на ЦК на ТМОРО, кои што цврсто се држеле до независноста на Организацијата за спроведување на зацртаните идеи и цели. Начинот на кој што била вршена агитацијата од страна на Братството, компромитирајќи ја Организацијата пред нејзиното членство и пред македонското население претставува главната причина за судир помеѓу двете Организации. Затоа ТМОРО за да се заштити од контраагитацијата и клеветите испратени на нејзина сметка пред нејзиното членство и мекедонското население, превзела мерки против таквата дејност на раководството на Братството.

Првата акција што ќе ја преземе ЦК на ТМОРО е обидот за ликвидација на Васил К'нчов во Цариград, летото 1897 година.[380] К'нчов бил физички нападнат од лица на Организацијата во една од цариградските улици. Ваквата акција на ТМОРО дала резултат. Набрзо, К'нчов поднел оставка од местото егзархиски училишен инспектор при Егзархијата во Цариград и заминал во Бугарија.[381] Се разбира, нападот врз К'нчов од страна на ТМОРО не бил случаен. Него, Организацијата го сметала за интелектуален водач на конзервативните егзархисти и идеен творец на Братството.[382] Поради својата контраагитаторска дејност на штета на Организацијата и А. Наумов не останал имун од предупредувањата на ТМОРО. Тој неколку пати бил предупредуван од раководството на Серскиот округ да прекине со својата агитација против ТМОРО. Меѓутоа, таквите предупредувања Наумов ги игнорирал.[383] Оттука, пролетта 1899 година во Сер бил направен обид за ликвидација на А. Наумов.[384] Акцијата била изведена од страна на Андон Ќосето, Михаил Попето и Ангел Спанчовалијата.[385] Притоа, Наумов се спасил, но била раната неговата жена, која што по неколку дена им подлегнала на повредите. За овој настан

[380] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 261.

[381] С. Димевски, Македонското националноослободително..., 35.

[382] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 261.

[383] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно – одринска революционна организация..., 72.

[384] К. Пандев, Националноосвободителното..., 163.

[385] Спомени на Хр. Куслевъ..., 109.

Х. Куслев во своте спомени кажува: „Заминав за Сер да внимавам што кажува ранетата Наумовица. Од учителот Димитар Поп Томов добивав информации за сѐ што говори таа... таа се заканувала дека ќе разоткрие сѐ што знае за Организацијата, но кога дошла полицијата, таа веќе неможела да зборува".[386] По смртта на неговата жена, А. Наумов преку писмо од Солун бил предупреден да го напушти Сер, затоа што во спротивно ќе биде убиен.[387] И. Гарванов се обидел да го разубеди Наумов да остане во Сер и да ја продолжи дејноста на Братсвото, но тој плашејќи се за својот живот исплашен од последното предупредување од ТМОРО си заминал од градот.[388]

Овие потфати претставуват крајна точка на вриење во односите меѓу двете Организации. Од своја страна во Братството размислувале за ликвидирање на членовите на ЦК на ТМОРО. Управниот совет на Братството донел одлука за ликвидирање на Х. Матов, Д. Груев, И. Х. Николов и П. Тошев. Во врска со тоа И. Гарванов во своите спомени вели: „една вечер сакав да стрелам врз Матов, Тошев и Хаџи Николов, но тие беа предупредени и избегаа"[389]. Во тој период Д. Груев се наоѓал во Битола, па затоа таму бил подготвуван неговиот атентат. Ликвидацијата на Груев му била доверена на Димитар Мирчев,[390] негов поранешен другар и цимер од ученички денови. Паралелно со подготовките за атентатот врз Груев се подготвивала и елиминација на Анастас Лозанчев.[391] Но според Гарванов, „Д. Мирчев задоцнил, бидејќи отишол по организациски работи во Прилеп", па така Груев ја избегнал планираната ликвидацијата.[392] Од своја страна Груев сметал дека престојот на Д. Мирчев во Битола претставува опасност по делото. Па затоа организирал терорист, некој си Димко Тошев, за да го елиминира Мирчев. Тоа било негова индивидуална постапка без одобрение на ЦК. Но за негова среќа, терористот му бил роднина на Димитар Мирчев и своевремено го предупредил преку неговиот брат

[386] Исто.

[387] Исто.

[388] Спомени на: Иван Гарванов..., 203.

[389] Исто.

[390] Исто.

[391] Д. Мирчев, Спомени..., 90.

[392] Спомени на: Иван Гарванов..., 203.

Јован.[393] Така Д. Мирчев, кој всушност требало да го елиминира Груев, самиот успеал да се спаси од атентат. За ваквите настани и обидите за меѓусебна елиминација на раководителите на двете Организации И. Гарванов ќе каже: „Бевме во сосема затегнати односи. Бевме решени да одиме до крај, но ме јадеше мислата, доколку взаемно се истребиме, дека ќе има лоши последици".[394]

На сличен начин И. Х. Николов од неговиот стар пријател Иван Велков, инаку член на Братството, дознал за намерите за неговата ликвидација.[395] Хаџи Николов во градината на Бошнак – ан, при што од страна на И. Велков бил известен дека било донесено решение за негово убиство и уште на неколкумина други членови на ЦК. И. Велков, го предупредил Хаџи Николов да преземе мерки за не дојде до тоа и дури му дал детален опис на атентаторот. Во тој период во Бошнак – ан седел и И. Гарванов, кој што го очекувал атентаторот, надевајќи се дека ќе биде сведок на егзекуцијата на Хаџи Николов. По доаѓањето на посоченото лице, И. Х. Николов станал и ладнокрвно си заминал.[396] Така и овој обид на Братството за елиминација на член на ЦК целосно пропаднал.

Во врска со планираната ликвидација на Д. Груев, Г. Попев (инаку, роднина на на К. Самарџиев) во своите спомени вели „ако го направеа тоа, ние со заби ќе ги раскинеме, како прво јас ќе го убијам зет ми Коне".[397] Слободни сме да кажеме, дека иако во случајот се зборува за жестока одмазда при евентуално убистов на Д. Груев, дека таквата одмаздничка акција би уследила за било какво посегање од страна на Братството врз било кој член од ЦК на ТМОРО, или друг нејзин активист. Не случајно Г. Попев на двапати давал предлози за ликвидација на видните членови на Братството. Но и покрај се неговиот предлог категорично бил одбиен од ЦК. Во врска

---

[393] Д. Мирчев, Спомени..., 90.

[394]Спомени на: Иван Гарванов..., 203.

[395] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 261.

[396] Пречки и опасности..., 7.

[397] Спомени на Григор Попев: Македония в пламъци, Освободителните борби на българите от Македония в спомените на дейци на Вътрешната мекедоно – одринска революционна организация, Записал: Боян Мирчев, Съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, ИК „Синева", София, 2003, 119.

со тоа И. Х. Николов кажува: „Никогаш нема да се согласам со тоа. Ако тие луѓе од заблуда или од нешто друго сега се наши противници, утре ќе бидат наши соработници".[398]

[398] Со оваа изјава И. Х. Николов како да го предвидува крајот на Братството или пак се однесува на нешто друго. Исто.

**Глава V**

# ВРХОВНИОТ МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ И ТАЈНОТО БУГАРСКО РЕВОЛУЦИОНЕРНО БРАТСТВО 1898 – 1899 година

## Односите на Братството со ВМК на Александар Радев 1898 – 1899 година

На V македонски конгрес одржан на 29 јули 1898 година за претстедател на ВМК бил избран Александар Радев. Една од главните обврски кои што му биле наложена на новото раководство на ВМК било средување на односите со ТМОРО.[399] Но ВМК на Александар Радев не ги оправдал очекувањата дадени пред неговиот избор. Неговата дејност била сведена на минимум, а замрел животот и во провинциските друштва.[400] Секако една од причините била притисокот од владата на К. Стоилов. Во Услови кога активноста на ВМК била речиси наполно замрена (до 1899 година) не можело да се размислува за посеризони односи и соработка во Братството. Во тој период дури и меѓусебната кореспонденцијата била сведена на најниско ниво.

По оставката на владата на К. Стоилов на почетокот на 1899 година, активноста на ВМК заживува, притоа обидувајќи се да ја искористи ситуацијата околу Критското прашање. Во врска со тоа до претставниците на големите сили било испратено барање за спроведување на реформи во Македонија по примерот на принципите спроведени на Крит. Притоа бил испратен и проектот за реформи во Македонија изработен уште во 1896 година.[401] Овој напор на ВМК не дал никакви резултати, туку само ја усложнил положбата на Бугарија на меѓународен план.[402]

---

[399] К. Пандев, Националноосвободителното...,179.

[400] Исто.

[401] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 269.

Пролетта 1899 година биле спроведени подготовки за одржување на VI конгрес на македонските друштва во Бугарија. Поради затегнатите односи помеѓу Братството и ТМОРО, И. Гарванов решил преку писмо до претседателот на Конгресот да ја претстави општата состојба во Солун,[403] но и фактичката состојба во која се наоѓало Братсвото. Во писмото од 28. 04. 1899 година И. Гарванов го образложува прашањето зошто дошло до поделба меѓу двете Организации?[404] За судирите меѓу Братството и ТМОРО, тој наведува повеќе причини и се надева дека ваквата состојба е само привремена. За фактичката состојба меѓу двете Организации т. е. за расцепот кој што настанал дава свое видување и за главни виновници посочува неколкумина раководители на ТМОРО.

Како прво Гарванов прашува зошто ТМОРО е формирана на „партизанска" основа и зошто сеуште се држи то тој принцип? Одговорот на тоа прашање, Гарванов го наоѓа во карактерот на основачите на Организацијата и нејзините актуелни раководители. Тој тврди дека сите оние што не ги подржувале ставовите на раководството на ТМОРО и како такви се спротивставувале на нејзината политика биле сметани за предавници. „Ние не познаваме погрозно и попрестапно од тоа да наречеш некој „добар патриот" – предавник на интересите на татковината, при што и самиот тој е длабоко убеден дека тоа е лага. Така ние отстранети од првоснованата Организација се чувствуваме виновни со својата неактивност".[405] Гарванов во опширното писмо тврди дека раководството на Организацијата се служело со лаги и клевети за постигнување на зацртаните цели, притоа прибегнувајќи кон револуционерната идеја. За таквата состојба во ТМОРО Гарванов ги обвинува Х. Татарчев и И. Х. Николов, како највидни раководители на Организацијата, бидејќи други истакнати раководители во тој период во Солун

---

402 Исто.

403 Претседател на VI македонски конгрес во Софија бил Александар Радев. Иван Гарванов – спомени, документи, материјали..., 155.

404 Исто, 149.

405 По се изгледа дека Гарванов брзо заборавил на понудата на Даме Груев од 1896 година заедно со Димитар Мирчев да влезат во редовите на ТМОРО. Груев го прашал „Готов ли си да умреш за Македонија"? Спомени на: Иван Гарванов..., 202., Исто.

немало. За нив тој кажува дека: „...тие се непоправливи партизани, дури се готвеа да го изложат нашето дело и да ги преследуват своите противници со сите сили“.[406] Од друга страна го обвинува и Ѓ. Петров како член на ТМОРО, со кој што луѓето од ВМК биле во блиски контакти таму во Софија. За него пак кажува дека е подлец од кого крвта му зоврива.[407] За поткрепа на своите погледи, Гарванов ја наведува „подмолната“ активност на И. Х. Николов кој пишувал писма со клеветничка содржина до двајца видни граѓани на Солун, притоа злонамерно ја засегал нивната семјна и морална чест, со намера за да предизвика конфликт помеѓу нив, затоа што неможел да се приближи до едниот од нив и да му се одмазди на другиот.[408]

Како второ Гарванов го споменува начинот на кој што Организацијата требало да го вооруже населението во Македонија за кревање на востание. Тој тврди дека со лаги и измами, раководителите на ТМОРО собирале големи пари за купување на оружје, но истото никаде го немало. Порди тоа, според Гарванов трпението на луѓето било при крај барајќи го ветеното оружје. „Мене лично ми се случи да слушнам озборување од простите селани, кои што не можеа да разберат дека јас немам врска со собирањето на пари од селото и притоа ми напоменаа дека дале 10 – 15 лири за една пушка, но не добиле ниту еден револвер. Недовербата кај луѓето оди до таму што говорат за некакви злоупотреби“.[409] Наметнувајќи ја главната причина за кој било формирано Братството „да ја одвратат Организацијата од лошиот пат по кој тргнала“, Граванов вели „ние посакавме колку што можеме да ја спасиме таа недоврба, да доставиме оружје без да собираме пари“. Поради ваквиот однос на

---

[406] Иван Гарванов – спомени, документи, материали..., 150.

[407]. Исто, 154.

[408] Исто, 150.

[409] Гарванов по се изгледа не успеал да разбере дека во борбата со проегзархиските структури во кои што вклучително припаѓа и тој биле потрошени огромни средства од страна на ТМОРО. Предавствата извршени пред османлиските власти предизвикале повеќе провали и афери што значително ќе ја ослабнат Организацијата. Исто.

раководството на ТМОРО доколку дојде до востание, не би можеле да вооружат ниту по десетмина луѓе.[410]

Како трето Гарванов ја обвинува Организацијата за бруталниот начин при собирањето на пари, на кој што раководството на Братството остро се спротивставило. Тој смета дека полесно и поедноставно е собирањето на парични средства на доброволен начин, бидејќи во Македонија постојат многу патриоти кои што би донирале парични средства во касата на Организацијата. Според него „доволно е населението да има верба во чесноста на оние што ги собираат парите, тогаш насилството ќе биде излишено".[411] Со овие зборови Гарванов паѓа во контрадикторност, бидејќи заборавил дека и Братството преку „својата чета" во Дојранско планирало насилно собирање на пари. Од друга страна, Гарванов паѓа во уште една контрадикторност, бидејќи погоре во писмото зборува за злоупотреба на организациските пари, а сега зборува за некаква доверба. Најверојатно мисли дека парите треба да ги собира раководството на Братството.

Во четвртата точка Гарванов ја обвинува Организацијата за судирот со Братството. Спорд него расцепот меѓу двете спротивставени страни веќе постоел уште пред да биде формирано Братството. Партизанскиот начин на раководење на ТМОРО, диктиран од ЦК во Солун предизвикал масовно откажување на нејзините членови.[412]

Во петтата точка Гарванов пишува дека уште пред да биде формирано *Братството, дека тие (просгзархиститс) посакувалс единство меѓу ВМК и ТМОРО.*[413] До вакво единство не би можело да дојде затоа што ВМК сакал да се стави во надредена положба во однос на ТМОРО.

---

[410] Во текот на постоењето на Братството, целиот негов арсенал изнесувал неколку пушки и пет револвери. В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 258; Исто, 151.

[411] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893 – 1903..., 150 – 151.

[412] Исто, 151.

[413] Исто.

Понатаму во писмото Гарванов од ВМК бара да се заложи за помирување на Братството и ТМОРО, бидејќи тие не можеле да најдат заеднички јазик за тоа. На тој начин би им се овозможило на неговите дејци влез во Организацијата. Затоа на крајот од писмото Гарванов бара мислење и совет како би дошло до тоа. Гарванов посакува обединување на сите Революционерни организации и слевање под знамето на ВМК.[414] Сето тоа би било идеално доколку и ТМОРО го дели ставот на ВМК и Братството во однос на револуционерното движење во Македонија.

Ова писмо на Гарванов било прочитано на четвртото заседание на Конгресот на 04. 05. 1899 година.[415] Според протоколот број 5 од 04. 05. 1899 година било решено: Да се наложи на идниот комитет да ги искаже жалбите за тоа што се случило и да се посвети таа Организација што поскоро да се слее во постарата, со што ќе исполни еден свет долг кој што и се налага од самото дело.[416]

Во писмото на Гарванов до претседателот на VI македонски конгрес, не се споменуваат имињата на луѓето на кои се однесува истото. Тој следниот ден на 29. 04. 1899 година испратил друго писмо на адреса на Кочо Аврамов со појаснување на проблемите за кои што пишува во првото писмо и ги наведува имињата на посочените лица од првото писмо.[417] За таа цел на К. Аврамов му дава инструкции како да се однесува на Конгресот. „Целта на ова писмо е да ти ги појаснам од една страна некои места од изложеното, кое што ќе го приложиш пред претседателот на Македонскиот конгрес, а од друга страна да ти даде материјал по одредени точки, за кои не може да се говори во изложеното, за да не постанам причина да се изложат некои дејци пред одредени членови на Конгресот, за да им се даде можност повеќе да викаа на нас дека вршам предавство".[418] Затоа го предупредува при изложувањето на фактите пред Конгресот да биде „што поскржав со споменувањето на нивните

[414] Исто, 156

[415] Иван Гарванов – спомени, документи, материали..., 155.

[416] Исто.

[417] Исто, 155 – 158.

[418] Исто, 155.

имиња".[419] Гарванов причината за неуспехот на преговорите за помирување ја наоѓа во активноста на Х. Татарчев и И. Х. Николов. „Тие луѓе исполнети со партизанска злоба, кога почувствуваа дека почвата под нивните нозе им е доста зајакната и го прегрнаа делото на револуцијата ... на почетокот тие не помислиле дека може да се појават многу чесни работници, при што револуционерното дело ќе завземе таков карактер каков што има сега".[420] Тој го обвинува И. Х. Николов и за злоупотреба на пари од касата на Организацијата. Како пример го наведува Окружното што тој го испратил до комитетите во внатрешноста со кое препорачувал учебници да се купуваат само од неговата книжарница, а за возврат на тоа дека тој ќе внесува одреден процент во револуционерната каса. Меѓутоа, според Гарванов, И. Х. Николов не внел во касата на ЦК околу 400 лева. Исто така Гарванов обвинува и за други злоупотреби на други пари на Организацијата. Тој, Х. Николов и Татарчев ги обвинува бидејќи им попречувале на дејците на Револуционерното братство да дадат поголем придонес за ослободувањето на Македонија. „Нашето Братство макар и слабо даде една жртва во лицето на Ганов ... Ќе им кажеш, дајте ни да работиме и ние сакаме да се пожртвуваме за слободата на робот. А тие ни одговараат – Хм вие лажете, вие сте предавници".[421] Ваквиот однос на ЦК, Гарванов го карактеризира како добра причина револуционерното дело да падне во рацете на Србите и Грците. Затоа тој тврди дека Македонската револуција треба ја подржува девизата – „слободна Македонија или поробена во слободна Бугарија".[422] Подржувајќи ја оваа девиза Гарванов, јасно ги искажува своите пробугарски ставови.

[419] Исто, 156.

[420] Исто.

[421] Исто, 157.

[422] Исто, 158.

## Односите на Братството со ВМК на Борис Сарафов 1899 година

На VI македонски конгрес во Софија бил избран нов ВМК на чело со Борис Сарафов.[423] Од тогаш односите на новиот ВМК со Братството влегуваат во нова димензија. Контактите меѓу двата комитета се засилиле. Затоа комитетот во Софија пројавил интерес да му помогне на Братството морално па дури и финансиски. Секако главна цел и на двата комитета била превземање на раководството на ТМОРО. ВМК на Б. Сарафов, кој од една страна одржувал блиски односи со ТМОРО, од друга страна во лицето на Братство гледал партнер, преку кој може до некаде да се уценува засилената ТМОРО за да ја преземе контролата врз неа.

Генерално политиката на ВМК на Борис Сарафов биле насочена кон помирување „изгладување" на недоразбирањата и помирување помеѓу Братството и ТМОРО. Б. Срафов со помирувањето се надевал дека ќе обезбеди внатрешни сојузници за целосно преземање на раководната улога во македонското революционерно движење. Поради тоа била интензивирана комуникацијата со Братството. Иван Гарванов во писмото од 28. 04. 1899 година веќе се изјаснил дека посакува обединување на Револуционерните организации под раководство на ВМК од Софија.[424] За таа цел И. Гарванов отпатувал за Софија. Таму се сретнал со луѓето од комитетот на Б. Сарафов при што биле договорени условите за помирување со ТМОРО. Притоа му било ветено дека ќе биде испратен и посредник, кој што ќе посредува во преговорите за помирување.[425]

Во меѓувреме, Братството држејќи се до принципите да не собира пари по насилен пат, со цел да ја дискредитира ТМОРО пред ВМК и бугарската влада, западнало во тешка финансиска криза. Членскиот внос од ¼ до 5 лири не бил доволен за финансиските потреби на Братството, а од друга страна долговите се повеќе се зголемувале. Затоа за време на училишниот распуст, Гарванов тргнал во мисија на Света Гора да бара пари од Зографскиот манастир. Тој побарал 100 лири,

[423] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 272.

[424] Иван Гарванов – спомени, документи, материали..., 154 – 155.

[425] К. Пандев, Националноосвободителното..., 164.

но добил само пет. Гарванов, исфрустриран од понижувањето ги вратил петте лири.[426] Подоцна долгот што го имало Братството бил исплатен од ВМК на Борис Сарафов.[427]

Од друга страна, поради големата нетрпеливост меѓу Братството и ТМОРО, Солунската општина на чело со Х. Татарчев испратила писмо до Егзархијата за отпуштање или преместување на дејците на Братството од Солун.[428] Поради ваквата постапка на Татарчев, Гарванов се нашол во тесно и веднаш реагирал кај Б. Сарафов. Во писмото од 02. 09. 1899 година Гарванов пишува: „Солунската општина, т. е. Татарчев напишал рапорт во овој смисол ... Комитетот сакал од Егзархијата 3 – 4 од нашите дејци во кои вклучително влегувам и јас да бидеме отпуштени или преместени".[429] Иако „најголемата желба" на Гарванов била помирување на Братството со ТМОРО, сепак по ваквата постапка на Татарчев, тој бил скептичен по однос на ова прашање. За тоа најдобро сведочат неговите зборови „...од една страна сакаат да се помириме, а од друга страна ни се копа гроб..."[430] Понатаму во писмото Гарванов се жали дека единствен начин за саработка му е службата дадена од Егзархијата и доколку биде избркан од работа, сето тоа ќе биде како резултат на активностите на раководството на ТМОРО. Затоа го замолува Сарафов да превземе конкретни мерки да не дојде до тоа.[431]

---

[426] Спомени на: Иван Гарванов..., 202.

[427] К. Пандев, Националноосвободителното..., 161.

[428] Б. Николов, М. Цветков, В. Станчев, Иван Гарванов – Венча се за Македония..., 62.

[429] Исто.

[430] Исто.

[431] Исто.

**Глава VI**

# БУГАРСКАТА ВЛАДА, ЕГЗАРХИЈАТА И БРАТСТВОТО

## Улогата на Бугарската влада во креирањето на политиката на Братството во Македонија

Соработката на Револуционерното братство со бугарската влада започнала со формирањето на Благодетелното друштво „Милосрдие". Бугарскиот премиер К. Стоилов финансиски го поджал Милосрдие со испраќање на 100 лева, поради што бил прогласен за почесен член.[432] Целата кореспонденција на Милосрдие со бугарската влада се препраќала преку бугарскиот трговски агент во Солун А. Шопов. Бидејќи со текот на времето дејците на Братството се слеале во Милосрдие, и нивната кореспонденција со бугарската влада била вршена преку трговското агентство во Солун.[433] Главен актер и координатор во односите помеѓу бугарската влада и Братството во Солун бил токму А. Шопов. Сето тоа се гледа низ кореспонденцијата меѓу бугарскиот трговски агент во Солун и владата во Софија. Во писмото од 28. 01. 1898 година А. Шопов до бугарскиот премиер К. Стоилов пишува: „Прашањето за ослободувањето на Македонија треба да стои не во рацете на комитети и организации, туку во рацете на бугарската влада, која што треба да диктира, а нејзините диктати буквално треба да се исполнуват".[434] Но, бугарската влада не била во состојба буквално да и диктира на ТМОРО за да ги спроведува нејзините идеи и интереси во Македонија. Поради тоа, како таква алатка единствено можело да се искористи Револуционерното братство. Атанас Шопов смета дека треба да му се даде можност на Братството да покаже за што всушност е создадено. „Тоа

---

[432] К. Пандев, Националноосвободителното..., 158.

[433] Исто.

[434] А. Шопов, Дневник..., 72.

може многу да направи при постоечките услови. Само треба да се одвлече вниманието на општеството кон друго дејствие, кон општа и неуморна легална работа, преку која можеме да направиме многу, додека не дојдат времиња за подруги дејствија".[435]

Најголемата пречка за реализирање на бугарските идеи и интереси во Македонија претсавувала ТМОРО. Затоа А. Шопов на секаков начин се обидувал да ја дискредитира Организацијата и сите несреќи во Македонија да ги префрли на нејзина сметка. Во писмото од 27. 02. 1898 година, А. Шопов го известува бугарскиот премиер К. Стоилов, за насилното собирање пари од страна на ТМОРО за купување на оружје. Тој сметеа дека ТМОРО во Македонија не е способна за преземање на вакви акции, туку дека изворот на сето тоа е Софија. Затоа треба да се преземат мерки против ваквиот начин на собирање на пари. „Моето мислење е дека преку Софија најуспешно може да се дејствува за прекратување на ризичните работи... офицерскиот комитет во чие што раководство најмногу има ваши бугарски офицери, врз кои може да се дејствува".[436] Според Шопов поради тоа во Софија треба да се воведе ред и дисциплина бидејќи „јас предвидувам лоши работи и катастрофи и тука (Македонија, б.н.) и во Бугарија". Понатаму Шопов го моли Стоилов да бидат преземени сериозни мерки бидејќи последиците не можат да се предвидат.[437]

Од друга страна, К. Стоилов дава до знаење дека бугарската владата е за постоењето на Револуционерна организација во Македонија, но која што ќе работи по нејзин диктат. Затоа тој размислувал да ги ангажира раководителите на Организацијата да работат за пробудувањето на народното чувство против нелојалните дејствија на другите прпаганди (во прв ред српската и грчката). Тој смета дека работите во тој момент се во добра состојба и кога ќе дојде моментот за дејствување бугарските војски ќе стапат во дејствие за да се ослободи Македонија. За таа цел Стоилов смета дека е подобро сета контрола во борбата против другите

---

[435] Исто, 73.

[436] Исто, 75.

[437] Исто.

пропаганди да биде ставена под контрола на бугарската влада. Дури го подржува и купувањето на пушки од страна на ТМОРО и делењето меѓу македонското население, бидејќи на тој начин ќе се подигне духот и мотивацијата меѓу населението.[438] Очигледно, владата во Софија имала за цел под своја контрола да ја стави и ТМОРО и револуционерното дело во Македонија. Но за ЦК на ТМОРО тоа не било прифатливо во никој случај. Оттука, единствена Организација што ќе работи под директива на владата во Софија било токму Братството, но притоа во никој случај не смеела да биде дискредитирана бугарската влада. Затоа во писмото од 25. 04. 1898 година К. Стоилов го предупредува А. Шопов дека само официјалните органи на владата во Софија имаат право да говорат и да ги толкуваат неговите намери. А додека нивната задача во Солун е да внимаваат на тоа.[439]

Во однос на училишното дело во Македонија, бугарската влада ја имала Егзархијата, но за да се засили прцесот било подржувано и Милосрдие. Целта била да се издржуваат и отварат училишта во Македонија онаму каде што ги немало.[440] Затоа бил направен обид за отворање на училишта во селото Ќиреч – Ќој во близина на Солун и во селото Сехово, како реакција против грчката прпаганда. Во Сехово биле потрошени 400–500 лири. За таа цел, Д. Мирчев и А. Шопов соработувале со А. Думбалков, при што привлекле околу триесетина куќи. Но поради големото влијание на грчката пропаганда не можеле да постигнат некои поголеми резултати. А. Думбалков ја прекинал соработката со нив плашејќи се за својот живот од страна на грчките патријаршисти. Слична била ситуацијата и во Ќиреч–Ќој. Таму соработувале со извасен дедо Дељо и неговите синови. Но, откако биле привлечени доволен број на селани за да биде отворено училиште поголемиот син на дедо Дељо бил убиен од страна на грчката пропаганда, при што старецот се откажал од соработката со Милосрдие. И овој обид за отворање на бугарско училиште пропаднал.[441]

---

[438] Исто, 78.

[439] Исто, 79.

[440] Д. Мирчев, Спомени..., 81.

[441] Исто.

На бугарската влада и одговарало да има свој сателит во Солун кој што ќе ги брани и спроведува нејзините идеи и интереси во Македонија. Братството водејќи се од големобугарските идеи и политики агитирало во нејзина корист. Неговите дејци излегувале на терен со зборовите: „Бугарија ќе не ослободи и од Бугарија да чекаме за се, ние треба само да се готвиме. Пушки да не се купуваат и да не се внесуваат, затоа што Бугарија ќе ги даде. Револуционерство да не се пројавува, туку само морална подготовка“.[442] Ваквиот начин на агитација од страна на Братството и одговарало на бугарската влада затоа што меѓу македонското население било агитирано во нејзино име, но не се дозволувало да бидат преземени конкретни чекори за да не биде вмешано името на Бугарија во некаква валкана акција во Македонија. На тој начин бугарската влада би останала чиста пред европските конзули во Османлиската империја, а со тоа и пред Големите сили.

Всушност од сето тоа јасно се гледа дека бугарската влада на чело со премиерот К. Стоилов претставува ментор на Братството во креирањето на неговите политики во Македонија.

По падот на владата на К. Стоилов состојбата во Братството драстично се променила, но сепак тоа не отстапувало од своите политики. Во ситуација кога Братството поради незначителниот одзив на населението во Македонија паднало во финансиски долгови, И. Гарванов заминува во Софија да бара поддршка, морална и материјала. При средбата на Гарванов со луѓето од бугарската влада на некој начин тој бил оставен на цедило, бидејќи не му била ветена конкретна помош. Наместо тоа, како единствен излез му било препорачано помирувањето со ТМОРО.[443] На тој начин бугарската влада се заштитила и самата себе од какви и да било дејствија во Македонија, без да биде деградирана пред Големите сили.

---

[442] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 37.

[443] Спомени на: Иван Гарванов..., 204.

## Бугарската егзархија и Братството

Револуционерното братство претставува творевина на Бугарската егзархија. Негови идејни основачи биле В. К'нчов, Селџобалиев и Егзархот Јосиф I.[444] Затоа Братството најголема подршка ќе добие токму од Егзархијата, преку нејзините институции против дејците на ТМОРО во Македонија. Всушност и неговите основачи се Бугари и Македонци кои што доаѓаат од високите проегзархиските средини од Македонија, луѓе кои што работат за Егзархијата и добиваат плата од Егзархијата. Според тоа И. Х. Николов јасно кажува дека, еден од принципите според кои било создадено Братството е „организираната маса да биде потчинета на наредбите на Егзархијата".[445]

Бугарската егзархија била за пасивизација на македонското револуционерно движење. Агитицијата на дејците на ТМОРО за кревање на востание меѓу македонското население кај Егзархот предизвикало страв за бугарското дело во Македонија. Затоа егзархот Јосиф I на 17. III (стар сили) 1898 година писмено се обратил до бугарскиот кнез Фердинанд, а препис од писмото бил испратен и до премиерот К. Стоилов. Во писмото Егзархот се пожалил на постапките на ТМОРО и искажал „стравување за бугарското дело ако таа дејност продолжи".[446] Притоа потенцирал, дека доколку бугарската влада не биде подготвена за активно вмешување при евентуално востание во Македонија, во тој случај Организација треба да се предупреди да престане со агитацијата за востание. Како одговор на писмото, Фердинанд и Стоилов го успокоиле Ефзархот.[447]

Како против мерки за ваквата дејност на ТМОРО, но и да ја заштити дејноста на Братството во Солун, Егзархијата започнала да ги брка од работа учителите револуционери или да ги преместува во други градови. Во периодот од 1896 до средината на 1899 година се случило најголемото гонење на учителите на

---

[444] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 38.

[445] Пречки и опасности..., 6.

[446] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 215.

[447] Исто.

Организацијата диригирани од В. К'нчов, А. Наумов и Селџобалиев со директна подршка на Егзархијата.[448] Во градовите каде што револуционерното движење било поизразено, Егзархијата правела напори да го парализира. За таа цел Егзархијата ги активирала и архиерејските намесници во Македонија.[449]

При ваква ситуција уште во учебната 1897/98 година Д. Груев останал без работа.[450] По пријава на општинскиот претседател, Д. Груев бил повикан од Егзархијата во Цариград на сослушување кај Егзархот поради „безбожност". На средбата Груев ги изнел ставовите пред Егзархот дека нема потреба да стравува од неговата безбожност. Разговорот продолжил околу дејноста на Организацијата. Егзархот наводно немал забелешки околу дејноста на ТМОРО, туку само искажал стравување, дека со избрзани акции може да се предизвика австриска окупација на Македонија.[451] Ваквиот страв на Егзархот бил оправдан затоа што ако се случи тоа целиот труд на бугарската порпаганда за припојување на Македонија кон Бугарија би бил залуден. Д. Груев во своите спомени ќе каже: „Почетокот на Братсвото се совпаѓа со последниот период на мојот престој со служба во Солун и со моето отпуштање". По една година, откако останал без работа, Д. Груев од османлиските власти бил интерниран во Битола.[452]

Ваквите непопуларни мерки на Егзархијта против ТМОРО, под диктат на В. К'нчов од Цариград и на Братството во Солун имале за цел да ја поткопаат Организацијата, притоа подготвувајќи почва за дејствување на Револуционерното братство.[453] Тоа не и одговарало на ТМОРО, бидејќи се нашла во ситуација на едно место да има и по неколкумина видни дејци и добри работници на Организацијата, додека во други места немале луѓе ниту за раководители на месните комитети. Единствениот излез од ваквата состојба, ТМОРО побарала во директните контакти и

[448] Д-р Х. Татарчев, Вътрешната македоно – одринска революционна организация..., 69.

[449] С. Димевски, Историја на Македонската православна црква..., 644.

[450] Спомени на Д. Груев..., 99.

[451] Исто.

[452] Исто.

[453] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 84.

закани пред Егзархијата во Цариград.[454] За таа цел бил изготвен список од околу 70 - тина лица кои што требало да бидат назначени за учители во внатрешноста на Македонија за да може да се избалансира состојбата на терен околу недостатокот на раководен кадар. Во 1898 година Ѓорче Петров бил испратен во Цариград да му го предаде списокот на Егзархот.[455] За време на средбата Егзархот не отстапувал од тезата дека Егзархијата во Македонија е единствениот раководител на духовниот живот. Тој пред Ѓорче признал дека дури 45% од неговите службеници таму се наоѓаат под контрола на Организацијата. Оттука Ѓорче се прашува „ако тоа е така што бара тој во Цариград?“ Во однос на списокот Егзархот кажал дека дел од учителите во некои места веќе биле обвинети за одредени дела и непожелни за враќање назад.[456] Ѓ. Петров го преупредил Егзархот дека доколку не бидат исполенти барањата на Организацијата, егзархиските чиновници ќе бидат заплашени, а учителите кои што работеле против ТМОРО, а биле на страната на Егзархијата ќе бидат избркани од Македонија, бидејќи младината веќе ја подржувала ТМОРО, лесно било да ги убедат учениците да ги напуштат гимназиите.[457] Но Егзархот не отстапувал од еволутивната дејност на Егзархијата пред револуционерната на Организацијата. На средбата со Егзархот, Ѓорче сфатил дека идејата за формирање на Револуционерното братство се родила во Егзархијата или како што вели тој „можеби во главата на Егзархот“.[458]

При вакви околности порди непопусливоста на Егзархот, ТМОРО се нашла во безизлезна ситуација. Нејзината работа на терен во внатрешноста на Македонија била парализирана. Односите со Братството се повеќе се заострувале. Притисокот за

---

[454] Исто, 85.

[455] Ѓорче Петров бил испратен во Цариград да му го предаде списокот за распоредување на учители во внатрешноста на Македонија, затоа што во тој период теј бил задграничен претставник на ТМОРО во Софија и не бил во служба во Егзархијата. При преговорите Егзархот не би бил во состијба да повлијае врз него. За таа цел сите надежи на ТМОРО биле насочени токму кон Ѓ. Петров. Спомени на Гьорчо Петровъ..., 84.

[456] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 84

[457] Исто, 87.

[458] Исто.

помирување со неговото раководство се зголемувал. Голем придонес за парализирање на активноста на ТМОРО во внатрешноста на Македонија со својата активност дале и егзархиските владици, во прв план тука влегле битолскиот митрополит Григориј и срумичкиот Герасим. Григориј бил голем непријател на Македонското револуционерно движење. Тој за да ја ослабне активноста на Организацијата во Пелагониско честопати вршел прогони и преместување на учителите приврзаници на Организацијата. Судирот на Битолскиот Окружен комитет со владиката Григориј достигнал највисока точка на вриење. Поради апсолутистичкиот однос на владиката во Пелагониско, Организацијата решила да превземе соодветни мерки за неутрализирање на неговата активност, меѓу кои се предвидувала и смртна казна за самиот митрополит.[459] Слична била и состојбата со митрополитот Герасим во Струмичко. Односите на ТМОРО со него биле заострени веднаш по неговото назначување во 1898 година. Струмичкиот Окружен комитет од Герасим побарал сума од 150 лири, кој што тој одбил да ја даде. Но двајца терористи на Организацијата со револвери во рацете ги одзеле бараните пари.[460] Односите на ТМОРО со Герасим уште повеке зе заостриле во учебната 1899/1900 година. ОК во Струмица во согласност со ЦК доставил до митрополитот список на учители, притоа определувајќи кој каде да биде распределен. Герасим ја одбил соработката и притоа се обидел да премести дваесетина учители. Тој осебено се нафрлил врз Сојан Ѓорѓиев претседател на струмичкиот ОК и Давче Наков.[461] Од тие причини ОК донел смртна пресуда за Герасим.[462] Смртните пресуди за митрополитите биле верификувани на Советувањето на ЦК во Солун од август 1899 година. Сите делегати гласале едногласно за пресудата, но истата била одложена по барање на ЦК.[463] Во врска со смртната пресуда за митрополитите Григориј и Герасим, И. Х. Николов во своите спомени ке каже: „Јас го очекував обратното и кога го видов резултатот морници ме

[459] А. Трајановски, Бугарската Егзархија..., 152.

[460] Манол Пандевски, Ѓорѓи Стоев – Трнката, Струмица и струмичко низ историјата, Оштински одборна Сојузот на здружението на борците од НОБ – Струмица, Струмица, 1968, 250 – 251.

[461] Исто, 251.

[462] Исто.

[463] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 297.

обзедоа. Да убиеме двајца митрополити, претставници на нашата духовна власт, бератите за кои се издејствувани со толку труд, па дури и кога се противници на Организацијата ми се виде страшно. Го погледнав Х. Татарчев и во неговото лице го видов истиот израз“.[464]

Претседателот на Братството - И. Гарванов заминал за Цариград да бара подршка од Егзахот поради тешката положба. Во тој период Братството се наоѓало во финансиски долгови, а и така малата подршка меѓу населението во Македонија се повеќе опаѓала. Меѓутоа, Гарванов во Цариград не добил конкретен одговор од Егзархот како би можел да му помогне, освен од неколку егзархиските чиновници.[465] Во врска со посетата на Цариград и средбата со Егзархот и егзархиските чиновници Гарванов зборува во писмото од 24. 09. 1899 година адресирано до К. Аврамов. „Од Цариград понесов многу лоши впечатоци. Сите освен Егзархот беа исплашени од заплашувањата на Комитетот и беа готови на севозможни отстапки доколку Егзархот би се согласил. Воопшто егзархиските големци сакаа да бидат и тие се големи сеирџии на работите, затоа гледаат да имаат мир на секаде, за да можат да преживеат на секаде, како чиновници – кукли“.[466] Од друга страна и предлозите ставени на маса од Гарванов во врска со назначувањето учители во егзархискаите училишта во Македонија категорично биле отфрлени.[467] Па според тоа нему му било сосема јасно дека нема што да бара во Цариград и единствен спас од настанатата состојба го гледа во помирувањето со ТМОРО. Истото му било сугерирано и таму во Цариград од страна на егзархиските чиновници.

Учителите револуционери од потесното раководство на Организацијата биле отпушатани од работа или префрлани во други краишта на Македонија. Во Солун останале само Х. Матов, Х. Татарчев, И. Х. Николов и Г. Попев, недоволно за да се справат во борбата со проегзархиските средини. За да бидат вратени учителите револуционери од потесното раководство на ТМОРО на работа за продолжување на

---

[464] Спомени на: Иван Хаџи Николов..., 66.

[465] Спомени на: Иван Гарванов..., 205.

[466] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893 – 1903..., 164.

[467] Исто.

револуционерната дејност во Македонија, но и да се стабилизираат односите со Егзархијата, Организацијата била принудена да ги побара услугите на притисок од ВМК, но и да го прифати помирувањето со Братството. На тој начин Егзархијата му помогнала на Братството во остварување на зацртаните цели.

## Глава VII

# САМОРАСПУШТАЊЕ НА БРАТСТВОТО И НЕГОВОТО ИНКОРПОРИРАЊЕ ВО ТМОРО

### Првични преговори

Иницијативата за помирување меѓу Братството и ТМОРО датира уште од првата година од неговото фомирање. Како резултат на затегнатите односи меѓу двете Организации и последиците по револуционерното дело во Македонија, секретарот на бугарското трговско агентство во Битола, Тома Карајовов испраќа писмо до претседателот на ВМК Христо Станишев со кое го замолува да преземе чекори за помирување на двете спротивставени страни. Во писмото од 12. 06. 1897 година, Карајовов го замолува Станишев задно со Гоце Делчев како сограѓани да превземат акции за помирување, затоа што еден погрешен чекор може да го убие делото во Македонија.[468]

По низата недоразбирања и затегнати односи, во септември 1898 година биле водени првични преговори за помирување меѓу раководителите на Братството и ТМОРО.[469] Според А. Шопов за време на преговорите Братството се обидело да внесе „чесност и умереност" во работата на ТМОРО. Притоа од страна на Братството биле поставени одредени услови кои што треба да доведат до примирје помеѓу двете спротивставени страни. При што, Братството наводно побарало ТМОРО да престане со грабежите, убиствата, разбојништвата и ризичните акции.[470] Раководителите на Братството биле свесни дека ја изгубиле и така малата подршка меѓу македонското

---

[468] Во тој период Г. Делчев бил задграничен претствник на ТМОРО во Софија. Иван Гарванов – спомени, документи, материјали..., 144.

[469] А. Шопов, Дневник..., 87.

[470] Исто.

население. Финансиски ослабнато, Братстовото барало начин како да дојде до позиција за остварување на главната цел за која што и било формирано, превземањето на ЦК во свои раце во функција на големобугарските идеи и интереси во Македонија. Ваквите услови за раководството на ЦК биле неприфатливи посебно од луѓе што и пркосат на Организацијата во нејзината дејност и во повеќе наврати подготвувале атантати врз членовите на ЦК. Затоа во писмото од 26. 09. 1898 година А. Шопов го известува К. Стоилов за преговорите за помирување меѓу Братството и ТМОРО и притоа нагласува дека „се сомнава дека ќе се постигне добар резултат".[471] Преговорите завршиле неуспешно.

## Мисијата на Гарванов во Софија и Цариград

Во 1899 година опстнокот на Братството на историска сцена бил доведен во прашање. Неговото раководство било свесно дека преку отворен конфликт со моќната ТМОРО не можат да дејствуваат за остварување на зацртаните идеи. Преговорите од септември 1898 година завршиле неуспешно. Единствен начин да дојдат поблиску до ЦК, а воедно и до нивно слевање со него, повторно останале преговорите за помирување со Организацијата. Меѓутоа, поради нетранспарентниот начин на однесување на Братството како втора Организација во Македонија и честите обиди за атентати врз членовите на ЦК, последните биле против било каква соработка. Според тоа, до нови преговори за помирување тешко можело да се дојде.

Последна надеж на Братството да бара помирување со ЦК и слевање на неговото членство во редовите на ТМОРО е да бара подршка за медијаторство преку границата во Бугарија. Најверојатно по решение на Управниот совет на Братството, во 1899 година Гарванов заминал во Софија за да бара подршка од ВМК, од

[471] Исто.

бугарската влада и од Егзархијата, за продолжување на дејноста независно и против Револуционерната организација.[472] При средбите со тамошните големци, Гарванов бил советуван да се помири со Револуционерната организација. Во Софија, Гарванов најпрво се сретнал со генералот Рачо Петров. За време на разговорот Р. Петров го посоветувал Гарванов дека било пожелно да најдат компромис со ТМОРО во врска со недоразбирањата и да врват по еден пат. На прашањето од Гарванов доколку Организацијата значително се засили, и со својата активност ја предизвика Бугарија на една војна против Турција како што тоа го направила Етника Етерија со Грција што ќе се случи?,[473] Р. Петров одговорил: „Јас не се плашам од тоа, бугарската војска е дисциплинирана. А тогаш уверен сум дека кнезот мене ќе ме повика на власт".[474] По средбата со Р. Петров, Гарванов заминал на средба со поранешниот бугарски премиер К. Стоилов, каде што сакал да го слушне ставот на бугарската влада во врска со подршката на ЦК. При средбата, Стоилов му го покажал на Гарванов Окружното кое било издадено од страна на бугарската влада до нејзините трговски агенти во Македонија во кое имало отворени закани против членовите на ЦК на ТМОРО, доколку стапат на бугарска земја дека ќе бидат затворени.[475] Притоа, Стоилов го убедил Гарванов дека има цврсти докази за поврзаноста на Ѓ. Петров со турското комесарство. На излегување, Гарванов бил убеден дека не може да се надева на подршка од Народната партија.[476] Гарванов потоа заминал на средба со министерот за внатрешни работи Васил Радославов. При разговорот со него Гарванов дошол до заклучок дека Радославов цело време го поткупувал наместо да го насочи во правец како да излезе од безизлезната ситуација. При разделбата, Радославов го поканил на уште една средба, но до крајот на престојот на Гарванов во

[472] К. Пандев, Националноосвободителното..., 164.

[473] Гарванов предупредува на моментот доколку биде кренато востание во Македонија, да не биде втурната и Бугарија во една војна со Османлиската империја. Алудирајќи на веќе завршената Грчко – турска војна од 1897 година.

[474] Спомени на: Иван Гарванов..., 203-204.

[475] Исто.

[476] Исто.

София не се сретнале.[477] Поради ладниот пречек во София од страна на бугарската влада, Гарванов изгубил надеж дека може да очекува некаква помош од таму, било материјална или морална за безизлезната состојба во која што се наоѓало Братството.[478]

На крајот од престојот во Софија, Гарванов бил поканет од Б. Сарафов на средба со Ѓорче Петров за конечно ставање крај на судирот меѓу Братството и ТМОРО. Но наместо тоа, Гарванов оди во ВМК и пред полн состав на Комитетот во еден опширен извештај ги изнел „причините за создавањето на Братството и мотивите за неговото постоење".[479] Наместо подршка за дејствување на Братството, ВМК му ветил дека ќе бидат преземени секакви мерки за постигнување на договор за помирување со ТМОРО, па дури ако е потребно и по пат на сила.[480] На средбата биле договорени некакви 5 точки според кои Братството требало да го издејствува примирјето со ТМОРО. Притоа на Гарванов му било ветено дека за таа цел во Солун ќе биде испратен човек што ќе посредува во преговорите за помирување.[481] Ваквиот развој на настаните му одговарал на ВМК. Но, Ѓорче Петров категорично се изјаснил против помирување и против слевање на Братството во редовите на ТМОРО. Тој дури и аплаудирал на акцијата против А. Наумов во Сер. Според Сарафов: „Ѓорче беше на мислење дека треба да се исколат сите во Братството, - никакво разбирање никакиво помирување".[482] Во своите спомени И. Гарванов известува и за обидот за атентат врз него во Софија во режија на Ѓ. Петров. Така, додека Граванов со двајца придружници седел во кафенето на браќа Миладинови, група Македонци се обиделе

---

[477] Исто.

[478] А. Аврамовъ, Неизнесени материяли..., 31.

[479] Спомени на: Иван Гарванов..., 204.

[480] Исто.

[481] К. Пандев, Националноосвободителното..., 164.

[482]Според Румен Пасков, Ѓ. Петров всушност бил организатор на атентатите врз А. Наумов во Сер. Румен Пасков, Борис Сарафов 1872 – 1907 – Биография, София, 1996, 79. Спомени на Борис Сарафов..., 142.

да ги нападнат, но како што вели тој „јас веднаш се фатив за револверот",[483] притоа успеале да се спасат.

Од Софија, Гарванов заминал за Стара Загора а потоа за Цариград на средба со Егзархот,[484] кој што му бил единствената надеж за средување на состојбата во која се наоѓало Братсвото и за подобрување на односите со ТМОРО. Гарванов на двапати се сретнал со Егзархот. „Тој ниту ги одобруваше дејствијата на ЦК, ниту се чувствуваше силен да се бори со нив, се оправдуваше дека ЦК би подржуван од владата во Софија и од кнезот".[485] На прашањето какви се плановите на Егзархијата за понатамошно дејствување во Македонија? Егзархот одговорил: „Да имаме повеќе владици и да нафрлиме повеќе интелигенција, па таа самата да може да си ги решава проблемите".[486] Во Цариград, Гарванов се сретнал и со повеќе егзархиски чиновници, каде што најголема подршка пред се финансиска и морална му била ветена од Селџобалиев.[487] Но пред се му било сугериурано дека треба да се дојде до договор за помирување со ТМОРО.[488] Исто така во Цариград, Гарванов дознал, дека ЦК доставил барање преку солунската општина некои од учителите – дејци на Братството да бидат отпуштени од работа или преместени од Солун вклучувајќи го и него.[489] По престојот во Цариград, Гарванов заклучил дека поради колебливоста на Егзархот да и се спротивстави на ТМОРО, тој не можел да му помогне на Братството. Всушност, и самиот Егзарх немал план како да го стори тоа. Според Гарванов, егзархиските чиновници говореле само празни зборови без да го посоветуваат или да му понудат некаква подршка како да се справи со тешката состојба на Братството, притоа сите

[483] Спомени на: Иван Гарванов..., 204.

[484] Исто.

[485] Исто, 205.

[486] Исто.

[487] Исто.

[488] А. Аврамовъ, Неизнесени материяли..., 31.

[489] К. Пандев, Националноосвободителното..., 164 – 165.

му сугерирале помирување со ТМОРО. Десетина дена по средбата со Рачо Петров, Граванов добил таква сугестија и од страна на Дико Јовев.[490]

По мисијата во Софија и Цариград, Гарванов се вратил во Солун. Таму било одржано собрание на членството на Братството, каде што тој ги изнал сите предлози и сугестии што ги добил од Софија и Цариград. Сето тоа било ставено како передлог за гласање. Дел од членството сметело дека треба да се оди докрај и по цена на животот, со цел да предизвикаат интерес кај бугарското општество. Додека други сметале дека е подобро Братството да се помири со ЦК и неговите членови да се слеат во ТМОРО. На крајот било донесено решение да се почека пратеникот на ВМК од Софија да се види што тој ќе донесе и по каков пат ќе ги придвижи работите.[491] Всушност и самото раководство на Братството посакувало слевање во редовите на ТМОРО и преземање на ЦК во свои раце.

## Распуштање на Братството

Помирувањето меѓу Братството и ТМОРО се случило со септември 1899 година.[492] Долгоочекуваниот пратеник испратен од ВМК на 9 или 10 септември 1899

[490] Спомени на: Иван Гарванов..., 205.

[491] Исто.

[492] Постои неусогласеност во хронолошката рамка каде што во најголем дел во литературата се споменува дека помирувањето меѓу Братството и ТМОРО се случило во септември 1900 година. Ваквото погрешно датирање тргнува од спомените на И. Граванов. Таму за цела година се поместени настаните во текот на две ипол годишното постоење на Братството. Ваквата пракса започнува уште од објавувањето на спомените на Гарванов од страна на Љубомир Милетич во 1931 година. (Спомени на Дамян Груевъ, Борисъ Сарафовъ, Иван Гарвановъ, Сообщава: Л. Милетич, София, 1931, 120 – 125.). Историчарите во Бугарија водејќи се од хронолошката рамка од спомените на И. Гарванов прават голема грешка во датирањето на постоењето на Братството во периодот од 1898 – 1900 година, а со тоа и во погрешен кош го ставаат помирувањето со ТМОРО. (Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на

година конечно пристигнал во Солун. Како посредник во преговорите за помирување меѓу двете Организации, Сарафовиот комитет го испратил поручникот Иван Камбуров. Во Солун, Камбуров пристигнал со фалсификуван пасош на име на некој си Јосиф од Враца.[493] Тој поседувал полномошно од ВМК што му давало легитимитет на неговото посредништво. Во период од една недела, Камбуров неколку пати се сретнал со Гарванов. По пристигањето во Солун, Камбуров имал сознание дека треба да посредува за помирување, но деталите во врска со тоа не му буле познати. Затоа на првата средба со Братсвото, на само го повикал Гарванов да му даде некои појаснувања во врска со конфликтот со ТМОРО.[494] На средбата, Управниот совет на Братсвото пред Камбуров ги изложило 5 услови востановени за време на престојот на Гарванов во Софија, според кои се барало еднакво третирање на двете Организации за време на преговорите.[495] Понатаму било предложено еден од членовите на Братството да влезе во ВМК во Софија. Овој предлог категорично бил отфрлен од Камбуров и бил заменет со услов: „Никој од централистите да не го претствува ЦК во Софија, туку, ВМК да испрати свој претставник во Солун за да го следи развојот на работите". Акцент бил ставен и на запазување на училишното дело во духот на Егзархијата.[496]

Камбуров средбата со претставниците на ЦК ја очекувал околу една недела. Тие сакале да го видат полномошното од ВМК со кое што му се дава легитимитет на

---

Македония..., 125 – 127; Д. Кьосев, История на македонското национелно..., 201 – 205.). Превземајќи ги податоците од бугарските историчари и од спомените на Гарванов истиот проблем се јавува и во Македонија. (А. Трајановски, Бугарската Егзархија..., 177 – 179.). За разлика од нив дел од историчарите точно го датираат опстојувањето на Братството на историска сцена, а со тоа и помирувањето со ТМОРО. Така во Бугарската историографија Константин Пандев точно ја поставува хронолошката рамка на Братството од неговото формирање до распуштањето. (К. Пандев, Националноосвободителното..., 156 – 168.). Во Македонија тоа го прави Ванчо Ѓорѓиев. (В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 256 – 265).

[493] К. Пандев, Националноосвободителното..., 165.

[494] А. Аврамовъ, Неизнесени материяли..., 34 – 35.

[495] К. Пандев, Националноосвободителното..., 165.

[496] А. Аврамовъ, Неизнесени материяли..., 35.

Камбуров да посредува во преговорите. Откако биле сигурни дека тој е вистинскиот човек, Хаџи Николов изјавил дека во ЦК биле подготвени да го признаат, доколку тоа го стори и Братството.[497] На средбата со претставниците на ТМОРО, Камбуров ги изнел условите на Братството за помирувањето. Притоа, Камбуров ги известил претствниците на ЦК за врските на Братството со ВМК и заложбите во Софија за помирување меѓу двете Организации. Тој напоменал дека раководството на Братството посакувало двете Организации да се слеат во една и заеднички да продолжат со дејствување.[498] Но луѓето од ЦК на ТМОРО на Камбуров му ставиле до знаење дека всушност тие луѓе претсавуваат една мала група без особено значење што молат да бидат примени во ТМОРО. Затоа не можело туку така да се слеат во Организацијата, особено не да поставуват услови. Според ЦК, најпрвин, Братството требало да се растури, а потоа неговите членови да положат заклетва за влез во Организацијата. Па дури тогаш од неговите редови требало да бидат избрани членови во ЦК.[499] На разочарување на Братството дел од предлозите на Управниот совет за помирување биле отфрлени, а дел изменети.[500] Претставниците на ЦК излегле со свои предлози пред Камбуров во ултимативна форма на протокол, кој што требало да биде потпишан од највисокото тело на Братството доколку сакаат да биде постигнато помирувањето.[501]

Детали околу протоколот за помирување меѓу Братството и ТМОРО дава И. Гарванов во писмото до К. Аврамов од 24. 09. 1899 година. Според него 3 – 4 точки од протоколот биле клучни за помирувањето.[502] Условите на ТМОРО биле: 1. Тајното бугарско револуционерно братство во Турција се растура и се присоединува кон постоечката ТМОРО. 2. Се што му припаѓа на Братството ќе се отстапи на ЦК. 3. Братството да предложи 6 члена од кои по еден ќе биде избран за член во ЦК и во

[497] Исто.

[498] К. Пандев, Националноосвободителното..., 166.

[499] Пречки и опасности..., 8.

[500] А. Аврамовъ, Неизнесени материяли..., 35.

[501] К. Пандев, Националноосвободителното..., 166.

[502] А. Аврамовъ, Неизнесени материяли..., 36.

Солунскиот окружен комитет. Истото треба да се случи и со комитетите во Прилеп и Устово. 4. Сите членови на Братството ќе бидат примени во ТМОРО, откако ќе положат клетва. 5. Членовите на Братството треба да се откажат од членството во Благотворителното братство „Милосрдие“. 6. Долговите на Братството си остануваат на негова сметка и да престане да излегува весникот „Автономија“.[503]

По извесни колебања, Братството ги прифатило условите за помирување, со убедување дека Организацијата ќе работи под покровителство на ВМК во Софија. Камбуров ги убедил членовите на Братството дека со ослободителното дело ќе раководи ВМК, а исто така им ветил дека ќе стори сè Ѓ. Петров да биде вратен во Македонија.[504] Протоколот бил потпишан од претседателот на Братството И. Гарванов и од претседателот на ЦК на ТМОРО Х. Татарчев.[505] Биле потпишани два примерока од кои едниот останал во ЦК, а вториот потпишан и од Камбуров бил испратен до ВМК во Софија со датум 16. 09. 1899.[506] Протоколот во Софија пристигнал на 23. 09. 1899 година.[507]

И. Гарванов во писмото до К. Аврамов изразува незадоволство од условите под кои Братството било распуштено. Тој смета дека за време на преговорите Братсвото се нашло во подредена положба. Затоа тие морале да ги прифатат условите понудени од другата страна, „...ние бевме принудени да го избереме од двете зла помалото. Ние не диктиравме, туку баравме, а од оној што бара природно е да ти даде толку колку што тој сака и колку што нему му одговара“.[508] Гарванов искажал незадоволство и од притисокот што го извршил ВМК во врска со помирувањето. Но на крајот признава, дека на револуционерното дело во Македонија тие можат да му понудат само неколку идеални борци и два пункта во кои имало само признаци од Братството, но не и дисциплинирана организација. Неколкуте пушки и петте

---

[503]В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893 – 1903..., 167 – 168, В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 264.

[504] К. Пандев, Националноосвободителното..., 167.

[505] А. Аврамовъ, Неизнесени материяли..., 36.

[506] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 264.

[507] К. Пандев, Националноосвободителното..., 167.

[508] А. Аврамовъ, Неизнесени материяли..., 32.

револвера не претставуваат материјали на кои што може да има се даде значење.[509] Според тоа, очигледно е дека и самиот Гарванов сфатил дека неговото Братство во Солун, всушност не претставувала никаква организација, а уште помалку некаква втора революционерна организација. За разлика од него, И. Х. Николов смета дека со помирувањето меѓу Братството и ТМОРО конечно бил ставен крај на недоразбирањата.[510] Додека за Х. Силјанов, обидот на проегзархистите во Македонија да организираат нешто како полуреволуционерна сила, која што ќе се спротивстави на веќе постоечката ТМОРО немал никакво опрвдување, ниту теориско ниту практично. Затоа тој смета дека крајот на Братството не можел да заврши на друг начин, освен со капитулација.[511] Најголемиот противник за помирување на Братството со ТМОРО, Ѓ. Петров ваквата капитулација ја карактеризира како „втерување на волкот во трлото".[512] Колку Ѓорче бил во право ќе покаже времето и настаните што ќе се случат подоцна.

За помирувањето меѓу Братството и ТМОРО и влегувањето на неговите членови во Организацијата набрзо дознала и бугарската влада. Нејзиниот претставник во Солун трговскиот агент А. Шопов на 23. 09. 1899 испратил писмо до Д. Греков во кое го известува за успешно завршената мисија на Камбуров. Според него помирувањето оставило многу добар впечаток среде „малкуте Бугари" во Солун кои што знаеле за него. На 09. 10. 1899 година Шопов писмо со иста содржина му испраќа и на Т. Иванчов. Според Шопов Братството во неговото двеипол годишно постоење имало минорна улога среде македонското население во Солун, додека за негова поширока активност и распространетост речиси неможе да се зборува.[513]

Во ВМК биле задоволни од постигнатото помирување меѓу Братството и ТМОРО. Според тоа Сарафовиот комитет правел напори преку активното мешање во внатрешните работи на Организацијата да ја превземе нејзината внатрешна

---

[509] Исто, 31.

[510] Пречки и опасности..., 8.

[511] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония..., 128.

[512] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 130.

[513] К. Пандев, Националноосвободителното..., 167.

контрола. Затоа биле подржувани оделни амбициозни групи и отцепници со можност за привлекување на своја страна за да бидат вметнати во ТМОРО како надворешен елемент, кој што ќе послужи за остварување на нивните цели и амбиции.[514] Неговиот пратеник во Солун успешно ја завршил работата. Иако во тој период може да се зборува за некакво стабилизирање на односите меѓу комитетот во Софија и Организацијата, сепак намерите на ВМК да внесе „свои" луѓе во ЦК дале резултати. Веќе патот кон превземање на ЦК бил отворен, само се чекал моментот кога тоа ќе се случи.

Имајќи ги предвид сите околности, под кои дошла наводната „капитулација" на Братството, професорот В. Ѓорѓиев, со право го поставува прашањето зошто ЦК на ТМОРО прифатил помирување со Братството преку негово самораспуштање и вклучување на неговите членови во рдовите на Организацијата, во моменти кога Братствто било пред распаѓање.[515] Според него, во почетокот на 1898 година, ТМОРО ги добила општинските избори во Солун, а листата на проегзархиската групација поминала катастрофално. По интервенција на ЦК, главниот егзартхиски инспектор - В. К`нчов бил отстранет од служба при Егзархијата во Цариград, додека Наумов по атентатот врз неговата сопруга си заминал од Сер. Од друга страна, првата чета на Братството, се распаднала уште при нејзиното формирање. Бано Кушев од Прилеп се откажал од Братството, а истото ги загубило и своите позиции во Ахчелебиско. Покрај тоа, владата на К. Стоилов која била ментор и покровител на Братството, паднала во почетокот на 1899 година. Додека новиот состав на ВМК во тоа време наводно бил по мерка на ТМОРО. Во такви околности, зошто ЦК на ТМОРО не ги зел предвид предупредувањта на Ѓорче Петров. А сето тоа се случувало во време, кога ТМОРО реално била многу помоќна Организација. Според В. Ѓорѓиев, најверојатно ЦК на ТМОРО бил заморен од долгогодишната расправија со проегзархиската групација,[516] поради што би додале ние најверојатно не бил во состојба да согледа дека преку помирувањето со изнемоштениот волк, всушност истиот „го пуштил во

---

[514] Исто, 168.

[515] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 264-265

[516] Исто, 265.

кошарата". Најверојатно преку помирувањето ТМОРО сметала дека ќе симне еден голем товар од своите плеќи. Ваквата грешка на ЦК понатаму крајно негативно ќе влијае врз македонското ослободително движење.

### Вклучување на членовите на Братството во редовите на ТМОРО

Договорот за помирување меѓу Братството и ТМОРО бил потпишан. За да се стави крај на недоразбирањата и конфликтите меѓу двете Организации, тој предвидувал распуштање на Братството и инкорпорирање на неговите членови во редовите на ТМОРО.

За таа цел Гарванов издал окружно до сите членови на Братството во Македонија вклучувајќи и едно во Софија до К. Аврамов. Во окружното Гарванов ги изнел причините за постигнатото помирување. Притоа го замолил членството на Братството да им подаде рака на поранешните непријатели и да започнат задничка соработка.[517] Материјалите и кореспонденцијата што биле во архивата на Братството влегле во ВМК на Борис Сарафов. Подоцна, неговите долгови на име на К. Аврамов, биле вратени исто така од ВМК.[518] Неколку дена по распуштањето на Братството, П. Тошев ги заколнал Гарванов, Колушев, Самарџиев, Кондов, Мирчев, Тенчев и други поренашни чле̂нови од потесното раководство на Братството како нови членови на ТМОРО. Единствено К. Аврамов и Греков не го прифатиле помирувањето и останале на своите ставови и гледишта.[519] Две недели подоцна Ј. Кондов велегол во ЦК на ТМОРО, додека И. Гарванов бил кооптиран во Солунскиот окружен комитет.[520] Случајно или не, Кондов бил вклучен во ЦК поради неговата

---

[517]Спомени на: Иван Гарванов..., 206.

[518] Исто.

[519] Исто.

[520] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 264.

безидејност и недејствување. Во ЦК сметеле дека на тој начин ќе продолжат да ги држат уздите во свои раце. Додека со вклучувањето на агилниот и амбициозниот Гарванов во Солунскиот окружен комитет, тој би бил тргнат настрана од ЦК, но истовремено би го имале пред очи за да ја контролираат неговата активност. Но историјата ќе покаже дека ЦК направил голема грешка во однос на Гарванов. Преостанатите поранешни членови на Братството станале редовни членови во ТМОРО.[521] Со тоа и дефинитивно бил ставен крај на постоењето на Братството.

Во текот на ноември 1899 година Гарванов добил писмо од К. Аврамов дека не се согласува со развојот на настаните во врска со Братството во Солун. Како одговор на тоа, Гарванов му пишувал дека на сосема погрешен начин ги сфаќа работите и дека соработката со него ќе биде прекината.[522] Подоцна К. Аврамов нападнал луѓе од комитетот на ВМК на Борис Сарафов но во престрелката бил ликвидиран.[523]

Помирувањето меѓу двете Организации и влегувањето на потесното раководство на Братството во редовите на ТМОРО се случило како резултат на упорната работа и настојувањата на ВМК, но и по советите од бугарската влада и Егзархијата. Нивната цел била преку влегувањето на членството на Братството во Организацијата да си обезбезат достоен партнер во обидите за превземање на ЦК, а со тоа да остварат директно влијание и контрола врз македонското револуционерно движење, според потребите на бугарските политички интереси во Македонија. Од друга страна, ТМОРО била изморена од повеќегодишните борби со проегзархиските средини во Македонија. Покрај тоа, најверојатно луѓето во ТМОРО сметала дека преку помирувањето со Братството, ќе им стават крај на проблемите со Егзархијата при назначувањето на учителите – револуционери согласно потребите на ослободителното дело. Затоа И. Х. Николов и Х. Татарчев немале ништо против двајца членови на Братството да влезат во ЦК, но под услов да дадат заклетва. Како

[521] Димитар Мирчев, Спомени..., 91.

[522] Спомени на: Иван Гарванов..., 206.

[523] Исто.

што вели И. Х. Николов: „Тоа беше главната причина што долго време не можевме да се помириме“.[524]

[524] Пречки и опасности..., 8.

**Глава VIII**

# ПОСЛЕДИЦИ

По помирувањето на Братството со ТМОРО, И. Гарванов не бил задоволен од условите под кои тоа се случило. Но од друга страна, самиот признава, дека Братството не претставувало сериозна Организација, која што на македонското револуционерно движење не можела да му понуди друго, освен мала група на интелектуалци, неколку пушки и пет револвери, поради што тоа не неможело да претствува влијателен фактор.[525] Меѓутоа, главната цел за кој било формирано ги оправдала очекувањата. Начинот на кој што дејствувале неговите членови не претставувал ништо друго освен да и пркосат на ТМОРО во нејзината активност. Затоа, не случајно Ѓорче Петров се противел на помирување на ТМОРО со Братството, а уште помалку неговото членство да влезе во Организацијата. Тој бил свесен за ваквата ситуација и за поседиците од тоа, поради што вели дека „треба да се испоколат сите од Братството. Затоа што доколку им се излезе во пресрет на одредени групи и отпадници, утре ќе се појават други незадоволници внатре, кои пак ќе треба да се постават за големци, за да бидат задоволени нивните амбиции".[526] Нему му било јасно дека со помирувањето, ТМОРО не може да добие ништо добро, освен големата штета со трајни последици. Затоа тој помирувањето во буквална смисла го нарекува „втерување на волкот во трлото".[527] Оправданост кон ваквата изјава на Ѓорче гледаме од настаните што ќе се случат во 1901 и 1903 година. Настани што ќе предизвикаат тешки последици за самата Организација но и воопшто за револуционерно дело во Македонија.

---

[525] Асѣнъ Аврамовъ, Неизнесени материяли..., 31.

[526] Спомени на Борис Сарафов..., 142.

[527] Спомени на Гьорчо Петровъ..., 130.

Во ТМОРО сметале дека со положбата што му била дадена на И. Гарванов како член на Солунскиот окружен комитет неговата активност против Организавијата ќе бида минимизирана. Можеби навидум неговата дејност во периодот од распуштањето во септември 1899 до почетокот на јануари 1901 година изгледа минорна, но сепак тоа не било така. Иако Братството било распуштено, сепак наговите поранешни раководители потајно се надевале дека ќе успает да го превземат ЦК. Во една таква ситуација Б. Сарафов му ветил на Гарванов дека ќе неправи обид да го вовлече во ЦК.[528] Во прилог на тоа оди и активноста на Б. Сарафов да го преземе раководењето на македонското револуционерно дело во свои раце. Финансиски моќен тој почнал да врбува работници на ТМОРО за да ги придобие на своја страна.[529] Можеби во тој круг се нашол и Гарванов. Но ваквото ветување, дури и со својата активност, Сарафов не можел да го исполни, затоа што за тоа кој ќе влезе таму одлучувал ЦК како највисоко тело на Организацијата.

Поради неуспехот на Сарафов да го внесе Гарванов во ЦК, последниот се почувствувал измамен. Затоа, Гарванов стапил во врска со И. Цончев.[530] Преку овој маневар Гарванов гледал одлична можност да му се одмазди на Сарафов за измамата, но и на ЦК, што придонел за распуштење на Братството. Гарванов и Цончев се договориле, тој во името на ВМК да формира комитет во Македонија, кој што ќе работи против ТМОРО за превземање на ЦК.[531] Во тој период поради

[528] Крсте Битоски, Дејноста и улогата..., 82.

[529] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 303.

[530] Паралелно со раскинувањето на односите меѓу Гарванов и Сарафов, разидувања имало и меѓу Цончев и Сарафов. Спомени на Гьорчо Петровъ..., 128.

[531]Гарванов во Македонија успеал да формира повеќе врховистички кружоци во Битола, Прилеп, Охрид, Воденско, Кукушко, Гевгелиско и на други места. За таа цел биле активирани повеќе поранешни членови и активисти на веќе распуштеното Братство. Паралелно со тоа во Македонија биле формирани и врховистички чети, кои што и претеле на ТМОРО во нејзината дејност. Со тоа Гарванов преку подршката од Цончев дејствувал помоќно отколку во времето кога бил претседател на Братството. Додека ТМОРО наместо да ја минимизира неговата дејност во Македонија, тој продолжил да дејствува на нејзина штета. Исто, 128 – 130.

подршката што ја имал Гарванов од Цончевистите, тој значително зајакнал и ТМОРО повторно се нашла во борба со него и неговиоте приврзаници во Македонија.

За време на Солунската провала од јануари 1901 година членовите на ЦК на ТМОРО биле уапсени од османлиските власти.[532] И. Х. Николов во очекување на неговото апсење оптеретен од помислата дека ќе пропадне целиот труд околу революционерното дело во Македонија, ги повикал И. Гарванов и Спас Матринов и притоа им го објаснил начинот за воспоставување врска со внатрешноста и ВМК.[533] На втората средба била донесена одлука да бидат испратени пет бланко полномоштва до ВМК со печат од ЦК во случај на востание да бидат активирани офицерите.[534] На тој начин И. Х. Николов несвесно ја предал Организацијата на нивните поранешни идејни противници. Сфаќајќи ја грешката што ја направил веднаш по притворањето посегнал по својот живот, пресекувајќи си ја радијалната артерија.[535] Задоволството во ВМК било големо, сметајќи дека веќе во свои раце го имаат ЦК. Затоа Сарафов провокативно мафтал со полномоштвата пред Г. Делчев и Ѓ. Петров.[536]

Конечно неколку години по формирањето на Братството се остварила посакуваната цел. ЦК на ТМОРО паднал во рацете на поранешното раководство на Братството на чело со неговиот поранешен претседател, И. Гарванов. По Солунската провала во 1901 година бил формиран нов ЦК на чело со И. Гарванов, а покрај него се нашле уште Д. Мирчев и С. Мартинов (сите поранешни членови на Братството).[537] Речиси во исто време поради аферата „Михаљану" и притисокот што го имала Бугарската влада од меѓународната јавност поради тоа, на 23. 03. 1901 година го притворила претседателот на ВМК Б. Сарафов. На VIII Конгрес на македонската емиграција во Бугарија во април 1901 година бил формиран нов ВМК на чело со

---

532 Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 321 – 322.

533 Спомени на: Иван Гарванов..., 209.

534 Исто.

535 Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 327.

536 Исто, 340.

537 Исто.

Стојан Михајловски. Всушност С. Михајловски претставувал фигура која требало да го подготви теренот за вклучување на И. Цончев во ВМК.[538] Од друга страна И. Цончев бил доста близок со кнезот Фердинанд, па на тој начин бугарската влада успеала да постави свои луѓе во двете македонски организации (ТМОРО и ВМК), сметајќи дека ја има целосната контрола врз нив и македонското револуционерно движење.

ЦК на чело со И. Гарванов активно работел за забрзување на постапката за кревање на долгоочекуваното востание. Подршка имал и од Задграничните претставници Х. Матов и Х. Татарчев. Во прилог на тоа одело и нетрпениeто на македонското население водено од желбата за конечно ослободување од прангите на Османлиската империја. Одлуката за востание единствено можела да биде донесена на Конгрес како највисоко тело на Организацијата. За таа цел на 24. 12. 1902/06. 01 1903 година било испратено окружно до околиските комитети и ЗП со образложение „неиздржлива положба", при што биле повикани делегати за претстојниот конгрес.[539] Конгресот се одржал на 2, 3 и 4. 01/15, 16 и 17. 01. 1903 година. На блед, анемичен и фингиран начин одлуката за востание била донесена на последниот ден од заседавањето на Конгресот.[540] Со тоа на И. Гарванов му се остварила желбата во негов мандат како претседател на ЦК да биде донесена историски важната одлука за востание во Македонија.

Со постоењето на Револуционерното братство и дејноста на неговите членови последиците по ТМОРО и револуционерното дело во Македонија се евидентни. Организацијата претрпела огромни штети, а со тоа и македонскиот народ. Бугарскиот менталитет кај неговите раководители не изостанал. Наместо да работат во корист на делото, тие активно работеле за остварување на големобугарските идеи и интереси.

---

[538] Исто, 345 – 347.

[539] Исто. Д-р Христо Татарчев, Вътрешната македоно – одринска революционна организация..., 129.

[540] Димитар, Димески, Гоце Делчев..., 273 – 279.

# ЗАКЛУЧОК

Во втората половина на XIX век продолжува трендот на губењето територии на Османлиската империја и формирањето нови држави на Балканот. Во 70 – тите години од XIX век Бугарите добиваат своја црква во ликот на Бугарската Егзархија, а нешто подоцна и своја автономна држава. Населението во Македонија долги години ја трпело тортурата на Цариградската патријаршија, па со формирањето на Егзархијата (која што поради црковно – словенскиот јазик му била поблиска), гледало можност да ја отфрли нејзината јуриздикција. Затоа од двете зла населението во Македонија го одбрало „помалото". Со зголемувањето на бројот на егзархиските епархии на територијата на Македонија, воедно се зголемиле и апетитите на властите во Софија за територијално проширување кон Македонија, со надеж дека може да се повтори 1885 година (кога било извршено припојувањето на Источна Румелија со Бугарија). За таа цел властите во Софија, во Егзархијата гледале одличен инструмент каде што преку превземање на црковно – училишно дело би ги оствариле зацртаните цели.

На патот на Бугарската влада и Егзархијата во остварувањето на големобугарските идеи се испречила Македонската револуционерна организација, која што имала за цел да го превземе црковно – училишното дело во Македонија под нејзина контрола и преку кревање на сеопшто востание да издејствува автономија, а подоцна и независност. Спротивните погледи на МРО и проегзархиските средини во Македонија во однос на револуционерното дело ќе доведат до отворен меѓусебен судир. Влијанието на МРО кај македонското население ќе доведе до значително ослабнување на позициите на Егзархијата во Македонија. За да го консолидира своето влијание, Егзархијата со поддршка од бугарската влада презела иницијатива, која резултирала со формирање на **Тајното бугарско революционерно братство.**

Тајното братство иако опстојува краток период на историска сцена (околу две и пол години), сепак е доста значајно за македонската историја. Братството првично било замислено како Револуционерна организација која што ќе ја одврати МРО од лошиот пат по кој врвела. Но со текот на времето и според дејствувањето на неговите раководители и членови, јасно може да се види дека всушност тука постои една задскриена намера за превземање на раководството на МРО и инфилтрирање на неговите членови внатре во Организацијата. Доволни факти за целите и намерите на Братството се начинот на агитација и дејствување на неговите членови во корист на бугарската пропаганда во Македонија. Од друга страна веќе биле воспоставени контактите со ВМК во Софија, Организација на македонската емиграција во Бугарија која исто така претендирала да воспостави контрола врз МРО и да го превземе нејзиното раководство. Па според тоа во Братството било гледано како на сојузник кој ќе работи за остварување на бугарските интереси во Македонија. Голем подржувач на Братството бил и бугарскиот премиер Константин Стоилов, кој бил почесен челен во Благодетелното братство „Милосрдие". Врската на владата во Софија со раководството на Братството бил неговиот покровител, бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов преку кој што се одвивала целата кореспонденција.

Но во Македонија веќе опстојувала ТМОРО, Организација која што на широка врата била прифатена од македонското население. Затоа големобугарските идеи пропагирани од страна Братството на штета на ТМОРО и на револуционерното дело или во целост биле отфрлени или многу малку прифатени од мала група на негови приврзаници во внатрешноста на Македонија. Ваквиот однос на раководителите и членовите на Братството ќе предизвика отворен судир со Организацијата. Судирот добил интензитет до таа мера што и во двете Организации се размислувало за елиминација на нивните највидни членови. Доволен пример за тоа е убиството на Христо Ганов во судирот на Братството со српската пропаганда. Па според тоа можеме да заклучиме дека со својот однос раководителите на Братството единствено предизвикуваат раздор во Македонија на штета на револуционерното дело.

Губејќи ја подршката од сите страни, Братството се нашло во тешка ситуација. Моралот кај неговите членови опаднал, финансиската состојба била на лошо ниво, борбата со далеку помоќната МРО се чувствувало дека ќе биде загубена. ВМК на Х. Станишев не прифакал постоење на две паралелни Револуционерни организации во Македонија, стоејќи на ставот дека Комитетот во Софија ќе смогне сили да ја превземе Организацијата во свои раце. Новиот ВМК на А. Радев се обидувал да се занимава со покрупни работи со цел да ја заживее дејноста на Комитетот, додека работите околу Братството биле ставени во втор план. По падот на К. Стоиловата влада во Софија, Братството се нашло во уште понезавидна состојба, бидејќи ја изгубило подршката од бугарската влада и неговиот најголем покровител веќе експремиерот Столилов. При таквата положба на Братството, единствено неговиот претседател И. Гарванов смогнал сили да бара помош надвор од границите на Македонија кај неговите покровители во ВМК, бугарската влада во Софија и кај Егзархот во Цариград. На сите места бил пречекан ладнокрвно и притоа му било сугерирано помирување со ТМОРО. Во сугестиите до Граванов за помирување со Организацијата постоела една задскриена маска со што се предвидувало инкорпорирање на членовите на Братството во редовите на ТМОРО и со текот на времето превземање на нејзиното раководство од проегзархиските средини во Македонија блиски со големобугарските идеи.

Всушност тоа и се случило. Помирувањето меѓу двете Организации било потпишано во септември 1899 година од страна на нивните раководители под медијаторство на ВМК на Б. Сарафов. Додека улогата на медијатор ја вешто ја одиграл И. Камбуров. Со тоа бил ставен крај на постоењето на Братството. ТМОРО сметала дека со поставувањето на Гарванов за член на Солунскиот окружен комитет полесно ќе ги има пред очи, а воедно и ќе ја неутрализира неговата дејност против Организацијата, додека неагилниот и беззначајниот Ј. Кондов го поставила за член на ЦК. Но со текот на времето историјата ќе покаже дека ТМОРО направила голема грешка со „втерувањето на волкот во трлото".

Со текот на времето иако повеќе Братството не постоело, сепак дејноста на Гарванов и луѓето околу него тука не застанала. Неговата моќ уште повеќе се

зголемила, при што бил во можност да кокетира со ВМК на Б. Сарафов, а подоцна и со ВМК на Цончев – Михајловски. Амбициите му се зголемиле со што бил цврсто решен да застане на чело на Организацијата. Желбата му се исполнила за време на Солунската провала од јануари 1901 година кога речиси целиот ЦК на ТМОРО бил приведен, а неговите членови интернирани во затворот во Подрум Кале. Во таа прилика од страна на И. Х. Николов ги добива печатот, шифрите на Организацијата и четири бланко полномошна во случај на востание да се дејствува. Подоцна бил формиран и нов ЦК на чело со Гарванов. Но тој тука не застанал. Негова најголема желба била во негово време како претседател на ЦК да биде донесена одлуката за востание во Македонија и покрај противењата на Г. Делчев, Ѓ. Петров и други видни дејци. Ваквата одлука била санкционирана на Солунскиот конгрес од јануари 1903 година.

Од напред изнесеното можеме да заклучиме дека Тајното бугарско револуционерно братство иако во негативна конотација има значајно место во македонската историја. Иако на историска сцена опстојува доста краток перид, сепак тоа претставува своевиден тест за способноста на ЦК да се справи со сите пречки во остварувањето на зацртаните цели. Но најверојатно заморот на раководството на ЦК поради долгогодишната борба со проегзархиските средини (од каде што и произлегува Братството) ќе придонесе да потклелне пред големобугарските налети. Штетата по револуционерното дело во Македонија нанесена од дејците на Братството е непоправлива и се чувствува и ден денес.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## Објавени документи:


Аврамов А., Неизнесени материяли по освободителното движение в Македония, Илиндень 1903–1929. Сборник в памет на голямото македонско въстание, Издава Македонско студентско дружество „Вардаръ“, София, 1929.

Билярски Цочо, Вътрешната македоно–одриска ревоюционна организация (1893 – 1919) – Документи на централните ръководни органи, том 1 част 1, Билярски Цочо, Вътрешната македоно–одриска ревоюционна организация (1893–1919) Документи на централните ръководни органи, том 1 част 1, УИ "Св. Климент, Охридски София, 2007 г.

Билярски Цочо, Н. Недкова, Документи за националноосвободителните борби в Македния и Одринско от архива на Иван Йосивчев (1898-1912), книга 5, Вис, 1987.

Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници, превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓорѓиев, Табернакул, Скопје, 2006.

Георгиев Величко, Трифунов Стайко, История на Българите в документи 1978-1944, том 1, 1878–1912, част втора, Просвета, София, 2002 г.

Даме Груев–Спомени. Кореспонденција, Предговор, съставителство и бележки: Цочо Билярски, Библиотека „Памет“, София, 1999.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, том I, Универзитет „Кирил и Методиј“ Факултет за филозофско–историски науки, Скопје 1981.

Ѓорѓиев Ванчо, ВМРО 1893–1903 (поглед низ документи), Матица македонска, Скопје, 2013.

Иван Гарванов – Спомени, документи, материали, Съставители: Валентин Китанов и Цочо Билярски, Македонски научен институт София, 2005.

Караманджуков Христо, Родопа през Илинденско – преображденското въстание (спомени и домументи), Издателство на Отечествения Фронт, София, 1986.

Княжество България и македонският въпрос, Протоколи од конгресите на Върховния Македоно–одрински комитет 1895–1905, том I, Българска историческа библиотека, 5, Иврай, София, 2002.

Лапе Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел , (трето дополнето и проширено издание), Скопје, 1975.

Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861–1913–документи (редакција и коментар Михајло Миноски), Матица Македонска, Скопје, 2000.

Николов Борис, Цветков Марио и Станчев Васил, Иван Гарванов–Венча се за Македония, Пантеон на българската дъжавност и култура, Стара Загора, 1995 г.

Църнушанов Коста, Новооткрити писма на Дамян Груев, Известия на Института за военна история. Военно-историческо научно дружество, т. 47, София, 1989.

Шопов Атанас, Дневник, дипломатически рапорти и писма, Съставител: Илия Пасков, София, 1995 г.

**Литература:**

Андонов–Полјански Христо, Христо Узунов–Драмата во Цер, Завод за заштита на спомениците на културата и народен музеј–Охрид, Охрид, 1985.

Албумъ–алманахъ „ Македонија", Урежда редакциненъ комитетъ, Фондация ВМРО, София, 1931

Георги Баждаров, Моите Спомени, Ангел Джонев–предговор, съставителство и бележки, Институт „Българија–Македонија", София, 2001.

Биляарски Цочо, Христо Матов–Историческото съзнание на Революциона Македония.

Битоски Крсте, Дејноста и улогата на „Револуционерното" братство во Македонската револуционерна организација, Историја, XI/2, Скопје, 1975.

Битоски Крсте, Македонија и кнежеството Бугарија (1893–1903), ИНИ, Скопје, 1977.

Български периодичен печат 1844–1944. Анотиран библиографски указател, том 3, Български библиографски институт „Елин Пелин", Наука и изкуство, София, 1962.

Борбите в Македония и Одринско 1878–1912, Спомени, Български писател, София, 1996.

Влахов Димитар, Меомоари, Скопје, Заедница на издавачка дејност при НИП „Нова Мекедонија" 1970.

Вътрешната македоноодринска революционна организация през погледите на нейните основатели, Спомени на: Дамян Груев, д-р Христо Татарчев, Иван Хаджиниколов, Антон Димитров и Петър Попарсов, Съставителство, предговор и бележки с. г. н. н. Тодор Петров, к. и. н. Цочо Билярски, Военно издателство, София, 1995.

Движението отсамъ Вардара и борбата съ врховиститѣ, По спомени на: Яне Сандански, Чернъо Пѣеевъ, Сава Михайловъ, Хр. Куслевъ, Ив. Анастасовъ Гърчето, Тетъръ Хр. Юруковъ и Никола Пушкаровъ, Сообщава: Л. Милетич, Издава: Македонскияиъ наученъ институтъ София, 1927.

Димевски Славко. Историја на Македонската православна црква, Македонска книга, Скопје, 1989.

Димевски Славко, Македонското националноослободително движење и егзархијата (1893–1912), Скопје, „Култура" 1963.

Димевски Славко, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија, „Култура", Скопје, 1960.

Димески Димитар, Гоце Делчев, „Матица македонска", Скопје, 1994.

Д-р Димески Димитар, Гоце Делчев, „Матица македонска", Скопје, 2003.

Димески Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает 1893–1903, II издание, НИО „Студентски збор" Скопје, 1982.

Димитровъ Лазаръ, Презъ време на учителствуването ми въ Солун, Ил. Илинденъ, XIV/10 (140), Софија, 1942

Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт–Македонското национално ослободително движење во Солунскиот вилает 1893 – 1903, Табернакул, Скопје, 2003.

Ѓорѓиев Ванчо, Петар Поп Арсов, Прилог кон проучувањето на Македонското националноослободително движење, „Матица македонска", Скопје, 1997.

Ѓорѓиев Ванчо, Подземната република–Дамјан Груев и Македонското револувионерно движење, Скопје, 2010.

Зографов Н., Строежа на живота, София, 1927.

Камчевски Петре, Револуционерното движење во Тиквешијата до Балканските војни, „Музеј–галерија", Кавадарци, 1995.

Карамфиловъ Д. Вл., Единъ споменъ отъ Солунската гимназија, сб. Илинденъ, София, 1926.

Китанов Валентин, Революционната дейност на Иван Гарванов до 1903, Македонски преглед, година XXVII, број 4, София, 2004.

Къосев Дино, Гоце Делчев–Писма и други материали, Издателство на Българската академия на науките, София, 1967.

Къосев Дино, История на Македонското национално ревоюционно движение, Издателство на националния сЬвет на отеђестрвения фронт, София, 1954.

Макдермот Мерсия, Свобода или смртъ. Биография на Гоце Делчав, (Превод: Иван Измирлиев), Наука и изкуство, София, 1979.

Мѣрки за засилване на Революционната организация (Из запискитѣ на Ив. х. Николовъ)–Съобщава Хр. Шалдевъ, Ил. Илинденъ VIII/2 (72), София, 1936.

Освободителните борби на българите от Македония в спомените на дейци на Вътрешната мекедоно–одринска революционна организация, Записал: Боян Мирчев, Съставителство: Ива Бурилкова, Цочо Билярски, ИК „Синева", София, 2003.

Основането на ВМРО (изъ запискитђ на Иванъ Х. Николовъ), сообщава Хр. Шалдевъ, Ил. Илинден VIII/1 (71), София, 1936.

Пандев Константин, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878–1903, Издателство Гутенберг, 2000.

Пандевски Манол, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, том први, „Мисла" Куманово, 1987.

Пандевски Манол, Стоев–Трнката Ѓорѓи, струмица и струмичко низ историјата, Оштински одбор на Сојузот на здружението на борците од НОБ – Струмица, Струмица, 1968.

Парижков Петър, Революциоенерот–книжар Иван Хаджиниколов–в. „Възрожденски книжар", Софија, 1980.

Пасков Румен, Борис Сарафов 1872–1907, Спомени, Св. Климент Охридски, София, 1996.

Петров Ѓорче, Македонското ослободително дело, (редакција: Гане Тодоровски), „Мисла", Скопје, 1971.

Пери Данкан, Политика на теророт – Македонското револуционерно движење 1893 – 1903, Скопје, 2001.

Първиятъ централен комитетъ на ВМРО, Спомени на д-р Христо Татарчевъ, Собщава: Л. Милетич, Издава „Македонскиятъ Наученъ Институтъ", София, 1928.

Пречки и опасности (Из записките на Ив. Х. Николов), Ил. Илинден, 2 (82), София, 1937.

Прилеп и прилепско низ историјата–од праисторијата до крајот на Првата светска војна, книга прва, ИНИ–Скопје, Издание на општинското собрание и на сојузот на здруженијата на борците од НОВ–Прилеп, Прилеп, 1971.

Силянов Христо, Освободителнитѣ борби на Македония, том I, Издателство на Илинденската Организация, София, 1933.

Спомени на Андон Кьосето, Анастес Лозанчев, Григор Попев, Аргир Манасиев, Христо Пасхов, Мите Хаджимишев, Кръсто Лазаров, Екатерина Паница, Македонија в пламъци, Съставителство: Ива Бурилкова и Цочо Билярски, ИК „Синева" София, 2003.

Спомени на Дамян Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иван Гарвановъ, Сообщава: Л. Милетич, София, 1931.

Спомени на Гьорчо Петровъ, Съобщава Любомиръ Милетичъ, Материяли за историята на македонското освободително движение, Книга VIII, София, 1927.

Спомени на Димитар Мирчев, Државен архив на Р. М., предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Издава: Државен архив на Македонија, Скопје, 2010.

Спомени: И. Х. Николов, Д. Груев, Б. Сарафов, М. Герџиков, д-р Х. Татарчев, „Култура", Скопје, 1995.

Спомени на: С. Арсов, П. Кљашев, Л, Церов, Г. П. Христов, А. Андреев, Г. Папанчев, Л. Димитров, Стручна редакција: Д-р Иван Катарџиев, „Култура", Скопје, 1997.

Д-р Татарчев Христо, Вътрешната македоноодринска ревоюционна организация като митология и реална същност, Съставители: Цочо Билюрски и Валентин Китанов, Македония прес, София, 1995.

Трајановски Александар, Бугарската Егзархија и македонското националноослободително движење (1893–1908), „Култура", Скопје, 1982.

Христов Крум, Гоце Делчев, Политички и литературни издания, 1959.

Шалдевъ Христо, Екзархъ Иосифъ I за задачата на Екзархията следъ 1878 година, Ил. Илинденъ, VIII/2 (72), София, 1936.

Шалдевъ Христо, Градъ Прилѣп за своитѣ училища, Македонски преглед, I/2, София, 1924.

Шатев Павел, В Македония под робство, Солунското съзаклятие (1903 г.) Издателство на Отечествения фронт, София, 1983.

## СОДРЖИНА

ВОВЕД; 1

Глава I
ПРОСВЕТНАТА ПОЛИТИКА НА ЕГЗАРХИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА И НЕЈЗИНИОТ ПОГЛЕД КОН МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ; 3

Глава II
МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА (МРО) И НЕЈЗИНИОТ ОДНОС КОН ЕГЗАРХИСКАТА ЦРКОВНО ПРОСВЕТНА ПОЛИТИКА ВО МАКЕДОНИЈА; 19

- Појава и развој на Македонската револуционерна организација (МРО); 19
- Борбата на МРО за преземање на контролата во егзархиските црковно – училишните општини; 24
- Судирот на МРО со проегзархиските средини; 36

Глава III
ФОРМИРАЊЕ НА ТАЈНОТО БУГАРСКО РЕВОЛУЦИОНЕРНО БРАТСТВО (ТБРБ) И НЕГОВАТА ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ; 46

- Претпоставки за појавата на Братството; 46
- Формирање на Тајното бугарско револуционерно братството; 51
- Организациска структура; 61
- Првите чекори на Братството и обидите за воспоставување на мрежа во внатрешноста на Македонија; 65

Глава IV
ОДНОСИТЕ ПОМЕЃУ ТАЈНОТО БУГАРСКО РЕВОЛУЦИОНЕРНО БРАТСТВО И ТАЈНАТА МАКЕДОНО – ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ( ТМОРО ); 72

- Ставот на Братството кон македонското револуционерно движење и македонското прашање; 72
- Ставот на Братството кон српската пропаганда и судирот со неа; 75
- Заострување на односите меѓу Братството и ТМОРО; 80

Глава V
ВРХОВНИОТ МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ И ТАЈНОТО БУГАРСКО РЕВОЛУЦИОНЕРНО БРАТСТВО 1898 – 1899; 87

- Односите на Братството со комитетот на Александар Радев 1898 – 1899 година; 87
- Односите на Братството со ВМК на Борис Сарафов 1899 година; 93

Глава VI
БУГАРСКАТА ВЛАДА, ЕГЗАРХИЈАТА И БРАТСТВОТО; 95
- Улогата на бугарската влада во креирањето на политиката на Братството во Македонија; 95
- Бугарската егзархија и Братството; 99

Глава VII
САМОРАСПУШТАЊЕ НА БРАТСТВОТО И НЕГОВОТО ИНКОРПОРИРАЊЕ ВО ТМОРО; 105
- Првични преговори; 105
- Мисијата на Гарванов во Софија и Цариград; 106
- Распуштање на Братството; 110
- Вклучување на членовите на Братството во редовите на ТМОРО; 116

Глава VIII
ПОСЛЕДИЦИ; 119

ЗАКЛУЧОК; 123

БИБЛИОГРАФИЈА; 127

СОДРЖИНА